ЗАБЕЛЕШКА: Нивото на разладното средство мора да биде помеѓу линиите "Max Cold" (макс. ладно) и "Min Cold" (мин. ладно). Ако разладното средство е под линијата "Min Cold" (мин. ладно), додајте разладно средство по потреба.



H105923 —UN—05OCT12

A—Линија Max Cold (макс. ладно)

OUO6075,00041CB -A8-11APR16-1/1

Систем за гориво

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да извршувате работи за одржување на филтрите за гориво.

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека садот на предчистачот е целосно поставен за да се спречи навлегување на воздух во системот за гориво.

Затворете го вентилот за запирање на гориво на резервоарот за гориво.

Отстранете го садот на предчистачот (A) и исчистете ја преградата ако е користено нечисто гориво.



H98377 —UN—30SEP10

Сад за предчистачот на гориво

A—Сад на предчистачот

Продолжува на следната страница

OUO6075,0004675 -A8-20MAR17-1/3

Ниво 2/фаза II

Отворете го вентилот (A) за да го проверите системот за гориво дали има вода во примарниот филтер (B).

Само Стил A: Отворете го вентилот (C) за да го проверите системот за гориво дали има вода во секундарниот филтер (D).

Ако проблемот останува, сменете ги филтерите за гориво. Погледнете одржување—Според потребното, за повеќе информаци делот за течности кај моторот и филтери.

A—Одвод
B—Главен филтер за гориво
C—Одвод
D—Второстепен филтер за гориво



H104937 —UN—28FEB12

Стил A



H104938 —UN—28FEB12

Стил B

OUO6075,0004675 -A8-20MAR17-2/3

Конечно ниво 4/фаза IV

Отворете го вентилот (A) за да го проверите системот за гориво дали има вода во примарниот филтер (B).

Ако проблемот останува, сменете ги филтерите за гориво. Погледнете одржување—Според потребното, за повеќе информаци делот за течности кај моторот и филтери.

A—Одвод
B—Главен филтер за гориво



H104939 —UN—28FEB12

Стил A



H104940 —UN—28FEB12

Стил B

OUO6075,0004675 -A8-20MAR17-3/3

Одушник на резервоарот за гориво

Визуелно проверувајте го еднаш неделно одушникот на резервоарот за гориво (A). Не дозволувајте зголемени количини плева или остатоци да се собираат во одушникот. Ако одушникот е покриен со отпадоци, тоа не дозволува резервоарот за гориво да оддишува. Извадете го одушникот на резервоарот за гориво од цревото и исчистете го.

A—Одушник на резервоарот за гориво



H106003 —UN—23OCT12

OUO6075,00012CA -A8-27JUN13-1/1

Оддишник на резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF) (конечно ниво 4/фаза IV)

Визуелно проверувајте го оддишникот на резервоарот (A) на течноста за издув на дизел моторот (DEF), седмично. Не дозволувајте зголемени количини плева или остатоци да се собираат во одушникот. Доколку оддишникот е покриен со нечистотија, тоа не му дозволува на резервоарот да диши. Отстранете го оддишникот од цревото и исчистете.

A—Оддишник на резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF)



H106799 —UN—05FEB13

OUO6075,00013BC -A8-27JUN13-1/1

Положби на лопатката за воздух на моторот

ЗАБЕЛЕШКА: Пред работа во поле, проверете го лостот за воздух на моторот да е поставен во избраната положба за работа во поле.

Отстранете го заклучувачкиот клин (A) и завртете го делот за вшмукување на воздух во моторот во посакуваната положба.

Положба за транспорт:

ВАЖНО: Лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за транспорт кога за тоа важат локалните сообраќајни прописи. Почитувајте ги локалните прописи кои важат во вашата држава.

Осигурете дека лопатката за воздух на моторот е поместена во положба за транспорт (1) кога машината мора да биде транспортирана.

За понатамошни информации, погледнете во Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за транспорт) во ова поглавје.

Положба за стандардна теренска работа:

ВАЖНО: Лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за стандардна теренска работа кога се врши жнеење за да се спречи прегревање на моторот.

Осигурете дека лопатката за воздух на моторот е во положба за стандардна теренска работа (2) кога работите во нормални теренски услови.

За понатамошни информации, погледнете во Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за стандардна теренска работа) во ова поглавје.

Положба за продолжена теренска работа:

ВАЖНО: За да се спречи прегревање на моторот, лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за продолжена теренска работа кога се врши жнеење во услови на висока надворешна температура и/или на површини со голема надморска висина.



H114497 —UN—10JUN15

A—Клин за блокирање
1—Положба за транспорт
2—Положба за стандардна теренска работа
3—Положба за продолжена теренска работа

Осигурете дека лопатката за воздух на моторот е во положба за продолжена теренска работа (3) за зголемен капацитет на ладење кога вршите жнеење во услови на висока надворешна температура и/или на површини со голема надморска висина.

За понатамошни информации, погледнете во Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за продолжена теренска работа) во ова поглавје.

SS43267,000061F -A8-10JUN15-1/1

Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за стандардна теренска работа)

H114498 —UN—10JUN15



H111378 —UN—06JUN14

Положба за транспорт

A—Клин за блокирање

B—Отвори

C—Навртки, M8 (употребени се 2)

D—Носач

ВАЖНО: Лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за стандардна теренска работа кога се врши жнеење за да се спречи прегревање на моторот.

1. Отстранете го заклучувачкиот клин (A) и поместете го делот за вшмукување на воздух во моторот на надвор за отворите (B) да се порамнат.
2. Инсталирајте го претходно отстранетиот заклучувачки клин.
3. Отстранете ги навртките (C) и држачот (D).
4. Поставете ги претходно отстранетите навртки назад на завртките со глава.

Продолжува на следната страница

SS43267,0000620 -A8-10JUN15-1/2



H111392 —UN—06JUN14



H111393 —UN—06JUN14

Положба за стандардна теренска работа

A—Завртка со глава, M8 x 40
B—Носач
C—Носач
D—Навртки, M8 (употребени се 2)

5. Поместете го лостот за воздух нанадвор и поставете ја завртката со глава (A) низ држачот (B) како што е прикажано.
6. Поставете го држачот (C) како што е прикажано и прицврстете со навртките (D).

SS43267,0000620 -A8-10JUN15-2/2

Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за продолжена теренска работа)

H114499 —UN—10JUN15



H111386 —UN—06JUN14

Положба за транспорт

A—Клин за блокирање
B—Отвори
C—Завртки со глава, M8 x 25 (употребени се 3)
D—Плоча
E—Навртка, M8 (употребени се 2)
F—Носач

ВАЖНО: За да се спречи прегревање на моторот, лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за продолжена теренска работа кога се врши жнеење во услови на висока надворешна температура и/или на површини со голема надморска висина.

1. Отстранете го заклучувачкиот клин (A) и поместете го делот за вшмукување на воздух во моторот на надвор за отворот (B) да се порамни.
2. Инсталирајте го претходно отстранетиот заклучувачки клин.
3. Отстранете ги и сочувајте ги завртките со глава (C) од панелот (D).
4. Отстранете ги навртките (E) и носачот (F).

Продолжува на следната страница

SS43267,0000621 -A8-10JUN15-1/3



H111394 —UN—06JUN14



H111395 —UN—06JUN14

Положба за продолжена теренска работа

A—Навртки, M8 (употребени се 2)
B—Завртки со глава, M8 x 40 (употребени се 2)
C—Носач
D—Носач
E—Навртки, M8 (употребени се 2)

5. Поставете ги претходно отстранетите навртки (A) назад на завртките со глава.
6. Поместете го лостот за воздух нанадвор и поставете ја завртката со глава (B) низ држачот (C) како што е прикажано.
7. Поставете го држачот (D) како што е прикажано и прицврстете со навртките (E).

SS43267,0000621 -A8-10JUN15-2/3

8. Поставете го претходно отстранетиот панел (A) и прицврстете со завртките со глава (B).

A—Плоча
B—Завртки со глава, M8 x 25 (употребени се 3)



H111396 —UN—06JUN14

SS43267,0000621 -A8-10JUN15-3/3

Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за транспорт)

H114500 —UN—10JUN15



H111374 —UN—06JUN14

Положба за стандардна теренска работа

A—Клин за блокирање
B—Отвори
C—Завртки со глава, M8 x 40 и навртки, M8 (употребени се 2)
D—Носач

ВАЖНО: Лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за транспорт кога за тоа важат локалните сообраќајни прописи. Почитувајте ги локалните прописи кои важат во вашата држава.

ЗАБЕЛЕШКА: Пред да работите на терен, лопатката за воздух на моторот мора да биде поместена во избраната положба за теренска работа.

1. Отстранете го заклучувачкиот клин (A) и поместете го делот за вшмукување на воздух во моторот на внатре за отворите (B) да се порамнат.
2. Инсталирајте го претходно отстранетиот заклучувачки клин.
3. Отстранете ги и сочувајте ги завртките со глава и навртките (C) и држачот (D).

Продолжува на следната страница
SS43267,0000622 -A8-10JUN15-1/2



H111390 —UN—06JUN14



H111391 —UN—06JUN14

Положба за транспорт

A—Носач
B—Завртка со глава, M8 x 40
C—Навртка, M8
D—Носач
E—Навртки, M8 (употребени се 2)
F—Завртка со глава, M8 x 40 и навртка, M8

4. Поместете го лостот за воздух навнатре и поставете ја завртката со глава низ држачот (A) како што е прикажано и прицврстете со навртка (C).
5. Поставете го претходно отстранетиот држач (D) и прицврстете со навртките (E).
6. Поставете ја претходно отстранетата завртка со глава и навртка (F) на држачот како што е прикажано.

SS43267,0000622 -A8-10JUN15-2/2

Чистење на одделот за мотор

ВНИМАНИЕ: Не чистете го моторот или оддел за моторот додека моторот работи. Нечистота, масло, плева и отпад од култура во оддел за моторот и на моторот може да предизвикат пожар. Насока на ветер, вид на култура и содржината на влага од содржина може да имаат влијание врз тоа каде и колку многу се наталожуваат отпад и плева. Почесто го преверувајте и чистете ова пордачје.



H95319 —UN—11FEB10

OUO6075,0000575 -A8-17MAR10-1/1

Безбедно чистење на филтерот за издувни гасови

За време на чистењето на филтерот на издувните гасови, моторот може да работи со зголемен празен од и да постигне високи темеператури за продолжен временски период. Издувните гасови и компонентите на филтерот на издувните гасови се загреваат до температура што може да ги изгори луѓето, како и да ги запали или растопи најчестите материјали.

Држете ја машината подалеку од луѓе, животни или структури кое може да бидат оштетени од жешките издувни гасови или компонентите. Избегнувајте потенцијални пожари или опасности од експлозии од запаливи материјали и пареа од издувните гасови. Држете го отворот за издувни гасови подалеку од луѓе и од работи кои можат да се стопат, запалат или експлодираат.

Набљудувајте ја машината и околниот простор за отпадок од тлеење за време на и по завршувањето на чистењето на филтерот на издувните гасови.

Додавањето на гориво додека работи моторот може да предизвика пожат или опасност од експлозија. Секогаш исклучете го моторот пред полнење на машината со гориво и исчистете го истуреното гориво.

Секогаш осигурете се дека моторот е исклучен кога ја влечете машината на камион или приколка.

Допирот со компонентите на издувниот систем додека е жешок може да предизвика сериозни лични повреди.

Избегнувајте контакт со овие компоненти додека тие се изладат на безбедна температура.

Ако постапката за сервисирање има потреба од моторот да работи:

- Вклучете ги само оние погонски делови кои се наведени во постапката за сервисирање
- Осигурете се дека нема други лица во близина на платформата на возачот и машината

Држете ги рацете, стапалата и облеката далеку од погонските делови.

Секогаш оневозможете го движењето (неутрална положба), вклучете ја сопирачката или механизмот за паркирање и исклучете го напонот кон приклучните уреди или алатките пред да ја напуштите платформата на возачот.

Исклучете го моторот и извадете го клучот (ако постои) пред да ја оставете машината без надзор.



TS227 —UN—15APR13
TS271 —UN—23AUG88
TS1693 —UN—09DEC09

OUO6075,0000E81 -A8-07FEB12-1/1

Избегнувајте ги врелите издувни гасови

Сервисирање на машината или на приклучните уреди додека работи моторот може да предизвика сериозни лични повреди. Избегнувајте изложување и допир на кожата со врелите издувни гасови и компоненти.

Деловите на издувните гасови и самите гасови постануваат врели во текот на работењето. Издувните гасови и делови се загреваат до температура што може да ги изгори луѓето, како и да ги запали или растопи најчестите материјали.



RG17488 —UN—21AUG09

DX,EXHAUST -A8-20AUG09-1/1

Користење ситуации квалификувани како вонредни — Опција кога SCR е надвасан

ЗАБЕЛЕШКА: Ова е само за EPA опцијата во САД. Моторот мора да има емисиона ознака за ЕУ и EPA за во САД. Опцијата не е достапна за мотори само со емисиона ознака за ЕУ.

ВАЖНО: Работењето на моторот без да се намалува моќноста поради емисиони причини може да го оштети системот за дополнителна обработка.

Опис: Користење ситуации квалификувани како вонредни – опција кога SCR е надвасан

Според EPA прописите на САД опцијата кога се надвасува SCR во случаи квалификувани како вонредни (надвасување на SCR во вонредни случаи) се смета за помошен емисионен контролен уред (AECD), кој е дозволен само во текот на ситуациите кои се квалификувани како вонредни. За да се обезбеди усогласеност со EPA прописите на САД кои го регулираат овој тип на AECD, важно е операторите да ги прочитаат следниве информации и да се усогласат со барањата.

Делот за надвасување на SCR во вонредни случаи ја овозможува опременетата апликација со катализаторски систем за селективно намалување (SCR), да работи без намалена моќност поради емисиони причини, за одреден временски период кој е квалификуван како вонреден случај. Ситуацијата квалификувана како вонредна е таква состојба да контролата на емисијата на издувни гасови кај моторот претставува значителен директен или индиректен ризик по животот на луѓето. Еден пример за директен ризик е кога состојба на контрола на издувните гасови ја спречува работата на моторот кој се користи за спасување на загрозено лице во животна опасност. Еден пример за индиректен ризик е кога состојба на контрола на издувните гасови ја спречува работата на моторот кој се користи за обезбедување на електрична енергија за центарот за податоци кој остварува телекомуникационен повик во итни случаи кон “911”.

Активирање / известување при надвасување на SCR во вонредни случаи

Операторот може да го активира надвасувањето на SCR во вонредни случаи преку корисничкиот интерфејс. Еднаш активиран, моторот може да работи 120 часови без намалување на перформансите заради емисиите. Ако условот за намулување на моќноста е корегиран во текот на 120 часа, надвасувањето на SCR во вонредни случаи може да се запре со цел да се зачува остатокот на време за понатамошна употреба. Опцијата истекува заедно со сето преостанато време 240 часа после активирањето на надвасувањето на SCR во вонредни случаи.

Кога времето за надвасување на SCR во вонредни случаи е истечено, на информативниот екран на моторот на операторот му се прикажува дијагностички код на грешка (DTC) секогаш кога моторот се стартува и на секој час се додека не се уважи од операторот. За чистење на DTC и ресетирање на одбројувачот на надвасувањето на SCR во вонредни случаи за идни употреби, операторот (или друго лице одговорно за моторот/опремата) мора да поднесе извештај до центарот за техничка помош на John Deere Dealer, кој мора да го вклучи следново:

- Име за контакт, поштенска адреса и електронска адреса и телефонски број на одговорната компанија или правното лице
- Опис на вонредната ситуација, на локацијата на моторот при итни случаи, како и информации за контакт со службеното лице кое може да ја потврди на вонредната состојба (како надлежниот во округот, надлежниот на противпожарна или пак администратор на болница)
- Причината за активирањето на надвасувањето на SCR во вонредни случаи во текот на вонредниот настан, како што е недостаток на течност за издув на дизел мотор, или дефект на сензор поврзан со емисија на издувни гасови кога било потребно моторот да одговори на вонредната ситуација
- Сериски број на моторот
- Опис на обемот и времетраењето на работата на моторот додека надвасувањето на SCR во вонредни случаи било активно, вклучувајќи го и изјаснувањето дали надвасувањето било или не било рачно деактивирано по завршување на итната ситуација

Овој извештај се поднесува до John Deere или друг квалификуван сервис, но во никој случај подоцна од 60 календарски дена откако било активирано надвасувањето на SCR во вонредни случаи.

ПРАВНО известување

Следниве постапки од страна на операторот претставуваат неправилна употреба на надвасувањето на SCR во вонредни случаи и се забранети со EPA прописите на САД за чист воздух:

- Активирање на надвасувањето на SCR во вонредни случаи поради нешто што е различно од итна вонредна ситуација;
- Пропустот да се исклучи надвасувањето на SCR во вонредни случаи откако вонредната ситуација завршила; и,
- Пропустот да се извести John Deere и да се испрати извештај според барањата на овој прирачник за работа и федералните прописи. Забелешка: John Deere е должен да го пријави пропустот на операторот до EPA во САД за настанот на надвасување на SCR во вонредни случаи (до степен до кој тој е свесен за таквиот настан).

Максималната граѓанска казна што EPA од САД може да ја процени изнесува под 40 CFR 1068.101 е $4,454 за секој ден што моторот или дел од опремата работата во спротивност со барањата поврзани со надвасувањето на SCR во вонредни случаи.

Продолжува на следната страница DX,SCR,EMRGNCY,OVERIDE -A8-21DEC16-1/2

Прописите на EPA на САД со кои се регулира надвасувањето на SCR во вонредни случаи може да се најдат до 40 CFR §1039.665, кои можат да бидат изменети.

DX,SCR,EMRGNCY,OVERIDE -A8-21DEC16-2/2

Предупредување за потребно запирање на машина

Случај на мандатно запирање на машина

ВАЖНО: Во некои ситуации, силата на машинскиот мотор може да биде намалена како што е опишано. При известување, веднаш поставете ја машината во безбедна состојба и или преместете ја на безбедно место. Мандатното запирање на машината може да биде отстрането единствено од страна на сервисен техничар.

Индикаторот за неисправност на системот за емисија на издувни гасови на моторот свети кога ќе се случи

RG22491 —UN—21AUG13



грешка што е поврзан со емисијата на издувните гасови.

DX,MACHSTOPWARN,AG -A8-02OCT15-1/6

Индикаторот за предупредување свети во ситуација кога е потребно дејство од страна на операторот.

RG22492 —UN—21AUG13

DX,MACHSTOPWARN,AG -A8-02OCT15-2/6

Индикаторот за запрен мотор свети во ситуација кога е потребно неодложно дејство од страна на операторот и сервисирање.

RG22493 —UN—21AUG13



DX,MACHSTOPWARN,AG -A8-02OCT15-3/6

Настаната системска грешка кај емисијата на издувни гасови

Преостануваат 30 минути, индикаторите за неисправност на системот за емисија на издувни гасови кај моторот и индикаторите за предупредување светат и алармот се огласува за да го предупредат операторот за грешка поврзана со емисијата на издувни гасови. Се прикажува “Помалку од 30 минути до рестрикција на силата” кај машините со екран.

- Моторната сила е нормална.
- Работењето на машината е нормално.

RG26361 —UN—04SEP14



- Поставете ја машината во безбедносна состојба.
- Контактирајте ја сервисната услуга.

Продолжува на следната страница

DX,MACHSTOPWARN,AG -A8-02OCT15-4/6

Преостануваат 20 минути, индикаторите за неисправност на системот за емисија на издувни гасови кај моторот и индикаторите за запирање на моторот светат и алармот се огласува за да го предупредат операторот за грешка поврзана со емисијата на издувни гасови. Се прикажува “Помалку од 20 минути до рестрикција на силата” кај машините со екрани.

- Моторната сила и вртливиот момент се намалени.
- Вклучен клуч - исклучен клуч привремено ќе обезбедат целосна сила.

RG26972 —UN—26MAR15



- Поставете ја машината во безбедносна состојба.
- Контактирајте ја сервисната услуга.

DX,MACHSTOPWARN,AG -A8-02OCT15-5/6

Преостануваат 2 минути или помалку, индикаторите за неисправност на системот за емисија на издувни гасови кај моторот и индикаторите за запирање на моторот светат и алармот се огласува за да го предупредат операторот за грешката поврзана со емисијата на издувни гасови која не е поправена. Се прикажува “Рестрикција на силата” кај машините со екрани.

- Моторната сила е само во празен од.
- Поставете ја машината во безбедносна состојба.

RG26972 —UN—26MAR15



- Контактирајте ја сервисната услуга.

DX,MACHSTOPWARN,AG -A8-02OCT15-6/6

Сензор за препознавање на предмети (конечно ниво 4/фаза IV)

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека сензорот не е попречен и не е покриен со кал или отпадоци од посевот.

Сензорот (A) кој се наоѓа на задната композитна плоча потврдува дека предметите се оддалечени повеќе од 2 m (6.5 ft.) од издувната пареа (покачени температури на издувните гасови) за време на процесот на чистење на филтерот на издувни гасови. Ако сензорот детектира дека има предмети поблиску од 2 m (6.5 ft.), системот ќе го прекине процесот на чистење на филтерот на издувни гасови.



H106571 —UN—16JAN13

A—Сензор

OUO6075,0001390 -A8-26JUL13-1/1

Стартување на моторот

ВНИМАНИЕ: Пред стартувањето на моторот погрижете се да нема никого во близина на машината. Озвучете ја сирената за да ги предупредите другите лица.

Издувните гасови може да предизвикаат болест или смрт. Ако е потребно машината да работи во затворен простор, тогаш отстранете ги издувните гасови од тој простор со продолжена цевка што се поставува на издувната цевка.

Ако немате продолжена издувна цевка, тогаш отворете ги вратите за да влезе воздух од надвор.

1. Поместете ја повеќенаменската рачка (A) во неутрална положба.
2. Проверете дали прекинувачот за вклучување на хедерот (B) и на сепараторот (C) се исклучени (OFF).

H119917 —UN—02NOV16

A—Повеќе функционална рачка
B—Прекинувач за вклучување на хедерот
C—Прекинувач за вклучување на сепараторот

Продолжува на следната страница

OUO6075,0004636 -A8-08MAR17-1/2

ВНИМАНИЕ: Свирнете со сирената пред стартувањето на моторот за да ги предупредите другите да се оддалечат од машината.

За да ја избегнете можноста од телесни повреди или смрт, стартувајте го моторот САМО од операторското седиште. Не го стартувајте моторот со краток спој на клемите на стартерот. Машината ќе стартува во брзина ако нормалната постапка е заобиколена.

ВАЖНО: За да не го оштетите стартерот, не работете со него подолго од 30 секунди при секој обид. Ако моторот не се стартува, почекајте најмалку две минути пред да се обидете повторно.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако температурата е под -5 °C (23 °F) можеби ќе биде потребно да се користи помош при стартување во ладни временски услови. Видете за помош при стартување во ладни временски услови во делот за ракување со мотор во прирачникот за работа.

Кога контактниот клуч е завртен на СТАРТ, ќе се случи задоцнување од неколку секунди. Ова овозможува контролните единици да се напојат, релеите да се затворат и соленоидот на стартерот да добие напон.

Лепенката под капакот на кутијата за складирање на наслонот за рака ги покажува информациите за стартување на моторот.

3. Свирнете со сирената и завртете го контакт клучот (A) на управувачкиот столб во позиција за СТАРТ.

   Положбите на клучот се:

H95321 —UN—02NOV10

A—Контактен клуч

Прва положба	Додатна опрема
Втора положба	OFF (исклучено)
Трета положба	Run (контакт)
Четврта положба	Start (стартување)

ЗАБЕЛЕШКА: Се прикажува дијагностички код на грешка (DTC), ако се појави код за запрен мотор на екранот. Екранот ги запира нормалните функции, посочувајќи го проблемот што бара машината да се запре и проблемот веднаш да се реши. Кодовите ќе се прикажуваат сè до решавањето на проблемот. Ако проблемот не може да биде решен, посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

4. Ослободете го клучот по стартувањето на моторот и оставете го моторот да работи пет минути во долен празен од за да се загрее маслото.

OUO6075,0004636 -A8-08MAR17-2/2

Исклучување на моторот

1. Спуштете го хедерот или намотката целосно до земја.
2. Поместете ја повеќенаменската рачка (A) во неутрална положба.
3. Притиснете го прекинувачот за ниска моторна брзина (B).
4. ИЗГАСНЕТЕ го прекинувачот за активирање на хедерот (C) и прекинувачот за активирање на одделувачот (D).

ВАЖНО: Разладувањето на турбокомпресорот и некои делови од моторот е овозможено од маслото на моторот. Сопирањето со врел мотор може да предизвика оштетување на тие делови.

5. Пред сопирањето на моторот кој што работеше приработно оптоварување, движете ја машината со празен од на две - три минути за турбокомпресорот да се разлади.

ВНИМАНИЕ: Подигнете ја паркирната сопирачка и извадете го клучот пред да ја напуштите машината.

6. Свртете го контактниот клуч на OFF (исклучено).

ВАЖНО: Конечно ниво 4/фаза IV: Акумулаторот не треба да го исклучувате најмалку 90 секунди откако ќе ја ИСКЛУЧИТЕ машината. За тоа време катализаторскиот систем за селективно намалување (SCR) автоматски ги прочистува цевките од течноста за издув на дизел мотор (DEF), веднаш по ИСКЛУЧУВАЊЕТО на машината. Ако нема доволно време тогаш не е дозволено линиите да се прочистуваат, било која течност што останува во линиите може да кристализира и да ги запуши линиите. Во екстремно студено време, течноста ќе замрзне и вероватно ќе ги пукне линиите.



H119918 —UN—02NOV16

A—Повеќе функционална рачка
B—Прекинувач за ниската брзина на моторот
C—Прекинувач за вклучување на хедерот
D—Прекинувач за вклучување на сепараторот

OUO6075,00043A7 -A8-10JAN17-1/1

Управување со брзината на моторот (машини ProDrive™)

ЗАБЕЛЕШКА: Управувањето со брзината на моторот е контролирана од старна на софтвер и тоа се активира со прекинувачот што го исклучува патниот превоз.

Управувањето со брзината на моторот ја намалува потрошувачката на гориво и ја зголемува ефикасноста на горивото.

- Потрошувачката на гориво е намалена во услови на ниско оптоварување со намалување на брзината на моторот.
- Одржувајте голема способност за оптоварување со динамичко зголемување на брзината на моторот кога е потребно.
- Теренската брзина се одржува за време на промените на брзината на моторот преку различни хидростатички преместувања.
- Брзината на моторот останува на долен празен од кога машината не се движи.
- Брзината на моторот е приближно 1600 вртежи/мин. кога машината е на рамен терен или со мала теренска брзина.
- Брзината на моторот се менува помеѓу приближно 1600 вртежи/мин. и максимален брз празен од, зависно од оптоварувањето на моторот.
- Мала брзина на моторот - брзината на моторот останува на 1200 вртежи/мин. (rpm).
- Средна брзина на моторот - брзината на моторот нема да премине 1690 вртежи/мин. (rpm).
- Голема брзина на моторот - брзината на моторот се менува помеѓу приближно 1600 вртежи/мин. (rpm) и максимален брз празен од.

OUO6075,00046F3 -A8-30MAR17-1/1

Безбедно ракување со течност за стартување

⚠ ВНИМАНИЕ: Течноста за стартување е лесно запалива. НЕ КОРИСТЕТЕ ја во близина на оган, искри или пламен. Прочитајте ги ПРЕДУРПЕДУВАЊА на контејнерот. Заштитете го контејнерот од оштетување. НЕ носете дополнителни или празни резервоари во кабината.

Ако течноста за стартување не се користи неколку дена, отстранете го резервоарот. Проверете ја течноста и работата на вентил со одново инсталирање и притискање прскалката. Ако течноста не се емитира, користете нов резервоар.

За да избегнете случајно испарување кога го складирате садот под висок притисок, држете го капакот на садот. Складирајте во ладна, зашитиена локација.

TS1356 —UN—18MAR92

Не палете или пробивајте сад за течност за стартување.Не палете или пробивајте сад за течност за стартување.

OUO6075,0000585 -A8-17MAY10-1/1

Помошни средства за стартување во ладни временски услови (ако е вградено)

⚠ ВНИМАНИЕ: Избегнете лична повреда или оштетување на моторот. Испрскајте ја течноста само додека моторот работи.

Помошта при стартување единствено функционира во позициите “Run” (контакт) или “Старт” (стартувај).

Свртете го клучот (A) за стратување на машината. Штом моторот почунва со работа, притиснете го кочето за помош при стартувањето (B).

Кога моторот ќе се стартува, ослободете го клучот и копчето за помош при стартување.

Ако температурата е под -5 °C (23 °F) држете го копчето за помош при стартување притиснато две - три секунди по стартувањето на моторот. Повтортувајте ја ова процедура додека моторот равоти без прекин.

ВАЖНО: За да осигурите соодветно подмачкување, машината треба да работи во ниска брзина, без товар една до две минути. Продолжете ово период на 2 до 4 минути кога се работи со машината во температури под нивото на замрзнување.



H96387 —UN—02NOV10

A—Контактен клуч

B—Копче за помош при стартување

OUO6075,0000586 -A8-21MAR11-1/1

Грејач на разладното средство



H95379 —UN—16FEB10

Ниво 2/фаза II (стил A) (предна страна)

H71689 —UN—18APR02

Ниво 2/Фаза II (Стил B) (задна страна)



H95324 —UN—11FEB10

Конечно ниво 4/фаза IV (Стил A) (предна страна)



H95424 —UN—19FEB10

Конечено Ниво 4/Фаза IV (Стил B) (Задна страна)

⚠ ВНИМАНИЕ: За да избегнете струен удар или опасно работење, секогаш користете електричен кабел со три жици наменет за тешки работни услови (минимален пресек на 10 AWG и не подолг од 7.6 m (25 ft)) опремен со три конектори. Ако се употребува адаптер за приклучување од два на три контакти за ѕиден приклучок, секогаш зелената жица поврзете ја за добро заземјување.

Пред да го поврзувате грејачот со извор на напојување, осигурете дека елементот е потопен во разладно средство. НИКОГАШ не го вклучувајте грејачот кога е во воздух. На тој начин може обвивката на грејачот да предизвика пукање и тоа да предизвика телесна повреда.



TS210 —UN—23AUG88

A—Грејач на разладното средство

Грејачот (A) на разладното средство се поставува во отворот на приклучокот за ладење (предната страна или задната страна на машината). Со загревање на разладното средство на моторот, грејачот го намалува отпорот на маслото, го олеснува стартувањето и го намалува време потребно за загревање.

Видови грејачи на разладно средство

- 1000 W (110 V)
- 1000 W (220 V) (машини за извоз)

OUO6075,00044D7 -A8-17NOV16-1/1

Помош на екран

Центарот за помош е дополнение на упатството за работа на операторот на хартија. Прочитајте ги упатствата пред да работите.

Навигација до Центарот за помош

1. Изберете мени.
2. Изберете ја картичката за системот.
3. Изберете ја апликацијата за Центарот за помош.

PC15300 —UN—19MAR13

Помошен центар за апликации и копче за информации

DX,PC,INTRO,HELP -A8-17DEC15-1/1

CommandCenter™, 4. генерација

4. генерација на John Deere CommandCenter™ е дизајниран за максимално олеснување на употребата и продуктивноста. Единствениот софтверски систем обезбедува унифицираност, додека хардверските опции обезбедуваат различни цени и функционалности. Дисплејот на CommandCenter™ е прикачен кон CommandARM™. Има 7 и 10-инчни екрани за приказ.

ЗАБЕЛЕШКА: Софтверот во 4. генерација на CommandCenter™ е во процесорот, не на приказот.

4100 CommandCenter™ (7 инчи)

- Модулите на работната страница (Run Page) се исти како на 10-инчен приказ
- Копчињата кратенки мора да бидат проширени за да се видат.

PC17356 —UN—03DEC13

4100 CommandCenter™

CommandCenter е регистриран заштитен знак на Deere & Company
CommandARM е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Продолжува на следната страница

DX,PC,INTRO,DISP -A8-07APR17-1/2

4600 CommandCenter™ (10 инчи)

- Насловната трака ја прикажува моментално гледаната работна страница (Run Page)
- Големиот статусен центар обезбедува повеќе информации
- Копчињата кратенки се секогаш видливи.

PC17355 —UN—03DEC13

4600 CommandCenter™

DX,PC,INTRO,DISP -A8-07APR17-2/2

Процесор на 4. генерација на CommandCenter

Софтверот на 4. генерација на CommandCenter™ работи на процесор одделен од дисплејот. Има два типа на процесори.

ЗАБЕЛЕШКА: Наведени се максималните можности за секој процесор. Во зависност од конфигурацијата на машината, некои функции може да не се достапни.

Процесор 4600 (A)

- 4 видео влезови за камера
- 4 влезови за USB
- 2 излеза за дисплеј
- Надградливо за идни апликации

Процесор 4100 (B)

- 1 видео влез за камера
- 1 влез за USB
- 1 излез за дисплеј



PC17396 —UN—15JUL14

Порцесори 4600 и 4100

A—Процесор 4600 **B—Процесор 4100**

CommandCenter е регистриран заштитен знак на Deere & Company

DX,PC,INTRO,PROC -A8-07APR17-1/1

Структура на работната страница

Менито (A) ги наведува сите апликации што се инсталирани на дисплејот и на машината.

Софтверските копчиња за кратенки (B) обезбедуваат брз пристап до често користените апликации и функции. На 7-инчен приказ, изберете го копчето за проширување за да ги прикаже софтверските копчиња за кратенките.

Копчињата за следна или претходна работна страница (C) се движат низ повеќе работни страници.

Изберете го назначениот дел (D) за да се прикаже **Статусниот центар**. Важните информации за функциите на дисплејот се означени, како јачина на сигналот за GPS и можност за складирање на податоци.

Работната страница (E) е конфигурирана со користење на апликацијата за управувачот на распоредот.

Само на 10-инчен приказ, притиснете ја **насловната трака** (F) за да се прикаже страницата за **избор на работна страница**. Изберете ја саканата работна страница од списокот на достапни страници.

(За прилагодување на работната страна побарајте информации кај апликацијата за уредување на изгледот.)

A—Мени
B—Софтверски копчиња за кратенки
C—Копчиња за следна или претходна работна страница
D—Центар за статус
E—Работна страница
F—Избор на насловна лента/работна страница



PC17353 —UN—03DEC13

Работна страница на 10-инчен дисплеј



PC17354 —UN—03DEC13

Работна страница на 7-инчен дисплеј

DX,PC,INTRO,RUNPAGE -A8-17DEC15-1/1

Статусен центар

Статусниот центар ги означува важните информации за функциите на приказот, како јачина на сигналот за GPS и известување. Сместен е во насловната трака на 10-инчни прикази, и во долниот лев агол на 7-инчни прикази.

Изберете го статусниот центар за да се прикажат дополнителните информации во паѓачки прозорец. Проширениот статусен центар обезбедува брз пристап до известувањата и поставките.

ЗАБЕЛЕШКА: Датумот и времето, како и складирањето на податоци секогаш се прикажуваат во статусниот центар.

Дополнителни информации се прикажуваат во зависност од конфигурацијата на машината и известувањата.

PC17275 —UN—13AUG13

A—Статусен центар на 10-инчен приказ

B—Статусен центар на 7-инчен приказ

DX,PC,INTRO,STATUS -A8-21DEC15-1/1

Софтверски копчиња за кратенки

Копчињата кратенки (A) прикажуваат информации за состојбата и овозможуваат брз пристап до апликациските функции.

A—Меки копчиња за скратен пристап

PC17276 —UN—13AUG13

DX,PC,INTRO,SHORTCUTBAR -A8-07APR17-1/2

Софтверските копчиња се секогаш видливи на дното на 10-инчен приказ. На 7 инчен екран, одберете го копчето за проширување (B) за приказ на кратенките.

(За прилагодување на лентата со кратенки побарајте информации кај апликацијата за уредување на изгледот.)

PC17277 —UN—13AUG13

B—Копче за проширување на 7-инчен приказ

DX,PC,INTRO,SHORTCUTBAR -A8-07APR17-2/2

Мени

Копчето за менито ги наведува сите апликации што се инсталирани на дисплејот и на машината. Изберете ги левите картички за да гледате различни групи на апликации.

ЗАБЕЛЕШКА: Достапните апликации се разликуваат во зависност од конфигурацијата на машината.

PC17269 —UN—15JUL13

Копче Мени

DX,PC,INTRO,MENU -A8-21DEC15-1/1

Преглед на апликациите на оперативниот систем

Пакетот на апликации на оперативниот систем се инсталира фабрички, и се ажурира со периодични софтверски дополнувања од John Deere. Овие апликации се користат за основните функции на дисплејот.

PC15302 —UN—19MAR13

Пакетот на апликации на оперативниот систем

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-1/25

Пресметувач

- Користете апликација калкулатор за брзи математички пресметки.
- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

PC23955 —UN—24MAR17

Пресметувач

Продолжува на следната страница

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-2/25

Конфигурација на командите

- Конфигурира ISOBUS или тракторска управувачка палка да ги контролира функциите на трактор или на приклучниот уред.
- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

PC15326 —UN—08JUL13

Конфигурација на командите

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-3/25

Датум и време

- Информациите од апликацијата за датум и време се користат за неколку важни функции на системот. Ова вклучува евидентирање на грешките, активирања и снимање податоци.
- Датумот и времето се наместени автоматски ако GPS-приемникот е поврзан и прима валиден сигнал. Во тој случај, само наместете ја временската зона.

PC16674 —UN—18MAR13

Датум и време

- Се наоѓа на системското префрлачко копче од прикажаното мени.

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-4/25

Дијагностички центар

- Дијагностичкиот центар е место каде што се наоѓа дијагностиката на целиот систем.
- Се наоѓа на системското префрлачко копче од прикажаното мени.

PC17272 —UN—17JUL13

Дијагностички центар

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-5/25

Приказ и звук

- Заедно се осветлувањето и јачината на звукот, екранот и звукот се користат за калибрирање на екранот и конфигурирање на повеќекратни екрани.
- Се наоѓа на системското префрлачко копче од прикажаното мени.

PC16685 —UN—18MAR13

Приказ и звук

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-6/25

Управник за опремата

- Профилот на машината му овозможува на операторот да ги конфигурира GPS отстапувањата и димензиите на машината.
- Профилот на приклучниот уред му овозможува на операторот да го кофигурира типот на приклучокот од приклучниот уред, работната ширина, димензиите и активирачите за снимање.

PC20410 —UN—22MAY15

Управник за опремата

- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

Продолжува на следната страница

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-7/25

Полиња и граници

- Имињата на полињата се користат за организирање на информациите за полесно да се најдат и користат податоците, како што се упатствата.
- Користете ја апликацијата за терени и граници за да направите поставки за клиенти, фарми и полиња.
- Одберете клиент, фарма и поле за да ја поставите моменталната локација.

PC17260 —UN—11JUL13

Полиња и граници

- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-8/25

Управувач на фајловите

- Податоците и информациите за поставки може да се пренесуваат меѓу екраните или компатибилен десктоп софтвер.
- Враќање на фабричките поставки за да се очисти екранот од корисничките податоци.
- Се наоѓа на системското префрлачко копче од прикажаното мени.

PC16671 —UN—18MAR13

Управувач на фајловите

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-9/25

Центар за помош

- Помошта на екран за секоја апликација, а и повеќе, е достапна во Центарот за помош.
- Фабрички не се инсталирани сите јазици за Помош. Ажурирајте го софтверот на приказот за да инсталирате Помош за сите поддржани јазици.
- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

PC16684 —UN—18MAR13

Центар за помош

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-10/25

Задачи во ISOBUS

- ISOBUS задачите снима ги вкупните вредности на ISOBUS што ги даваат алатите со сертификат на TC-BAS (основна контрола на задачите) AEF (Фондација за електрониката во земјоделската индустрија) и прскалките на влечење на John Deere. Сите вкупни вредности што ги дава алатот на ISOBUS, како што се времето, површината, тежината и количината се снимаат во задачата.

PC23093 —UN—26SEP16

Задачи во ISOBUS

- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

Продолжува на следната страница DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-11/25

ISOBUS VT

- Ги следи и контролира контролерите и приклучните уреди компатибилни со ISOBUS 11783.
- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

ЗАБЕЛЕШКА: Само по еден ISOBUS контролер може да се гледа. Ако повеќе контролери се приклучени, изберете го копчето Мени во ISOBUS VT за да го видите списокот на контролери од кои можете да изберете еден.

PC16682 —UN—18MAR13

ISOBUS VT

PC15293 —UN—18MAR13

Мени на ISOBUS VT

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-12/25

Јазик и мерни единици

- Користете ја апликацијата за јазик и мерни единици за да го смените јазикот, форматот на бројот и мерните единици.
- Се наоѓа на системското префрлачко копче од прикажаното мени.

PC16677 —UN—18MAR13

Јазик и мерни единици

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-13/25

Управувач на распоред

- Употребете го уредувачот за изглед (Layout Manager) за создавање и измена на работните страни и лентата со кратенки така да важните информации и функции може да бидат достапни од главната страна.
- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

PC16678 —UN—18MAR13

Управувач на распоредот

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-14/25

Монитор на машината

- Мониторот на машината ги прикажува вредностите на специфични перформанси на машината.
- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

PC15318 —UN—16MAY13

Монитор на машината

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-15/25

Мапирање

- Апликацијата за мапирање се користи за преглед на просторните карактеристики, како што е наведувањето, покриеноста, работните податоци и основни прописи на мапата. (Прописите бараат CommandCenter™ премиум активација.)
- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

PC20413 —UN—11MAY15

Мапирање

CommandCenter е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Продолжува на следната страница

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-16/25

Далечински пристап до дисплејот

- Далечинскиот пристап до дисплејот дозволува некој од оддалечена локација да го гледа оперативниот приказ.
- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

PC17363 —UN—16DEC13

Пристап до далечински приказ

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-17/25

Уредувач на поставки

- Користете го уредувачот на поставки за да вчитате, уредите, или да ги зачувате конфигурациите на машината и поставките за приклучните уреди.
- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

PC22543 —UN—22APR16

Уредувач на поставки

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-18/25

Управувач на софтверот

- Користете го управувачот на софтверот за да го ажурирате софтверот, да ги активирате карактеристиките и да инсталирате пакети за помош што се прикажуваат на екран.
- Се наоѓа на системското префрлачко копче од прикажаното мени.

PC15346 —UN—11JUL13

Управувач на софтверот

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-19/25

StarFire™

- Апликацијата StarFire™ се употребува за да се видат StarFire™ приемниците. Доколку е поврзан повеќе од еден приемник, со користење на оваа апликација изберете го посакуваниот приемник.
- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company

PC17388 —UN—15MAY14

StarFire

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-20/25

Корисници и пристап

- Пристап и корисници управува со корисничките профили и ги блокира корисниците од одредени поставки.
- Се наоѓа на системското префрлачко копче од прикажаното мени.

PC17262 —UN—12JUL13

Корисници и пристап

Продолжува на следната страница

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-21/25

Видео

- Користете видео апликација за набљудување на областите околу машината кои се тешко видливи од операторската станица.
- Видеото може да се прикажува кога се вршат одредени функции на машината, како што се враќање назад.
- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

PC23956 —UN—24MAR17

Видео

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-22/25

Поставки на безжичната мрежа

- Пристапите безжични мрежи за да се поврзете на интернет, или да креирате безжични мрежи за поврзување на мобилни уреди во машината.
- Се наоѓа на системското префрлачко копче од прикажаното мени.

PC23092 —UN—26SEP16

Поставки на безжичната мрежа

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-23/25

Следење на работата

- Работниот монитор ги прикажува просечните и вкупните специфични вредности на машината и операциите.
- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

PC15317 —UN—16MAY13

Работен монитор

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-24/25

Поставување на работата

- Користете работни поставки за да го наместите работењето кога менувате приклучни уреди, полиња, или применувате различен производ.
- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

PC20415 —UN—11MAY15

Поставување на работата

DX,PC,INTRO,OSAPPS -A8-07APR17-25/25

Преглед на апликациите AMS

Пакетот на апликации AMS е фабрички инсталиран, но бара активирање за да му се овозможи функционалноста. Овие апликации се инсталирани и ажурирани во пакети посебно од 4. генерација на оперативен систем.

PC15301 —UN—19MAR13

Пакет на апликации AMS

Продолжува на следната страница

DX,PC,INTRO,AMSAPPS -A8-07APR17-1/5

Управување со AutoTrac™

- Апликацијата AutoTrac™ за наведување се користи за управување со машините низ полето долж наведувачките патеки. Управувањето може да биде изведувано рачно или автоматски со користење на AutoTrac™.
- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company

PC16676 —UN—18MAR13

Управување со AutoTrac™

DX,PC,INTRO,AMSAPPS -A8-07APR17-2/5

Контрола на преклопување

- Контролата за преклопување автоматски ги прилагодува поставките за широчината на хедерот (предниот дел), како што комбајната минува преку областите кои веќе се ожнеани.
- Контролата за преклопување е достапна само на комбајните.
- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

PC20399 —UN—16FEB15

Контрола на преклопување

DX,PC,INTRO,AMSAPPS -A8-07APR17-3/5

Контрола за секции

- Контролата на секција автоматски ги вклучува и исклучува работните точки на секциите за да го намали преклопувањето и да го подобри влезното управување.
- Управувањето со некоја секција е достапно само со компатибилни машини и приклучни уреди.
- Апликацијата за контрола на секција бара процесор 4600 со CommandCenter™ премиум активација.

CommandCenter е регистриран заштитен знак на Deere & Company

PC20399 —UN—16FEB15

Контрола за секции

- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

DX,PC,INTRO,AMSAPPS -A8-07APR17-4/5

Вкупна работа

- Вкупната работа ги евидентира работните податоци, вклучително изработената површина во акри, просечната производствена стапка и применетиот вкупен производ.
- Апликацијата за вкупната работа бара 4600 процесор со CommandCenter™ премиум активација.
- Се наоѓа на префрлачко копче за апликации од прикажаното мени.

PC21878 —UN—24NOV15

Вкупна работа

DX,PC,INTRO,AMSAPPS -A8-07APR17-5/5

CommandCenter™ премиум активација

Потребна е CommandCenter™ премиум активација за да работат одредени функции, како што е документирање на работни податоци и користење на контролата на секција. Исто така потребно е овозможување на одредени функции во рамките на апликациите, како што е извезувањето на работни податоци во апликацијата за работа со датотеки.

CommandCenter е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Индивидуалните активации што се вклучени во рамките на CommandCenter™ премиум активацијата се наведени во апликацијата за софтвер менаџер. CommandCenter™ премиум не е наведено на префрлачкото копче за активации. Копче за бирање на мени > системско префрлачко копче > апликација за софтвер менаџер > префрлачко копче за активации.

Контактирајте го вашиот John Deere трговец за да купите CommandCenter™ премиум активација.

DX,PC,INTRO,CCPREMIUM -A8-21DEC15-1/1

Демо активации

Во апликацијата за софтвер менаџер, достапни се демо активации за да се пробаат функциите на екранот. Сината светлина до некоја дадена функција покажува дека демото е вклучено.

AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Демото е фабрички достапно за употреба во период од 15 часа. На пример, демото за AutoTrac™ одбројува единствено кога е активирано.

DX,PC,INTRO,DEMO -A8-21DEC15-1/1

Приказ и звук

Апликацијата за екран и звук ја прилагодува осветленоста на екранот и нивото на јачина на звук.

Ако се приклучени повеќе дисплеи, користете ја оваа апликација за да конфигурирате кои функции се појавуваат на секој дисплеј.

Ако допирите на екранот не се регистрираат во точната положба, употребете ја Калибрацијата на екранот осетлив на допир за да го порамните екранот.

Навигација до екран и звук

PC16685 —UN—18MAR13

Приказ и звук

1. Изберете мени.
2. Изберете ја картичката за системот.
3. Одберете апликација за екран и звук.

DX,PC,DISP -A8-21DEC15-1/1

Осветленост

Режим за осветленост и боја

- ***Автоматски режим***

Автоматскиот режим е препорачаната поставка. Ова ја синхронизира осветленоста на дисплејот со прекинувачот за светла во кабината. Ако светлата во кабината се исклучени, дисплејот е во Дневен режим. Ако светлата во кабината се вклучени, дисплејот е во Ноќен режим.

- ***Дневен и ноќен режим***

Изберете го кој било режим за да спречите осветленоста на дисплејот да се синхронизира со прекинувачот за светла во кабината.

PC15319 —UN—20MAY13

A—Дневен режим **B—Ноќен режим**

ЗАБЕЛЕШКА: Избраниот режим не ја нагодува осветленоста на вториот дисплеј. Нагодете ја осветленоста на тој дисплеј преку неговите соодветни поставки.

Продолжува на следната страница

DX,PC,DISP,BRIGHT -A8-07APR17-1/3

Поставки за осветленоста

PC15320 —UN—20MAY13

Изберете го копчето за која било поставка за да се прикаже скокачки прозорец за соодветниот режим на осветленост.

A—Поставки за ден **B—Поставки за ноќ**

DX,PC,DISP,BRIGHT -A8-07APR17-2/3

PC15321 —UN—20MAY13

Во зависност од избраниот режим преку копчето за поставки, нагодете ја осветленоста на дисплејот и кабината со користење на копчињата плус (+) и минус (-).

C—Осветленост на екранот **D—Осветленост во кабината**

DX,PC,DISP,BRIGHT -A8-07APR17-3/3

Звук

PC15322 —UN—20MAY13

Јачина на звукот на дисплејот

Променете ја јачината на звукот на дисплејот со избирање на копчињата зголеми (+) или намали (-).

DX,PC,DISP,SOUND -A8-21DEC15-1/1

Повеќе дисплеи

PC15323 —UN—20MAY13

Повеќе дисплеи

4-та Генерација CommandCenter™ може да биде конфигуриран да работи со следниве John Deere екрани поврзани на аголниот постамент.

- Дисплеј GreenStar™ 2 1800
- Екран GreenStar™ 3 2630

Некои апликации, како што е AutoTrac™, не можат истовремено да работат и на двата дисплеи.

Активациите не се префрлуваат помеѓу дисплеите. Вториот дисплеј мора да има сопствени активации за да работи со AMS апликации.

CommandCenter е регистриран заштитен знак на Deere & Company
GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company
AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Продолжува на следната страница

DX,PC,DISP,MULTI -A8-07APR17-1/3

Поставување дисплеј GS2 или GS3

1. Осигурајте се контактниот клуч и CommandCenter™ да бидат исклучени.
2. Прикачете го кабелскиот сноп за дисплејот на приклучокот на столбот и 26-пинскиот приклучок за дисплеј во задниот дел од дисплејот.
3. Вклучете го контактниот клуч.
4. Управувачкиот центар CommandCenter™ го прикажува пребарувањето на вториот екран преку CAN Bus-от на приклучниот уред приближно во текот на 60 секунди. Ако CommandCenter™ претходно бил во режим на единичен дисплеј, прикажува порака со текстот “Multiple Displays Detected” (откриени се повеќе дисплеи).
5. Изберете поставка за конфигурацијата:

Единичен дисплеј

- НЕ употребувајте ја оваа опција во ова сценарио. Овој режим се користи само ако не е поставен втор дисплеј.

Повеќе екрани – само машина

- Апликациите за земјоделска прецизност и ISOBUS-алатите се појавуваат само на вториот екран, но не на CommandCenter™. Користете ја оваа опција кога има приклучено ISOBUS приклучен уред со дополнително управување кое може да се конфигурира.

Повеќе – Прегледувач на приклучен уред

- Апликациите за земјоделска прецизност се појавуваат на вториот екран,
- ISOBUS приклучните уреди се прикажуваат на CommandCenter™ или на вториот дисплеј во зависност од поставката за “Next VT display” (нареден VT дисплеј) на приклучниот уред.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако ISOBUS приклучниот уред ја нема функцијата “Next VT display” (нареден VT дисплеј), приклучниот уред се прикажува на дисплејот кој се вклучува прв.

Повеќе екрани – апликации за земјоделска прецизност

- Прецизни аграрни апликации се појавуваат на CommandCenter™
- ISOBUS приклучни уреди се појавуваат на секундарниот екран или CommandCenter™ зависно од "Следен VT екран" поставка на приклучен уред.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако ISOBUS приклучниот уред ја нема функцијата “Next VT display” (нареден VT дисплеј), приклучниот уред се прикажува на дисплејот кој се вклучува прв.

Напредни поставки

PC220416 —UN—12MAY15

Екран GS3 2630

- Рачно поставени конфигурации.

Потврда на параметрите на екранот

- Работи на ОВОЈ екран: Апликациите за земјоделска прецизност се активирани на CommandCenter™. Изменете ги параметрите на екранот на другиот екран. Се прикажува порака секогаш кога CommandCenter™ ќе се вклучи ако апликациите на GreenStar™ не се исклучени на другиот екран.
- Работи на ДРУГ екран: Апликациите за земјоделска прецизност се исклучени на CommandCenter™. Користете ги апликациите на GreenStar™ на другиот екран.

Промена на параметрите за екранот

Кога ќе ги измените параметрите на екранот, соодветни измени треба да се направат и на другиот екран.

Доколку изберете еден од овие режими:

- Повеќекратен екран – Прецизни аграрни апликации или единичен екран: Исклучете ги GreenStar™ и контролерот на задачи на другиот екран.
- Единичен екран: Или исклучете ги GreenStar™, контролерот на задачи и виртуелниот терминал за магистралата на алатот (VT) на другиот екран или исклучете го другиот екран.

За да пристапите до параметрите на повеќе екрани на другите екрани на GreenStar™:

- GreenStar™ 3 2630: Изберете го копчето Мени > копчето Екран > мекото копче Дијагностика > картичката Повеќе екрани > копчето Измени ги параметрите.
- GreenStar™ 2 1800: Изберете го копчето Мени > копчето Екран > мекото копче Параметри > мекото копче Повеќе екрани.

Продолжува на следната страница

DX,PC,DISP,MULTI -A8-07APR17-2/3

6. Направете циклус на вклучување и исклучување за да ги зачувате поставките.

Отстранување дисплеј GS2 или GS3

1. Осигурајте се контактниот клуч и CommandCenter™ да бидат исклучени.
2. Откачете го кабелскиот приклучок за екранот од 26-пинскиот приклучок од позади на екранот.
3. Вклучете го контактниот клуч.
4. Управувачкиот центар CommandCenter™ го прикажува пребарувањето на вториот екран на CAN bus на приклучниот уред приближно 2—3 минутии. Ако CommandCenter™ претходно бил еден од повеќекратните екрански режими, тој прикажува порака што наведува “Вториот екран не е најден”.
5. Направете циклус на вклучување и исклучување за да ги зачувате поставките.

Отстранување екран од трета страна

1. Осигурајте се контактниот клуч и CommandCenter™ да бидат исклучени.
2. Откачете го кабелскиот приклучок од екранот од третата страна.
3. Вклучете го контактниот клуч.
4. Управувачкиот центар CommandCenter™ го прикажува пребарувањето на вториот екран на CAN bus на приклучниот уред приближно 2—3 минутии. Ако CommandCenter™ претходно бил во еден од режимите за повеќе дисплеи, прикажува порака со текстот “Second Display Not Found” (нема пронајдено втор дисплеј). Ако пораката “Вториот екран не е најден” не се појавува после 3 минути, прескокнете на чекорот 5.
5. Осигурајте се дека CommandCenter™ е на едноекрански режим на работа и екранот од третата страна да е исклучен.
6. Направете циклус на вклучување и исклучување за да ги зачувате поставките.

Ракување со AutoTrac™ на CommandCenter™

ЗАБЕЛЕШКА: Софтверско ажурирање за ОС на Генерација 4 2015-1 (8.12.2500-17) и 2015-2 (10.0.49-59 или 10.0.49-65) прецизните аграрни апликации се оневозможуваат кога е детектиран секундарен GreenStar™ екран. Откчете го GreenStar™ екранот од внатре во кабината за да работите со прецизни аграрни функции на 4 CommandCenter™ со овие софтверски верзии.

После инсталирањето на екранот GS3 2630, AutoTrac™ стандардно го уважува тој екран. Следете ги следниве инструкции за да го користите AutoTrac™ на CommandCenter™.

ЗАБЕЛЕШКА: После процедурата, екранот GS3 2630 нема да извршува никакви GreenStar™ апликации, вклучително и делот за контрола.

1. Осигурајте се дека CommandCenter™ е на едноекрански режим на работа и екранот GS3 2630 да е исклучен. Исклучете го контактниот клуч.
2. Приклучете го екранот GS3 2630 и вклучете го контактниот клуч.
3. Кога ќе се подигне CommandCenter™, изберете повеќекратен – компатибилен режим. Рестартирајте го приказот.
4. На екранот GS3 2630, изберете го копчето мени > копче за екранот > софтверското копче за дијагностика > табот за повеќе екрани. Исклучете ги GreenStar™ апликациите. Во зависност од конфигурацијата, екранот може да се рестартира.
5. На CommandCenter™, изберете ја апликацијата за екран и звук > табот за повеќе екрани. Вклучете ги Ag апликациите за прецизност. Рестартирајте го приказот.

DX,PC,DISP,MULTI -A8-07APR17-3/3

Калибрација на дисплејот

Калибрацијата на екранот осетлив на допир може да биде потребна ако екранот не ги регистрира допирите на посакуваната положба. Екранот осетлив на допир е фабрички калибриран и не би требало да има потреба да се калибрира при нормалното сервисирање. Ако калибрацијата не го решава проблемот, контактирајте трговец со John Deere опрема.

1. Изберете Започни со калибрација
2. Достапни се големо “X” и упатства кои ги водат операторите низ процесот за калибрација.
3. Секогаш кога ќе се притисне “X”, упатствата се променуваат и ознаката “X” се поместува во друга површина од екранот.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако екранот осетлив на допир е неисправен, може да се користи УСБ-глувче. Поврзете глувче со USB отворот на дисплејот.

DX,PC,DISP,CAL -A8-21DEC15-1/1

Датум и време

Информациите од апликацијата за датум и време се користат за неколку важни функции на системот. Ова вклучува евидентирање на грешките, активирања и снимање податоци.

Датумот и времето се наместени автоматски ако GPS-приемникот е поврзан и прима валиден сигнал. Во тој случај, само наместете ја временската зона.

Тековниот датум и време можат да се пронајдат во кое било време со избирање на Центарот за статус во горниот дел од главната работна страница.

ЗАБЕЛЕШКА: Поставките за датум и време влијаат на тоа како се филтрираат Податоците за насоките и документацијата на дисплејот и компјутерскиот софтвер.

PC15314 —UN—15MAY13

Датум и време

Навигација за датум и време

1. Изберете мени.
2. Изберете ја картичката за системот.
3. Одберете апликација за датум и време.

DX,PC,DATE -A8-21DEC15-1/1

Променување на тековниот датум

Датумот може да се промени само ако GPS уредот не е поврзан или ако не е достапен GPS-сигнал. Во спротивно, GPS-сигналот го одредува датумот.

Форматот на датумот не зависи од GPS сигналот и може да се промени во секое време.

1. Изберете ден, месец или година.
2. Употребете ја тастатурата за да ја внесете точна вредност.
3. Изберете Done (Готово) за да ги примените измените или Cancel (Откажи) за да се вратите во претходната страница без да ги примените измените.

Формат на датум

1. Изберете го полето за Формат на датумот.

PC15315 —UN—15MAY13



A—Датум поставен од корисникот

B—Датумот одреден преку GPS

2. Од листата, изберете го посакуваниот формат на датумот.
3. Изберете Done (Готово) за да ги примените измените или Cancel (Откажи) за да се вратите во претходната страница без да ги примените измените.

DX,PC,DATE,DATE -A8-21DEC15-1/1

Променување на тековното време

Тековното време може да се промени само ако GPS уредот не е поврзан или ако не е достапен GPS-сигнал. Во спротивно, GPS-сигналот го одредува времето.

Временската зона и форматот за време не зависат од GPS сигналот и можат да се променат во секое време.

1. Изберете час или минута.
2. Употребете ја тастатурата за да ја внесете точна вредност.
3. Изберете Done (Готово) за да ги примените измените или Cancel (Откажи) за да се вратите во претходната страница без да ги примените измените.

Временска зона

1. Изберете континент или океан и изберете Next (Наредно).
2. Изберете држава, а потоа изберете Next (Наредно).

PC15316 —UN—15MAY13

A—Време поставено од корисникот

B—Време одредено преку GPS

3. Изберете временска зона и изберете Next (Наредно).
4. Потврдете ја избраната временска зона, а потоа изберете OK (Во ред).

Формат на време

Употребете го радио-копчето за да изберете 12-часовен или 24-часовен формат на времето.

DX,PC,DATE,TIME -A8-21DEC15-1/1

Јазик и мерни единици

Јазик и единици се користи за да го смените јазикот, форматот на броевите и мерните единици.

Можат да се направат различни поставки за дисплејот и за контролерите кои се прикажуваат во ISOBUS VT. Изберете некоја картичка за да ги промените поставките.

Навигација до јазик и единици

1. Изберете мени.

PC16677 —UN—18MAR13

Јазик и мерни единици

2. Изберете ја картичката за системот.
3. Одберете апликација за јазик и единици.

DX,PC,LANG -A8-21DEC15-1/1

Јазик и поставки за единиците

Екран

Од наведените полиња, изберете јазик, формат за броевите и мерните единици.

ISOBUS VT

Можно е контролерите кои се прикажуваат во ИСОБУС ВТ да имаат различни мерни единици отколку оние на останатите дисплеи. Отстранете го означувањето од *Use Same Units of Measure as Display* (употреби ги истите мерни единици како и дисплејот) за да ги овозможите наведените полиња за:

- Формат на броевите
- Растојание
- Подрачје
- Јачина на гласот
- Маса
- Температура
- Притисок
- Сила

Зачувување на поставките

Откако ќе се изберат новите поставки, изберете го копчето Save (Зачувај). Дисплејот мора да се рестартира за да се применат измените.

DX,PC,LANG,SETTINGS -A8-21DEC15-1/1

Управувач на софтверот

Користете го управувачот на софтвер за да го ажурирате софтверот, да ги активирате карактеристиките и да пронајдете детали за верзијата на софтверот.

Навигација до Управувач на софтвер

1. Изберете мени.
2. Изберете ја картичката за системот.
3. Изберете ја апликацијата Управувач на софтвер.

Софтверски пакети

PC15346 —UN—11JUL13

Управувач на софтверот

Датотеките за помош и за софтверот на дисплејот од Генерација 4 се организирани во пакети. Секој пакет е посебно наведен во картичката Инсталации и ажурирања и во картичката за Информации за верзијата.

DX,PC,SOFT -A8-07APR17-1/6

Оперативен систем од Генерација 4

- Го содржи оперативниот систем на дисплејот и основни апликации.

PC23900 —UN—17MAR17

DX,PC,SOFT -A8-07APR17-2/6

Помош за оперативниот систем од Генерација 4

- Содржи помошни датотеки со апликации за приказ на екранот.

PC23901 —UN—17MAR17

DX,PC,SOFT -A8-07APR17-3/6

AMS апликации

- Содржи софтвер за приказ на екранот.

PC23902 —UN—17MAR17

DX,PC,SOFT -A8-07APR17-4/6

Машински апликации

- Содржи софтвер за машината. Потребен е трговец со John Deere опрема со Service ADVISOR™ за инсталација на пакети.

PC23903 —UN—17MAR17

Service ADVISOR е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Продолжува на следната страница

DX,PC,SOFT -A8-07APR17-5/6

Помош за машински апликации

- Содржи помошни датотеки со апликации за машински апликации. Пакетот може да биде инсталиран без Service ADVISOR™.

ЗАБЕЛЕШКА: Пакетите за помош на екранот го вклучуваат секој јазик кој е подржан од дисплејот.

PC23904 —UN—17MAR17

DX,PC,SOFT -A8-07APR17-6/6

Ажурирање на софтверот на дисплејот

Одредување на верзиите на софтверот на дисплејот

Броевите за верзијата за сите инсталирани софтверски пакети се достапни во картичката Информации за верзијата во Управувачот на софтверот.

Преземање ажурирања за софтверот

Ажурирања за софтверот се достапни за преземање од:

https://my.deere.com/software-downloads/software-manager/

Достапни се следниве ставки:

- Забелешки за изданието за софтверот
- Алатката Управувач на софтвер што се користи за преземање софтвер на УСБ уред
- Упатства за користење на алатката Управувач на софтвер

PC15348 —UN—11JUL13

USB уред

Откако USB уредот го содржи најновиот софтвер, однесете го во машината за да го инсталирате ажурирањето.

Инсталирање ажурирања за софтверот

USB уред

1. Вметнете USB уред во горниот USB влез веднаш до дополнителниот приклучок.

DX,PC,SOFT,UPDATE -A8-07APR17-1/3

2. Кога е прикажана страната "Опции за USB уред", одберете го копчето за инсталирање на софтвер (A). Така ќе се прикаже табулаторот Инсталации и ажурирања на Управникот за софтвер.
3. Се прикажуваат само софтверските пакети што се понови од оние кои се тековно инсталирани. Стандардно се избрани сите пакети.
4. Изберете го копчето Инсталирај. Ако не започне ажурирањето, следете ги пораките на екранот за да ги решите проблемите.

PC23932 —UN—21MAR17

A—Копче Инсталирај софтвер

⚠ ВНИМАНИЕ: За време на инсталацијата на софтверот:

Сите апликации ќе бидат исклучени.

Нема да се прикажуваат пораки од системот.

За да спречите повреда, осигурете дека машината е во положба Паркирање и одржувајте го електричното напојување за време на процесот на инсталацијата.

Не отстранувајте го USB уредот.

Продолжува на следната страница

DX,PC,SOFT,UPDATE -A8-07APR17-2/3

5. Индикаторот за напредување (A) дава процентуален приказ на секој пакет што се инсталира. Зелена ознака за штиклирано (B) се прикажува кога пакетот е успешно инсталиран.
6. Се прикажува порака кога ажурирањето на софтверот е готово. Некои софтверски пакети имаат потреба од рестартирање за да се заврши инсталацијата. Изберете го копчето Рестартирај за да го рестартирате дисплејот.
7. Отстранете го USB уредот и вратете го во компјутерот. Стартувајте го управувачот на софтверот за подигање на повратните датотеки.

ЗАБЕЛЕШКА: Повратните датотеки содржат информација за верзијата на софтверот и се користат како помош за трговците во врска со дисплејот и машината.

Ажурирања преку интернет

1. Преку табот за инсталирање и ажурирање, изберете за проверка на ажурирање преку интернет. На екранот се пребаруваат достапните ажурирања.
2. Се прикажуваат само софтверските пакети што се понови од оние кои се тековно инсталирани. Стандардно се избрани сите пакети.
3. Одберете го копчето за превземање. Ако не започне ажурирањето, следете ги пораките на екранот за да ги решите проблемите.
4. Индикаторот за напредување (A) дава процентуален приказ на секој пакет што се превзема. Зелена ознака за штиклирано (B) се прикажува кога пакетот е успешно превземен.
5. Изберете го копчето за инсталирање за да почнете со инсталирање на превземените софтверски пакети.

⚠ ВНИМАНИЕ: За време на инсталацијата на софтверот:

PC23933 —UN—21MAR17

A—Индикатор за напредокот **B—Инсталацијата е успешна**

Сите апликации ќе бидат исклучени.

Нема да се прикажуваат пораки од системот.

За да спречите повреда, осигурете дека машината е во положба Паркирање и одржувајте го електричното напојување за време на процесот на инсталацијата.

6. Се прикажува порака кога ажурирањето на софтверот е готово. Некои софтверски пакети имаат потреба од рестартирање за да се заврши инсталацијата. Изберете го копчето Рестартирај за да го рестартирате дисплејот.

Решавање проблеми

Кога некој софтверски пакет не може да се инсталира, системот го враќа целиот софтвер назад во верзијата пред инсталацијата.

Прочитајте ја пораката за грешка ако ажурирањето на софтверот не успее. Избришете ги датотеките од УСБ уредот и повторно преземете го ажурирањето за софтверот на УСБ уредот. Повторете го процесот за инсталација на софтверот.

Ако ажурирањето на софтверот продолжи да не успева, контактирајте трговец со John Deere опрема.

DX,PC,SOFT,UPDATE -A8-07APR17-3/3

Активации

Користете ја оваа картичка за да ги управувате активациите на дисплејот.

StellarSupport.com има потреба од серискиот број на дисплејот, сигурносен код и може да побара код за потврда со цел да генерира код. Изберете го копчето Детали за да ги пронајдете овие информации.

Еден код може да вклучува повеќе карактеристики, но може да врши само еден тип активација (активирање или деактивирање). На пример, еден код може да активира три карактеристики, додека пак посебен код би бил потребен за деактивирање на две карактеристики.

PC23905 —UN—17MAR17

Копче Детали

Продолжува на следната страница DX,PC,SOFT,ACTIVATE -A8-07APR17-1/2

Внесете код за активација или деактивација

PC23906 —UN—17MAR17

1. Изберете го копчето Внеси код.
2. Користејќи ја тастатурата, внесете го кодот за активација или за деактивација. Изберете го копчето ОК (во ред).
3. Запишете го кодот за потврда и внесете го кодот во StellarSupport.com.

Копче Внеси код

DX,PC,SOFT,ACTIVATE -A8-07APR17-2/2

Service ADVISOR™ Remote

PC16682 —UN—18MAR13

Service ADVISOR™ Remote е достапно во апликација ISOBUS VT.

ISOBUS VT

Service ADVISOR е регистриран заштитен знак на Deere & Company

DX,PC,SAR -A8-07APR17-1/3

PC15293 —UN—18MAR13

1. Изберете го копчето за мени во склоп со ISOBUS VT.

Мени на ISOBUS VT

Продолжува на следната страница

DX,PC,SAR -A8-07APR17-2/3

2. Изберете далечински ажурирања на софтвер.

Теорија на работење

Service ADVISOR™ е алатка за дијагностика која се користи од трговците со John Deere опрема за извршување дијагностика и ажурирања на поставките и софтверот на машината. Трговците може да пристапат до дијагностичките кодови за грешки и адресите за дијагностика, да креираат отчитувања и записи како и да ги програмираат контролерите. Оваа технологија се состои и од софтвер и од хардвер. Техничарите посетуваат најмалку 8 часови обука пред да бидат овластени за користење на оваа алатка.

Service ADVISOR™ Remote (SAR) е функција на Service ADVISOR™ што овозможува трговските техничари да се поврзат со машина која има SAR преку мрежата JDLink™ за далечински пристап до информации за дијагностичките кодови за грешки и запишување дијагностички податоци, како и далечински да ги програмираат контролерите на машини кои имаат SAR.

Слично како и ажурирања на софтвери (payload) во компјутерската индустрија, SAR овозможува John Deere далечински да достави ажуриран софтвер преку поставениот хардвер JDLink™. Далечинското програмирање им ја дава можноста на John Deere да го ажурираат софтверот за подобрување на перформансите на машината. Оваа способност може да се користи за репрограмирање на повеќето

JDLink е регистриран заштитен знак на Deere & Company

PC17281 —UN—10SEP13

Далечински ажурирања на софтвер

контролери на машината. Корисникот активно учествува со трговецот во овој процес преку преземање на софтверскиот пакет и инсталирање на ажурирањето за софтверот.

ЗАБЕЛЕШКА: Некои контролери на возилото можеби не се компатибилни со репрограмирањето SAR.

Компатибилност на возилото

ЗАБЕЛЕШКА: Ако е опремена, апликацијата за корисници и пристап дава можност да ги отклучите, делумно да ги заклучите или да го блокирате операторскиот пристап до специфични компоненти. Ова ја вклучува и можноста за преземање и инсталирање ажурирања за софтверот. Ве молиме за повеќе детали погледајте во корисници и пристап.

За тековната листа на одобрени возила, ве молиме контактирајте го трговецот на John Deere или посетете ја страната StellarSupport.com.

DX,PC,SAR -A8-07APR17-3/3

Репрограмирање на возилото

Со SAR, трговците имаат можност да испратат нов софтвер до дадена машина за да се ажурираат контролерите. Штом трговецот го испрати софтверот, се појавува порака на екранот наведувајќи дека е достапен нов софтвер. Притиснете го копчето за прифаќање (A) за да се прикаже страната за софтверски ажурирања.

Ако е избрано копчето за откажување (B), пристапете до страната со одбирање на далечинско софтверско ажурирање од ISOBUS VT менито.

A—Копче Потврди **B—Копче Откажи**

PC20419 —UN—13NOV15

Достапно е ажурирање на софтверот

Продолжува на следната страница DX,PC,SAR,VEHICLE -A8-21DEC15-1/6

Преземање на ажурирања

На страницата Далечинско ажурирање на софтверот, операторот може или да го откаже (A) или да го преземе (B) новиот софтвер. Притискањето на копчето Преземи софтвер (B) ќе го започне процесот на преземање. Процесот ќе продолжи во заднината и нормалната работа на машината може да продолжи.

A—Копче Отфрли ажурирање
B—Копче Преземи софтвер
C—Копче Инсталирај софтвер



PC17279 —UN—10SEP13

Далечински ажурирања на софтвер

DX,PC,SAR,VEHICLE -A8-21DEC15-2/6

Инсталирање на ажурирања

Откако софтверот ќе биде преземен и спремен за инсталација, на екранот ќе се прикаже порака. Притиснете го копчето за прифаќање (A) за да отидете до страната за далечинско софтверско ажурирање.

Инсталацијата на софтверот може да трае до 40 минути. Со притискање на копчето за откжување (B) ви е овозможено да го ажурирате софтверот подоцна ако тоа го сакате.

A—Копче Потврди
B—Копче Откажи

PC20420 —UN—13NOV15

Ажурирањето е спремно за инсталирање

Продолжува на следната страница

DX,PC,SAR,VEHICLE -A8-21DEC15-3/6

PC12856 —UN—07SEP10

PC12672 —UN—28JUN10

На страницата Далечински ажурирања на софтверот, притиснете го копчето Инсталирај софтвер за да го започнете процесот на инсталација.

Кога од вас ќе се побара, прифатете ги условите и правилата, а потоа следете ги упатствата на екранот.

⚠ ВНИМАНИЕ: Некои функции на возилото, вклучувајќи ги и светлата, можеби нема да функционираат за време на репрограмирањето. За да се избегнат повреди, погрижете се возилото да биде на безбедна локација и конфигурација пред да започне репрограмирањето. Не извршувајте репрограмирање во близина на јавни патишта или на активни работни локации.

DX,PC,SAR,VEHICLE -A8-21DEC15-4/6

Ако во преземениот софтвер е вклучено и ажурирање на дисплејот од генерација 4, најпрво се ажурира дисплејот. Кога е готово, се појавува порака “Софтверот е успешно инсталиран” и дисплејот ќе се рестартира.

Откако дисплејот ќе се ажурира, ќе започне ажурирање на контролерот.



PC17630 —UN—10SEP13

Продолжува на следната страница

DX,PC,SAR,VEHICLE -A8-21DEC15-5/6

PC12857 —UN—07SEP10

PC13582 —UN—09MAY11

Ако се појави проблем за време на процесот на инсталацијата, системот ќе се обиде да изврши втора инсталација. Ако вториот обид е неуспешен, ве молиме контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

DX,PC,SAR,VEHICLE -A8-21DEC15-6/6

Решавање на проблеми — репрограмирање

Симптом	Проблем	Решение
Загуба на енергијата на дополнителната опрема	Моторот е стартуван или клучот е исклучен.	Не стартувајте го моторот и не отстранувајте го напојувањето додека се инсталираат ажурирања на софтверот. Завртете го клучот во исклучена положба, а потоа вратете го повторно во ВКЛУЧЕНА положба.
Низок напон	Напонот на системот е премногу низок за да се продолжи со инсталацијата на софтверот.	Исклучете ги или отстранете ги дополнителните опреми ако не се потребни. Проверете го напонот на акумулаторот и наполнете го акумулаторот ако е потребно.
Грешка во комуникацијата	Инсталирањето на софтверот не може да се доврши поради грешка во комуникација.	Завртете го клучот во исклучена положба, а потоа во вклучена положба. Потоа, обидете се повторно со инсталацијата на софтверот. Контактирајте го John Deere трговецот доколку не може да се воспостави комуникација.
Копчето за далечинско ажурирање на софтверот не е на екранот. *ЗАБЕЛЕШКА: Далечинските софтверски ажурирања треба да бидат достапни во секое време, без разлика дали постои наплата или не.*	Не можете да пристапите до страната на екранот за софтверски далечински ажурирања.	Проверете го кабелскиот сноп и приклучоците на MTG.

DX,PC,SAR,TROUBLE -A8-21DEC15-1/1

Управувач на фајловите

Апликацијата Уредувач на датотеки се користи за пренесување податоци во и од екранот. Податоците може да бидат пренесувани безжично со оперативниот центар на John Deere, или употребете USB уред за пренос на податоци меѓу екраните или софтверот на компатибилен десктоп.

Важно е периодично да правите резервна копија од податоците на USB уред.

Интерната меморија на приказот е наменета за да има доволно капацитет за чување на сите податоци од машината за една сезона. Се појавува порака кога е употребена 95% од меморијата. Податоците треба да се експортираат и избришат пред искористеноста на меморијата да надмине 95%.

PC16671 —UN—18MAR13

Управувач на фајловите

Навигација до управувачот на фајловите

1. Изберете мени.
2. Изберете ја картичката за системот.
3. Изберете ја апликацијата за управувачот на фајловите.

Продолжува на следната страница

DX,PC,FILE -A8-07APR17-1/8

Враќање на фабричките податоци

Одберете ги поставките на врвот од апликацијата за уредување на датотеки за да отворите фабричко ресетирање на податоци.

Процесот ги отстранува сите кориснички податоци од екранот и неможе да бидат повратени. Кориснички податоци ги вклучува и направената поставка и документираните податоци, информациите за наведување, вкупните и сопствено направените прикази за страната за стартување. Поставките за јазикот, регионот и активациите не се ресетираат. Потребно е рестартирање по ресетирање.

PC17398 —UN—22OCT14

Поставки

Направете фабричко ресетирање на податоците пред да ја продадете машината.

DX,PC,FILE -A8-07APR17-2/8

Типови на податоци

- Патеките за наведување (A) вклучуваат линии за наведување и се поврзани со клиентот, фармата и имињата на полињата.
- Сопствено уредените страни за стартување (B) може да се пренесуваат меѓу екраните од 4 генерација, што се со иста величина.

  ЗАБЕЛЕШКА: Увезените страни за стартување се достапни кај префрлачкото копче наменето за сите страни за стартување во уредувањето на приказот.

  Некои страни за стартување на модули се ресетираат на зададените поставки кога се увезуваат.

  Модулите на работната страна направена за ISOBUS VT контролните единици на приклучниот уред се јавуваат како недостапни ако контролната единица не е поврзана со машината.

- Работните податоци (C) ги вклучуваат податоците од карта и вкупните податочни вредности. Тоа може

PC23067 —UN—19SEP16



A—Патеки на управување
B—Лични работни страници
C—Работни податоци

да биде вчитано во оперативниот центар на John Deere, или извадени во софтверот на компатибилен десктоп. Работните податоци неможе да се внесат на екран од генерација 4.

ЗАБЕЛЕШКА: За да ги извезете работните податоци, потребен ви е екран 4600 и активација на документацијата.

Продолжува на следната страница

DX,PC,FILE -A8-07APR17-3/8

- Границите (D) се обликуваат со користење на апликацијата за полиња и граници.
- Рецептите (E) се оформуваат со користење на апликацијата за работни поставки.
- Таканаречените "скриншотови" (F) ја копираат сликата прикажана на екранот. (За инструкции погледајте во делот за фаќање на скриншотови.)
- Записите на грешки (G) се генерираат автоматски на екранот и можат да се користат од страна на John Deere за решавање на проблемите.
- Податоците за поставки (H) вклучуваат клиент, фарма и имиња на полиња, сорти на посеви и производи.
- Задачите на ISOBUS се конфигурираат преку апликацијата Задачи на ISOBUS.
- Разни локатори на датотеки се конфигурирани со помош на оперативниот центар на John Deere или Apex™.

PC23068 —UN—19SEP16

D—Граници
E—Рецепти
F—Слики

PC23879 —UN—09MAR17

G—Записи на грешки
H—Постави податоци
I— Задачи во ISOBUS
J— Variety Locator

Apex е регистриран заштитен знак на Deere & Company

DX,PC,FILE -A8-07APR17-4/8

Синхронизирање на податоците

Синхронизацијата на податоци се користи за праќање податоци на мануелен или автоматски начин директно во оперативниот центар на John Deere. Податоците се пренесуваат со помош на мобилниот сигнал преку портата за модуларна телематика (MTG).

Првенственост на синхронизацијата на податоци

За автоматско испраќање на работните податоци, штиклирајте го полето за “Автоматска синхронизација на работни податоци”. Податоците се испраќаат во оперативниот центар на John Deere кога MTG е во место покриено со мобилна мрежа. Доколку нема мобилна мрежа, работните податоци се складираат во екранот. Податоците се испраќаат штом се воспостави мобилниот сигнал за да може MTG да оствари повик.

Податочни прекинувачи

Иако периодично работните податоци автоматски се праќаат од екранот до оперативниот центар на John Deere, датотеките неможе да се видат во оперативниот центар се додека не се случи едно од овие активирања:

PC21844 —UN—16NOV15

Синхронизирање на податоците

- Започнување на нова работа, или промена на клиент, фарма, или поле.
- Губење мобилна комуникација меѓу екранот и оперативниот центар на John Deere за повеќе од 30 минути.
- Исклучете го, а потоа вклучете го копчето во период од 30 минути.
- Исклучете го копчето повеќе од 30 минути.

Продолжува на следната страница

DX,PC,FILE -A8-07APR17-5/8

Импортирање податоци

Бирање метод за внесување податоци:

- Внесување од USB уред – Одберете ги папките на USB уредот што ги содржат податоците кои се внесуваат.
- Внесување на примени датотеки – Внесете ги датотеките за поставки, работни податоци и опис од оперативниот центар на JohnDeere.

Откако ќе ги увезете датотеките за поставување и налозите во екранот, користете ја опцијата Поставување на работата за да ја примените датотеката. Повикајте се на помошните датотеки на оперативниот центар на John Deere за тоа како да создадете и испратите датотеки со поставки до екран од 4-та генерација.

Компатибилност

Податоци што може да се префрлат од друг екран од 4 генерација, GreenStar™ 3 2630 екран, компатибилен десктоп софтвер или оперативен центар на John Deere.

Оперативниот центар на John Deere не подржува можност за преглед, праќање или примање на работни страници. Доколку датотеката со поставки содржи само работни страници, датотеката се прикажува како невалидна во оперативниот центар на John Deere. Доколку датотеката за поставување содржи линии или граници и страници за извршување, таа се вчитува правилно, а страниците за извршување не се прикажуваат.

ЗАБЕЛЕШКА: Направете ажурирање на Apex™ или десктоп апликација од трета страна ако постојат проблеми со пренесувањето на податоци.

Изберете го форматот на картичка GS3 2630 кога ќе експортирате од Apex™. За користење линии за управување од други екрани GreenStar™, преземајте ги линиите за управување во Apex™, а потоа извезувајте ги во форматот на картичката GS3 2630.

PC20405 —UN—30APR15

Импортирање податоци

Конфликти на податоци

Кога е неопходно, увезениот клиент, фарма и имињата на полињата се променети. На пример, "Field1" се преименува во "Field1(1)".

Ако линиите за водење се во исто поле и се креирани со ист метод на следење, приказот ги обработува следните конфликти.

Различно име, иста линија

- Ако линиите се исти, името на линијата на водење на приказот се заменува со името на приказот на USB-то.

Исто име, различна линија

- Ако има две различни линии со исто име, името на линијата на USB-то ќе се смени кога ќе се импортира. На пример, "Track1" се преименува во "Track1(1)".

ЗАБЕЛЕШКА: Дадена датотека може да не успее да се увезе од повеќе причини. За да одредите која датотека ги предизвикува проблемите, отстранете ги индивидуалните датотеки од USB уредот и обидете се да ги увезете останатите датотеки.

GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company
Apex е регистриран заштитен знак на Deere & Company

DX,PC,FILE -A8-07APR17-6/8

Експортирање податоци

Изберете метод за извезување за да ги пренесете посакуваните типови податоци.

- Изберете сопствен извоз за да ги пренесете работните страни и работните податоци од спецификациите за поле и линиите за наведување.
- Изберете Извезување на сите податоци за брзо да ги пренесете сите работни податоци, линии за управување и страници за извршување со помош на стандардните параметри.

PC20406 —UN—30APR15

Експортирање податоци

- Изберете Дијагностички податоци за да ги пренесете сликите и датотеките на дневникот со грешки.

Продолжува на следната страница

DX,PC,FILE -A8-07APR17-7/8

Бришење податоци

Опцијата за бришење ги брише избраните типови податоци од екранот.

- Изберете корисничко бришење за да ги отстраните работните податоци, линиите за наведување, прописите и работните страници.
- Изберете Исчисти ги дијагностичките податоци за да ги отстраните сликите и датотеките на дневникот со грешки.

PC20407 —UN—30APR15

Бришење податоци

DX,PC,FILE -A8-07APR17-8/8

USB драјв

Барања за USB за прикази John Deere

- Формат - Windows FAT или FAT32. Овој екран не препознава NTFS формат.
- Капацитет - не постои максимално ограничување на меморискиот капацитет за уредот.
- Поврзување: USB 2.0
- Максимални димензии - 9.2 mm (3/8 in) дебелина со 21.7 mm (7/8 in) ширина

Најдобри пракси

- После ставањето на USB уредот, почекајте 10 секунди. Кај поголемите со капацитет USB уреди може да потрае за да бидат препознаени.
- Користете USB уред што е поголем од 4 GB или поголем, така да може да складирате повеќе копии.
- Избришете ги сите фајлови од USB-то кои не се поврзани со приказите John Deere.

Проверете го табот за графичкиот хардвер во апликацијата за дијагностички центар, за да одредите дали екранот го препознава USB уредот.

DX,PC,FILE,USB -A8-07APR17-1/1

Снимање слики од екранот

Изберете го подрачјето кое е означено во горниот лев агол на екранот. Притиснете и задржете додека екранот не светне и приказот не направи звук на сликање со камера.

Внесете го USB-то и изберете Export Data (експортирање податоци) за да пренесете на снимки од екранот на USB драјвот.

A—Подрачје на снимката од екран



PC17263 —UN—15JUL13

DX,PC,FILE,SCREENSHOT -A8-22DEC15-1/1

Дијагностички центар

Дијагностичкиот центар е место каде што се наоѓа дијагностиката на целиот систем. Изберете една од картичките за повеќе информации.

Дијагностика на системот

- Погледнете дијагностички информации за машината, приклучниот уред, и апликациите на екранот.

Дијагностика на контролерот

- Пристап до дијагностички адреси, дијагностички код за грешка, и специфични информации за секој уред поврзан на CAN bus.

Проблематични кодови

- Прегледајте ги сите активни или складирани дијагностички кодови за грешки.

Приказ на хардверот

- Прегледајте ги дијагностичките параметри за процесорот, мониторот и дисплејот.

PC17272 —UN—17JUL13

Дијагностички центар

Информации за магистралата CAN Bus

- Погледнете дијагностички информации за секој CAN bus.

Мрежа

- Прегледајте ги дијагностички параметри на MTG.

Навигација до Дијагностичкиот центар

1. Изберете мени.
2. Изберете ја картичката за системот.
3. Изберете ја апликацијата Дијагностички центар.

DX,PC,DIAG -A8-07APR17-1/1

Дијагностика на контролерот

Дијагностиката на контролерот ги прикажува следниве информации за контролерите кои се поврзани со магистралата CAN Bus.

Уред

- Секој уред во листата е идентификуван со ID на уредот, адреса CAN и положба на мрежата CAN.

Кодови

- Укажува дали уредот има дијагностички кодови за грешки.

Број на пораки

- Бројот пораки CAN кои дисплејот ги има добиено од контролерот. Употребете го копчето за нула на дното од страницата за да го ресетирате бројот на пораки за сите уреди.

Прикажување и подредување

Изберете го копчето до **View by** (приказ според) за да го промените начинот на прикажување на контролерите. Достапните прикази се:

Сите уреди

- Се прикажуваат сите контролери поврзани со дисплејот.

Уреди на магистралата Bus на приклучниот уред

- Прикажани се само контролери на магистралата CAN Bus на приклучниот уред.

Уреди на магистралата Bus на возилото

- Прикажани се само контролерите на магистралата CAN Bus на возилото.

Изберете го копчето до **Sort by** (подреди по) за да ја подредите листата според овие филтри.

Уред

- Листата е подредена според ID на уредот.

Има кодови

- Листата е подредена според тоа дали уредот има дијагностички кодови за грешки.

DX,PC,DIAG,CONTROLLER -A8-22DEC15-1/1

Информации за дијагностика

Изберете контролер од листата за дијагностика на контролер за подетални информации.

ЗАБЕЛЕШКА: Дисплејот се поставува во Дијагностички режим кога ќе се избере контролер. Дијагностичкиот режим се отстранува кога се затвора страната за контролер.

Дијагностички адреси

ВАЖНО: Променувањето на поставките во Дијагностичките адреси може да ја оштети машината или контролерите на приклучниот уред. Следете ги упатствата и бидете внимателни кога ги променувате вредностите на адресите.

Контролерите имаат адреси кои ги складираат вредностите за различните поставки. Секоја адреса е идентификувана преку број и тип на адресата. Податочните адреси можат само да се гледаат (на пример, информација за верзијата на софтверот) додека пак влезните адреси можат да се уредуваат (на пример, поставки за калибрација).

Дијагностички кодови за грешки

Се прикажуваат тековните и складираните кодови за избраниот контролер. Изберете код од листата за да ги видите деталите за кодот.

Информации за контролерот

Информациите за контролерот прикажуваат детални спецификации и информации за идентификација од контролерот. Ова информација е корисна за дијагностика на ISOBUS.

DX,PC,DIAG,INFO -A8-22DEC15-1/1

Криење на дијагностичкиот центар

Дисплејот се поставува во дијагностички режим откако ќе се избере контролер. Изберете Криење на дијагностичкиот центар за да ја минимизирате апликацијата и да се вратите во главната страница.

Копчето Криење е корисно за пристапување до друг дел од дисплејот за време на постапката на калибрација. За да се вратите во истата страница за дијагностика, изберете ја апликацијата Дијагностички центар од менито.

ЗАБЕЛЕШКА: Оставањето на дисплејот во дијагностички режим не се препорачува, затоа што може негативно да влијае на перформансите.

PC15331 —UN—08JUL13

Криење на дијагностичкиот центар

Отстранете го дијагностичкиот режим преку затворање на страницата за контролерот.

DX,PC,DIAG,HIDE -A8-22DEC15-1/1

Дијагностички кодови за грешки

Картичката дијагностички кодови за грешки ги прикажува сите тековни и складирани кодови кои се појавиле за системот.

Одберете го копчето за освежување (A) за да избришете, и потоа да ги превземете сите кодови.

Одберете го копчето за бришење на кодови (B) за да ги отстраните сите кодови од екранот.

PC15332 —UN—08JUL13

A—Копче за освежување

B—Копче за бришење на кодови

Продолжува на следната страница

DX,PC,DIAG,DTC -A8-07APR17-1/3

Прикажување и подредување

Изберете го копчето до **View by** (приказ според) за да го промените начинот на прикажување на кодовите. Достапните прикази се:

Код

- Приказот според "Код“ ги наведува сите кодови на дисплејот. Тип на код (A—C), детали, статус и броење, сето тоа е прикажано. Изберете код од листата за да ги видите деталите за кодот.

Уред

- Приказот според “Уред” ги наведува сите контролери на магистралата CAN Bus. Се прикажуваат ID на уредот, мрежа CAN и дали уредот има кодови.

PC15333 —UN—09JUL13

Типови кодови

A—Аларм за стопирање
B—Аларм за сервисирање
C—Аларм за информации

Изберете контролер во листата за да ги видите кодовите за уредот.

DX,PC,DIAG,DTC -A8-07APR17-2/3

Детали за код

Изберете го дијагностичкиот код за грешка за да ги видите деталите за кодот.

A—Тип на дијагностички код за грешка
B—Број на дијагностичкиот код за грешка
C—ID на уред
D—Мрежа CAN Bus
E—Статус на код
F—Број
G—Дијагностички код за грешка
H—Опис на дијагностичкиот код за грешка



PC15334 —UN—09JUL13

Детали за код

DX,PC,DIAG,DTC -A8-07APR17-3/3

Приказ на хардверот

Следниве информации се достапни на графичкиот хардвер:

Хардвер

- Дисплеи и процесор
  - Броеви на дел
  - Сериски броеви
  - Работни часови
- Присуство на УСБ

Електричен

- Директен напон
- Напон преку контактниот клуч
- Магистрала CAN на приклучниот уред и на возилото
  - Висок напон за магистралата CAN
  - Низок напон за магистралата CAN

ЗАБЕЛЕШКА: Моменталниот напон на CAN bus се дава просечно секоја секунда.

Друго

ЗАБЕЛЕШКА: Машината мора да биде опремена за да се добиваат одредени информации.

- Влезен статус за радарот
- Фреквенција на радарот
- Статус на прекинувачот за приклучен уред

DX,PC,DIAG,READINGS -A8-07APR17-1/1

Информации за магистралата CAN Bus

Картичката Информации за магистралата CAN Bus го прикажува статусот на комуникацијата помеѓу контролерите на магистралата CAN Bus. Магистралата CAN Bus на возилото ги приклучува контролерите како што се моторот, хидрауликата и преносот. Магистралата CAN Bus на приклучниот уред ги поврзува контролерите како што се приемникот StarFire™, втор ISOBUS дисплеј и ISOBUS приклучни уреди.

Некои вредности прикажуваат зелен индикатор или жолт индикатор со извичник. Во зависност од конфигурацијата на машината и на приклучниот уред, може да се очекува жолта.

- Зелен индикатор (A) — вредност во делот на нормален опсег.

PC15335 —UN—09JUL13

A—Зелен индикатор, нормален опсег

B—Жолт индикатор, надвор од опсегот

- Жолт индикатор (B) — вредност вон делот на нормален опсег.

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company

DX,PC,DIAG,CANINFO -A8-07APR17-1/1

Вредности за магистралата CAN Bus

Мрежен статус

Активно

- Системот работи како што е очекувано. Покрај дисплејот, најмалку уште еден контролер е поврзан и комуницира со магистралата CAN Bus.

Неактивно

- Дисплејот не комуницира со ниеден друг контролер на магистралата CAN Bus. Ако дисплејот е единствениот контролер на магистралата CAN Bus, се зголемува Бројот на вкупни пораки, но мрежниот статус не е активен.

Број на вкупни пораки

Бројот на вкупни пораки е бројот пораки испратени преку магистралата CAN Bus. Кога машината работи, оваа вредност постојано се зголемува затоа што секогаш има пораки кои се испраќаат преку магистралата CAN Bus.

Висок напон за магистралата CAN Bus и низок напон за магистралата CAN Bus

Врвниот напон е највисокиот просечен напон кој настанал од последното ладно стартување. Мерењата на напонот се средни вредности за секоја секунда. Напоните за највисок напон за CAN и за најнизок напон на CAN најчесто се во опсегот помеѓу 1,8 и 3,3 волти.

ЗАБЕЛЕШКА: Ладно стартување настанува кога дисплејот бил исклучен за 24 часа или откако директниот напон бил исклучен од дисплејот.

Искористеност на магистралата Bus

Информациите за магистралата CAN Bus се испраќаат во пораки помеѓу контролерите. CAN Bus-от на John Deere приклучниот уред работи со бауд стапка од 250 kbd, што значи може да го префрла напојувањето до 256,000 пати во секунда за пренос на пораки. Ова е 100% искористеност на Bus-от.

Ако еден контролер, како што е на приклучен уред, не работи како што се очекува, причина за тој проблем може да биде 45% или повисоката искористеност на Bus-от. Некои уреди не можат да ги испратат или да ги добијат сите потребни пораки поради високо оптоварување на магистралата Bus.

ЗАБЕЛЕШКА: Некои ISOBUS приклучни уреди не работат со оптеретеност на Bus-от поголема од 25%.

Еден StarFire™ приемник во работна состојба прави оптеретеност на Bus-от околу 5—7%.

Одвојувањето на приклучни уреди или GPS приемници може да ја намали искористеноста на магистралата Bus.

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Брзина на пренос на податоци

Брзината на преносот на податоците покажува колку брзо работи магистралата Bus. Магистралата Bus за ИСОБУС и за John Deere приклучни уреди работат со брзина од 250 kbd. Каков било контролер поврзан со овој систем мора да работи на 250 kbd, во спротивно тој нема да работи соодветно.

Состојба на магистралата CAN Bus и број на грешки

Можни се четири состојби на магистралата CAN Bus:

- Активна – магистралата CAN Bus работи без проблеми.
- Пасивна – настанале пасивни грешки.
- Предупредувачка – настанале грешки за предупредување за магистралата Bus.
- Исклучена – настанале грешки кои ја исклучиле магистралата Bus.

Ако настане една од овие грешки, дисплејот го запишува бројот колку пати настанала таа грешка.

Број на пасивни грешки

- Ако вредноста е поголема од нула, тогаш контролерот на магистралата CAN Bus ги нема примено сите пораки. Важни информации можат да бидат загубени. Ова е најверојатно поради висока искористеност на магистралата CAN Bus.

Број на предупредувања на магистралата BUS

- Ако вредноста е поголема од нула, тогаш постои проблем со некој контролер на магистралата CAN Bus.

Број на исклучувања на магистралата BUS

- Ако вредноста е поголема од нула, тогаш постои проблем со некој контролер на магистралата CAN Bus. Има испуштено одреден број пораки и повеќе не прима пораки. Важни информации се загубени. Ова се случува најверојатно во комбинација со висока искористеност на магистралата CAN Bus.

Број на грешки со пречекорување

- Бројот на грешки со пречекорување укажува дека апликациите или контролерите на магистралата CAN Bus добиваат пораки побрзо отколку што тие можат да се процесираат. Ова доведува до пораки кои недостасуваат како и до неисправност на системот. Ова се случува најверојатно во комбинација со висока искористеност на магистралата CAN Bus.

DX,PC,DIAG,CANVALUES -A8-22DEC15-1/1

Мрежа

Мрежното префрлачко копче ги прикажува дијагностичките очитувања за машините што имаат модуларен телематски пристапен дел (MTG). MTG е еден од главните делови што овозможува телематски решенија за John Deere, како што се JDLink™, Service ADVISOR™ Далечински, и Далечински екрански пристап на John Deere (RDA).

JDLink е регистриран заштитен знак на Deere & Company
Service ADVISOR е регистриран заштитен знак на Deere & Company

MTG содржи управувачки софтвер firmware, целуларен модем и SIM уред. Тој праќа и прима податоци и пораки преку целуларни мрежи.

RDA бара непрекината целуларна врска со функцијата. JDLink™ не бара непрекината целуларна врска затоа што MTG може да складира до 1000 часови на податоци.

DX,PC,DIAG,NETWORK -A8-21OCT16-1/1

Корисници и пристап

Корисници и пристап управува со поставките за корисничките профили за да ги блокира корисниците од одредени функции.

Картичка Кориснички профили

- Промена на профилот за дисплејот и поставување PIN за административен пристап.

Картичка Групи за пристап

- Складирање карактеристики за дисплејот кои се блокирани.

Навигација до Корисници и пристап

PC17262 —UN—12JUL13

Корисници и пристап

1. Изберете мени.
2. Изберете ја картичката за системот.
3. Одберете апликација за корисници и пристап.

DX,PC,USERS -A8-22DEC15-1/1

Кориснички профили

Дисплејот може да се постави за еден од двата профила, Администратор или Оператор. Активниот профил е прикажан над листата со профили.

Администраторски профил (A)

Профилот за администратор секогаш припаѓа на Групата со целосен пристап. Овозможува неограничен пристап до сите карактеристики и способноста да блокира и деблокира карактеристики за профилот на оператор. Може да се постави PIN за да се блокираат корисниците надвор од профилот за администратор.

Операторски профил (B)

Профилот за оператор секогаш припаѓа на Групата со ограничен пристап. Ограничен е само на карактеристиките до кои има овозможено пристап. Профилот за оператор мора да биде активниот профил и профилот за администратор мора да има PIN за да може да се блокираат карактеристики.

PC17265 —UN—15JUL13

A—Профил за администратор

B—Профил за оператор

Продолжува на следната страница

DX,PC,USERS,PROFILES -A8-07APR17-1/2

Промена на активниот профил

Одберете го копчето за менување на профил (A) и одберете профил од листата.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако е креиран PIN за профилот за администраторот, мора да биде внесен кога се променува од профил за оператор во профил за администратор.

Додади/промени PIN

Одберете го копчето за уредување (B) за администраторски профил. Изберете го копчето Додади/промени PIN.

PC17266 —UN—15JUL13

A—Копче Промени профил
B—Копче Уреди
C—Копче Приказ

DX,PC,USERS,PROFILES -A8-07APR17-2/2

Групи за пристап

Групите за пристап ги складираат карактеристиките за дисплејот до кои корисниците имаат пристап. Групата со целосен пристап може да ги користи сите карактеристики на дисплејот, додека пак групата со ограничен пристап може да биде ограничена да користи само одредени карактеристики.

ЗАБЕЛЕШКА: Групата со целосен пристап не може да се уредува.

Групите со ограничен пристап можат да се уредуваат само ако активниот профил е профилот за администратор.

Одберете го копчето за приказ (A) за да се прикаже резимето на пристапната група. Одберете го копчето за уредување на група (B) за да направите промени на пристапната група.

PC17267 —UN—15JUL13

A—Копче Приказ
B—Копче Уреди група

DX,PC,USERS,GROUPS -A8-07APR17-1/2

Уреди група за пристап

За секоја наведена апликација, ако нема блокирано карактеристика, се прикажува “Нема блокирано”. Кога карактеристиките се блокирани, тие се наведени под името на апликацијата и иконата се променува во блокирана.

Изберете некоја апликација за да ја означите и изберете го копчето Уреди.

Страницата Уредување на правата за пристап прикажува листа со карактеристики кои можат да бидат блокирани или деблокирани преку променување на прекинувачот за блокирање/деблокирање. Зачувајте ги промените со затворање на страницата.

PC17268 —UN—15JUL13

A—Икона Деблокирај
B—Икона Блокирај

DX,PC,USERS,GROUPS -A8-07APR17-2/2

Управувач на распоредот

Употребете го уредувачот за изглед (Layout Manager) за создавање и измена на работните страни и лентата со кратенки така да важните информации и функции може да бидат достапни од главната страна.

Работните страници се составени од “модули” или блокови кои содржат одредени информации и копчиња. На една работна страница можат да се додаваат, отстрануваат или подредуваат модули.

Неограничен број на работни страници може да бидат создадени и сочувани. Само еден сет на работни страници со до десет работни страници може да бидат создадени.

Прилагодените страници за извршување може да се увезат од друг екран од генерација 4 со иста големина.

PC16678 —UN—18MAR13

Управувач на распоредот

Увезените страници за извршување се достапни во Сите страници за извршување.

Навигација до Управувач на распоред

1. Изберете мени.
2. Изберете картичка со апликации.
3. Изберете ја апликација Управувач на распоред.

DX,PC,LAYOUT -A8-22DEC15-1/1

Активна група

Активниот сет е колекција од најмногу десет работни страни кои се групирани заедно за една дадена работа (т.е. садење или обработување). Кога се кружи низ работните страници на главната страница, се појавуваат само страниците во Активната група.

Изберете ја Активната група за да се прикаже страницата Уреди група на работна страница.

PC15336 —UN—10JUL13

Активна група

DX,PC,LAYOUT,ACTIVESET -A8-07APR17-1/3

Додавање Работна страница во Активната група

Изберете го копчето Додади работна страница за да се прикаже листа со работни страници кои можат да бидат додадени во групата. Изберете една од работните страници и изберете OK.

PC15341 —UN—10JUL13

Копче за додавање на работна страна

Продолжува на следната страница DX,PC,LAYOUT,ACTIVESET -A8-07APR17-2/3

Уредување на работните страници во Активната група

Изберете една од работните страници за да се прикаже ред со копчиња за уредување на таа работна страница.

Одберете го копчето за уредување (A) за да ги менувате модулите на сите работни страни.

Одберете го копчето за удвојување (B) за да создадете нова работна страна со истите модули.

Одберете ги копчињата за горе и долу (C и D) за да го смените редоследот на работните страни. Редоследот на работната страница се користи кога се движите низ страниците на главната страница.

Одберете го копчето за отстранување (E за да ја избришете работната страна од активниот сет. Работната страница останува присутна во Сите работни страници, но не и во Активната група.

PC15338 —UN—10JUL13



A—Копче Уреди
B—Копче Дуплирај
C—Копче нагоре
D—Копче надолу
E—Копче Отстрани

ЗАБЕЛЕШКА: Копчето Отстрани не се прикажува ако во Активната група има само една работна страница.

DX,PC,LAYOUT,ACTIVESET -A8-07APR17-3/3

Лента со кратенки

Лентата со кратенки е збирка од кратенки на функциски тастери што прикажуваат информации за состојбата и овозможуваат брз пристап до апликациските функции.

Одберете примарна лента со кратенки за да ја измените лентата со кратенки.

PC17276 —UN—13AUG13

A—Меки копчиња за скратен пристап

DX,PC,LAYOUT,SHORTCUTBAR -A8-07APR17-1/2

Измена на лента со кратенки

Кратенките може да се додаваат, отстрануваат и преуредуваат на лентата со кратенки.

ЗАБЕЛЕШКА: Иста кратенка може да се стави на лентата со кратенки само еднаш.

Одберете го копчето за додавање на кратенки (A) и изберете апликација со соодветна содржина. Апликациите без достапни кратенки се избледени. Од листата, најдете кратенка која ја изведува посакуваната функција и одберете го копчето за додавање.

Откако е додадена на лентата за кратенки, одберете ја кратенката за да ја нагласите. Притиснете ја кратенката (B) и со лизгање преместете ја на слободен простор.

За отстранување на кратенка, одберете ја кратенката за да ја нагласите и одберете го копчето за отстранување (C).

PC17386 —UN—15MAY14

PC17387 —UN—15MAY14

A—Копче Додади
B—Поместување на икона на кратенка
C—Копче кратенка за отстранување

DX,PC,LAYOUT,SHORTCUTBAR -A8-07APR17-2/2

Сите работни страници

Картичката Сите работни страници ги прикажува сите работни страници кои се креирани на дисплејот. Ова ги вклучува тековните работни страници кои се во Активната група, како и работните страници кои ќе бидат користени при идните операции.

PC15340 —UN—10JUL13



Сите работни страници

DX,PC,LAYOUT,ALLRUNPAGES -A8-07APR17-1/3

Уредување работна страница

Изберете една од работните страници за да се прикаже ред со копчиња за уредување на таа работна страница.

Одберете го копчето за уредување (A) за да ги менувате модулите на сите работни страни.

Одберете го копчето за удвојување (B) за да создадете нова работна страна со истите модули.

Одберете го копчето за отстранување (C) за да ја избришете работната страна од екранот. Ова трајно ја отстранува работната страница од дисплејот и од Активната група.

PC15339 —UN—10JUL13



A—Копче Уреди
B—Копче Дуплирај
C—Копче Отстрани

ЗАБЕЛЕШКА: Копчето Отстрани не се прикажува ако е избрана фабричката стандардна работна страница.

DX,PC,LAYOUT,ALLRUNPAGES -A8-07APR17-2/3

Креирање работна страница

Изберете го копчето Додади нова за да креирате нова работна страница.

PC15341 —UN—10JUL13

Копче Додади нова

DX,PC,LAYOUT,ALLRUNPAGES -A8-07APR17-3/3

Додавање, уредување или дуплирање работни страници

Истиот интерфејс се прикажува при додавање, уредување или дуплирање работна страница. Нова работна страница е празна, додека дуплирани или уредувани работни страници имаат постоечки модули.

Име на работна страница

Секоја работна страница мора да има уникатно име. Одберете го копчето за уредување (A) за да именувате или преименувате работна страна.

Додавање модул

Одберете го копчето за додавање на модул (B) и изберете апликација со соодветна содржина. Од листата, пронајдете го модулот со посакуваните информации и изберете го копчето Додади.

PC15337 —UN—10JUL13

A—Копче Уреди
B—Копче Додади модул

ЗАБЕЛЕШКА: Истиот модул може да биде поставен само еднаш во работната страница.

ЗАБЕЛЕШКА: Започнете со поголеми модули пред да додавате помали модули за целосно да го исполните просторот.

Употребете ја мрежата за да ја одредите големината на простор потребен за модулот.

Продолжува на следната страница

DX,PC,LAYOUT,ADDRUNPAGES -A8-07APR17-1/3

Подредување модули

Откако ќе биде додаден на работна страница, изберете го модулот за да го означите. Притиснете и лизгајте го модулот за да го поместите во отворена површина.

PC15342 —UN—10JUL13

Поместување модул

DX,PC,LAYOUT,ADDRUNPAGES -A8-07APR17-2/3

Отстранување модул

Изберете го модулот за да го означите, а потоа изберете го копчето Отстрани.

PC15343 —UN—10JUL13

Копче Отстрани модул

DX,PC,LAYOUT,ADDRUNPAGES -A8-07APR17-3/3

Навигација низ работните страници на главната страница

Ако повеќе од една работна страница е во Активната група, постојат повеќе начини за избирање која работна страница ќе се прикажува на главната страница.

PC17357 —UN—03DEC13

A—Насловна лента

Насловна лента

Изберете ја насловната лента (A) на врвот на главната страница за да се прикаже листа на сите работни страници што се активни за поставки. Изберете работна страница за да се вратите во главната страница.

DX,PC,LAYOUT,NAV -A8-07APR17-1/3

Копчиња за следна и претходна работна страница

Изберете ги стрелките или за десно или за лево (B) за да се движите циклично низ работните страници.

Лизгање со прстот

Повлечете со прстот (C) низ екранот, лево или десно, за циклично движење низ работните страници.

PC17358 —UN—03DEC13

B—Копчиња за следна и претходна работна страница

C—Лизгање со прстот

DX,PC,LAYOUT,NAV -A8-07APR17-2/3

Копче за брз пристап до лентата за навигација

Изберете ја десната стрелка (D) под екранот на CommandCenter™ лентата за навигација.

D—Копче за брз пристап до лентата за навигација

PC17359 —UN—03DEC13

CommandCenter е регистриран заштитен знак на Deere & Company

DX,PC,LAYOUT,NAV -A8-07APR17-3/3

Полиња и граници

Имињата на полињата обезбедуваат информативна организираност така да е полесно да се најдат и користат податоците, како што се наведувачките линии. Користењето на имињата на полињата е изборно, и се појавува “---” за недефинирани имиња.

Користете ја апликацијата за полиња и граници за да:

- За да го изберете името за локација на полето што се користи за сите други апликации.
- За да создадете име за клиент, фарма или поле.
- Го менува името на клиентот, фармата или полето.
- Поврзува поле на различна фарма или клиент.
- Го брише клиентот, фармата или полето.
- Создадете граници.

Изберете го полето Клиент, фарма и поле за да ја поставите тековната локација и изберете име на полето што ќе го користите за сите други апликации.

Интеграција со наведувањето

- Едно дадено поле може да биде поврзано со една наведувана патека кога патеката е креирана, или со уредување на курсот.
- Листата на наведувани патеки може да биде филтрирана според името на полето.

Страна за стартување на модул

PC17260 —UN—11JUL13

Апликација за полиња и граници

Модулот за локација за полињата на апликацијата се достапни кај апликацијата за уредување на изгледот. Таа е достапна на зададената страна за стартување на наведувањето, и тоа може да биде додадено на секоја страна за стартување.

Одберете поле во модулот за локација за да:

- Ја филтрирате листата на патеките за наведување.
- Ги поврзете новите патеки на полето кога тие се создадени.
- Почнете со нови или продолжете со претходните работни податоци.

Навигација до полињата

1. Изберете мени
2. Изберете картичка со апликации.
3. Изберете апликација за полиња.

DX,PC,FIELDS -A8-22DEC15-1/1

Управувате со клиентите, фармите и полињата

Организација на поле

Користете ја следната хиерархија за полесно да се организираат податоците:

- Клиенти (A) се на највисоко ниво на организација.
- Фарми (B) се на средно ниво на организација. Фармата може да биде поврзана со клиент.
- Полиња (C) се на основно ниво на организација. Полето може да се поврзе со фарма и со клиент.

Не е потребна строга хиерархија, иако е можно да се користат само имиња на полињата, и да се остават имињата на фармата и на клиентот празни. Дури не мора воопшто да се користат имиња за полињата.

Овие одлуки зависат од количината на податоци што се чуваат. Повеќе податоци бараат да се има структура со цел да се најде некое поле.

ЗАБЕЛЕШКА: Во претходните прикази на John Deere, мапите и линиите за водење на беа зачувани врз основа на имињата на полињата. Во приказот од 4. генерација, податоците се зачувуваат по точки на географска ширина и должина. Името на полето треба само за да се филтрираат податоците.

Избор и филтер на имиња

Во хиерархијата на клиент, фарма и поле, изберете клиенти и фарми за да ги најдете полињата.

1. Изберете ја картичката за клиенти.
2. Од листата, изберете клиент. Името на клиентот е прикажано на табот на клиентот.
3. Табот на фармата е прикажан автоматски. Ќе се излистаат само фармите поврзани со клиентот.
4. Од листата, изберете фарма. Името на фармата е прикажано на табот на фармата.
5. Табот на полето е прикажан автоматски. Ќе се излистаат само полињата поврзани со клиентот и фармата. Изберете поле.

Отстранете го филтерот

Отстранете го филтерот со избирање на копчето за чистење на избраниот дел.

Креирајте и уредувајте имиња

PC17389 —UN—15MAY14

A—Клиент
B—Фарма
C—Поле

ЗАБЕЛЕШКА: Клиентите, фармите или полињата не треба да бидат преименувани откако податокот е снимен. Ако е преименувано, променете го името на другите места, како што е John Deere оперативниот центар.

Имињата на клиентот, фармата и полето не може да се удвојат. Имињата поврзани со различни клиенти и фарми мора да бидат единствени.

Картички за клиенти и за фарми

Кога се избрани картичките за клиент или фарма, изберете го копчето Edit (уредување) на дното на страницата за да се прикаже списокот за уредување на клиенти или уредување фарми.

На било која листа, изберете едно име на клиент или фарма за да го уредите истото, или изберете ново копче на дното од страната за да креирате име.

Картичка за полиња

Кога табот на полето е избрано, нагласено е името на полето и изберте го копчето за уредување за да го уредите полето. Изберете ново копче на дното од страната за да креирате име.

Бришење на име

За да избришете име, уредете го клиентот, фармата или полето, и изберете го копчето за бришење на страната за уредување.

- Со бришење на клиентот исто така се бришат сите фарми, полиња и наведувачки патеки поврзани со клиентот.
- Со бришење на фарма исто така се бришат сите полиња и наведувачки патеки поврзани со фармата.
- Со бришење на поле исто така се бришат сите наведувачки патеки поврзани со полето.

DX,PC,FIELDS,MANAGE -A8-07APR17-1/1

Граници на полето

Надворешната граница (A) го означува периметарот на даденото поле.

Внатрешните граници означуваат важни области во полето. Тие може да бидат или непреминливи (розева) (B) или преминливи (жолта) (C). Пример на непроодна граница е бунар, а пример за проодна граница е воден пат.

Необработени гранични појаси (жолти цртички) (D) ги означуваат местата во полето каде што завршуваат редовите или има завртување на редовите. Тие се создаваат во внатрешноста на надворешната граница и околу внатрешните непроодни граници.

Кога се користат со контролата за секции, границите спречуваат примена на производот во внатрешноста на означените области во полето и надвор од него.



PC21838 —UN—19NOV15

A—Надворешна граница (Розева)
B—Внатрешна непреминлива граница (Розева)
C—Внатрешна преминлива граница (Жолта)
D—Необработен граничен појас (Жолта)

Пресметка на површината

Приближната област на границата се пресметува на дводимензионална рамнина. Сите активни области со внатрешни граници се извлекуваат од областа на надворешната граница. Промената на висината не се користи во пресметување на областа во рамките на границата.

Вкупната работа ги вклучува промените во висината во вкупно сработените области. Поради разликите во пресметката, границата и вкупната работа се разликуваат.

За создавање на граница со користење на мапа на покриеност потребно е следново:

- Име на поле.
- Карта на покриеност без празнини на покриеноста околу надворешниот дел на полето.

За создавање на возна граница потребно е следново:

- Име на поле.
- StarFire™ приемник со SF1 или подобар сигнал.

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company

DX,PC,FIELDS,BOUNDARIES -A8-07APR17-1/1

AutoTrac™ водење

Користете ја апликацијата за водење за управување на машините низ теренот долж патеките за водење. Водењето може да се биде рачно или автоматски, со користење на AutoTrac™.

Рачно водење (вклучена карактеристика)

Рачното водење, познато и како Parallel Tracking™ (Паралелно следење), му овозможува на операторот рачно да управува долж патеките за водење со користење на светлосните ленти на екранот, мапа и звучни сигнали. Потребен е приемник StarFire™ за да се работи со рачно водење. Parallel Tracking™ ја покажува положбата на машината во полето релативно со одредената патека при првото минување низ полето. Parallel Tracking™ има режими за овозможување права или заоблена патека. Користете ја иконата на машината, светлосната лента и линијата на дисплејот за да знаете во која насока да управувате за да останете на патека што е паралелна со последната. Звучните предупредувања овозможуваат операторот да се фокусира на полето.

Водење AutoTrac™ (потребна е активација)

AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company
Parallel Tracking е регистриран заштитен знак на Deere & Company
StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company

PC16676 —UN—18MAR13

Водење

AutoTrac™ е систем за потпомогнато управување кој автоматски ја управува машината низ полето. За AutoTrac™ да работи, потребен е приемник StarFire™ и интегриран систем за управување во машината. Откако операторот ќе внесе референтна патека (Патека 0) во AutoTrac™, машината ќе биде управувана по патека која е паралелна со внесената патека ако сите услови се исполнети.

Апликацијата AutoTrac™ водење ги нуди алатките за:

- Поставување патека за водење.
- Променување на ширината на патеката.
- Нагодување на поставките за подобрување на перформансите за водење.
- Вклучување на AutoTrac™.
- Прикажување излезни кодови.

DX,PC,AUTOTRAC -A8-22DEC15-1/1

Управник за опремата

Изберете ја апликацијата за менаџирање со опрема за да внесете поставки за профилот на машината и приклучниот уред. Поставките за профилот се важни за точно извршување на John Deere апликациите за прецизно земјоделство, како што е AutoTrac™, контрола на секција и мапите со работни податоци.

Навигација до управникот за опремата

1. Изберете мени.
2. Изберете картичка со апликации.

AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company

PC20410 —UN—22MAY15

Управник за опремата

3. Изберете апликација за менаџирање со опрема.

DX,PC,EQUIP -A8-22DEC15-1/1

Профил на машината

Општи поставувања

Доколку екранот препознае дадена машина, автоматски некои информации се поставени од страна на машинските контролни единици.

Во моментов, поставките на профилот не може да се увезат или извезат од екранот.

Поставките што се специфични за одредени типови на машини, ќе се појават на одредената страна, единствено ако се применливи.

- ***Зглобна точка на зглобен трактор***
  Предна оска
  - Растојание од артикулационата точка до центарот на предната осовина. Артикулациона точка е зглобната точка на машината кога се врши вртење.

  Задна оска
  - Растојание од зглобната точка до центарот на задната оска. Артикулациона точка е зглобната точка на машината кога се врши вртење.
- ***Центар на ротација кај гусеничар трактор***
  Центар на ротација
  - Растојание од зглобната точка на машината до задната осовина.

GPS офсет

- ***Страничен GPS офсет***
  - Странично растојание (лево или десно) од централната линија на машината до центарот на GPS приемникот. Вредноста вообичаено е поставена на 0.0 освен ако GPS приемникот е изместен лево или десно од централната линија на машината. Апликациите за водење и мапирање бараат нагодување на страничниот GPS офсет.
- ***Надолжен GPS офсет***
  - Должно растојание од центарот на не-управувачката осовина на машината до центарот на GPS приемникот. Апликацијата за мапирање бара нагодување на надолжниот GPS офсет.
- ***Висина на GPS***
  - Вертикално растојание од GPS приемникот до тлото.

Изедначувања на поврзувањето

- Должно растојание од средината на задната осовина до приклучната точка. Точката на поврзување е место каде приклучниот уред се спојува со машината. Апликацијата за мапирање бара поставки на изедначувањето на поврзувањето.

Враќање на фабрички поставениот профил

ЗАБЕЛЕШКА: Само на машините што се пронајдени на екранот може профилните поставки да се вратат на фабрички зададените вредности.

Зададените поставки за профилот на машината се зачувани во машинските контролни единици. Измените на овие поставки се складирани на екранот. За обновување на профилот на зададените фабрички вредности, одберете ги поставките на врвот од страната за машински профил. Потоа, одберете го копчето за ресетирање на профилот.

Користете го центарот за помош преку помошта од екран за повеќе информации околу менаџирање со опрема и машинскиот профил.

DX,PC,EQUIP,MACHINE -A8-07APR17-1/1

Профил на алат

Името на профилот се поставува автоматски врз основа на приклучниот уред што се открива автоматски и неможе да биде сочувано. Кај приклучните уреди без контролна единица, името на профилот се поставува од страна на операторот.

Во моментов, поставките на профилот не може да се увезат или извезат од екранот.

Зачувување на поставките за профил

Изберете го копчето Зачувај за да ги складирате поставките од сите картички и затворете ја апликацијата за профили на алатот. Бирањето за зачувување не е потребно кога се префрлувате меѓу префлачките копчиња.

Поставките за профил на приклучниот уред се зачувани на екранот според следниве фактори:

- Име на профил
- ISO име на контролната единица на препознаениот приклучен уред

ЗАБЕЛЕШКА: Поставете ги пред-работните поставки за контролната единица на приклучниот уред, како што е погонската конфигурација, пред конфигурирање на поставките за профил на приклучниот уред.

ISO името се менува кога ќе се измени некоја поставка на контролната единица на приклучниот уред. Во ова спаѓаат и измените меѓу поставките кај контролната единица за уредите за ѓубрење и за садење.

Автоматско препознавање на профилните поставки

ЗАБЕЛЕШКА: Делот за контрола мора да биде ИСКЛУЧЕН за да се откријат SeedStar™ 2 или SeedStar™ XP сеалките кога првпат се поврзуваат на трактор. Откако ќе настане првото поврзување, сеалката ќе се препознава без разлика дали Контролата на делот е ВКЛУЧЕНА или ИСКЛУЧЕНА.

Ако е приклучена контролна единица на некој приклучен уред, некои профилни поставки на приклучниот уред автоматски вршат поставување на приклучниот уред од страна на контролната единица.

Се појавува известување што наведува дека е "Креиран профил на приклучниот уред" кога контролната единица е прв пат поврзана. Кога ќе го поврзете алатот повторно во иднина, тој ќе се препознае благодарение на неговото ISO-име и кога ќе се вчитаат поставките за профилот на алатот зачувани во екранот.

ЗАБЕЛЕШКА: Предупредувањето продолжува да се појавува ако е избрано "Подоцнежно поставување".

Кога е поврзан приклучен уред кој што не се препознава, мора да се создаде профил за тој приклучен уред. Изберете го копчето за додавање на приклучен уред во делот за уредување на опремата за да создадете профил за приклучниот уред.

За да го видите моментално препознаеното ISO име, одберете дијагностички центар > табот за дијагностика на контролер > одберете контролна единица на приклучен уред > табот за информации на контролер.

Проверете ги сите неопходни поставки пред оперирање. Работната точка не се поставува автоматски.

Видови поврзување

- Типот на поврзување или јазолот го опишуваат начинот на којшто алатот е прикачен за машината и го контролираат начинот на којшто екранот го одредува движењето на алатот зад машината. Картата на покриеност, документацијата и делот за контрола бараат поставување за видот на поврзувањето.

- ***Зглобно изместување***
  - Некои приклучни уреди имаат зглобна спрега што се поврзува на 3 полната задна спрега на машината. За ова зглобно место е потребен офсет, со цел екранот да го одреди движењето на приклучниот уред позади машината. Опцијата е достапна кога како конекциски тип ќе се одбере 3 полна задна спрега.

Работна ширина

- Работната ширина е ширината на подрачјето што се копа, сади, прска или жнее на секое поминување преку полето. Тоа се користи за да се креираат мапи на работни податоци и за пресметување на одработената област. Апликациите за водење, мапирање, и вкупна површина на подрачјето имаат потреба од работна ширина.

Димензии

- ***Странично отстапување***
  - Странично растојание од централната точка на машината до централната точка на работна широчина на приклучниот уред. Апликациите за водење и мапирање бараат нагодување на страничниот офсет.

- ***Центар на ротација***
  - Должно растојание од точката на поврзување до центарот на ротација на приклучниот уред во работна позиција. Обично, токму овде деловите на приклучниот уред кои го носат оптоварувањето се во допир со тлото. Растојанието на центарот на ротација е важно за правилно моделирање на редовите со алатот околу кривини. Апликацијата за мапирање бара поставки на центарот на ротација.

- ***Работна точка***

Продолжува на следната страница

- Надолжно растојание од точката на поврзување до точката каде што се појавува операцијата. На пример, онаму каде што семето или производот паѓа, каде што културата се жнее или земјата се копа. Апликацијата за мапирање бара нагодување на работната точка.

- ***Изместување на секција (ISOBUS приклучни уреди)***
  - Линиско растојание од центарот на ротација до точката каде се одвива работата. На пример, онаму каде што семето или производот паѓа, каде што културата се жнее или земјата се копа. Апликацијата за правење на мапи бара да се направи поставка за изместување на секција.

Снимање на работата

- Активаторите на снимањето одредуваат кога се вклучуваат и исклучуваат снимањето на мапата и вкупните износи на работниот монитор. Не се достапни сите активирачи на снимање за сите типови на машини.

SeedStar е заштитен знак на Deere & Company

ЗАБЕЛЕШКА: Во рачен режим, операторот мора да го притисне копчето за снимање или паузирање за да го ВКЛУЧИ или ИСКЛУЧИ снимањето на мапите за работните податоци.

Механичко доцнење

- Механичко доцнење претставува просечното време потребно за производот да дојде до почвата преку командата ВКЛУЧЕНО или ИСКЛУЧЕНО. Можно е тоа да треба да биде менувано со секоја машина, приклучен уред и комбинација на екранот. Апликацијата за правење на мапи бара да се направат поставки за механичкото доцнење. Поставките се од клучно значење за перформансите на контролата на секција.

Користете го центарот за помош преку помошта од екран за повеќе информации околу менаџирање со опрема и профилот на приклучниот уред.

DX,PC,EQUIP,IMPLEMENT -A8-07APR17-2/2

Уредувач на поставки

Користете го уредувачот на поставки за да вчитате, уредите, или да ги зачувате конфигурациите на машината и поставките за приклучните уреди. Зачуваните конфигурации се користат за лесно обновување на поставките што машината и приклучниот уред ги користат за време на работењето.

Навигација до уредувачот на поставки

1. Изберете мени.
2. Изберете картичка со апликации.

PC22543 —UN—22APR16

Уредувач на поставки

3. Изберете ја апликација за уредување на поставки.

DX,PC,SETTINGS -A8-10MAY16-1/1

Монитор на машината

Мониторот на машината ги прикажува вредностите на специфични перформанси на машината. Групирањето на вредностите вклучува:

- Брзина и моќност
- Гориво и притисок
- Температура
- Електричен
- Часови

ЗАБЕЛЕШКА: Вредностите достапни во секоја група зависат од моделот на машината.

За да префрлувате помеѓу групите, изберете ги соодветните картички на левиот дел од страница. Изберете вредност за да се прикаже скокачки прозорец само за таа вредност.

PC15318 —UN—16MAY13

Монитор на машината

Ако вредноста не е достапна, ќе се прикажат испрекинати линии.

Навигација до Следење на машината

1. Изберете мени.
2. Изберете картичка со апликации.
3. Изберете ја апликацијата Следење на машината.

DX,PC,MACHMON -A8-23DEC15-1/1

Работен монитор

Работниот монитор ги прикажува просечните и вкупните специфични вредности на машината и операциите. Изберете вредност од страницата за да се прикаже скокачки прозорец само за таа вредност. Секоја од овие вредности може да се постави на главната страница за извршување.

Користете го копчето за ресет на дното на страната за да ги исчистите сите вредности, освен моменталните вредности. Датумот и времето од последното ресетирање ќе се прикажуваат до копчето.

Оддесно на копчето за ресетирање, Снимање на работата посочува дали работниот монитор е активен и тековно одбројува. Пулсирачка сијаличка посочува дека е активен.

PC15317 —UN—16MAY13

Работен монитор

Навигација до Следење на работата

1. Изберете мени.
2. Изберете картичка со апликации.
3. Изберете ја апликацијата Следење на монитор.

DX,PC,WORKMON -A8-23DEC15-1/1

Снимање на работата

Кога Снимањето на работата е ВКЛУЧЕНО, се акумулираат снимањата на мапата и бројачите кои имаат потреба од активатор за снимање. Бројачите кои имаат потреба од Снимање на работата вклучуваат:

- Изработена површина
- Изработено време
- Продуктивност
- Просечно гориво по површина
- Просечна работна брзина

Изберете Снимање на работата во долниот десен агол за да се прикаже скокачки прозорец со поставките за снимањето.

Статусот за снимањето е базиран врз моменталното избрано чкрапало за снимање во профилот на приклучниот уред. Ако активаторот за снимање не одговора со тековните операции, притиснете го копчето Уреди за да го промените избраниот активатор за снимање. За повеќе информации, погледнете го делот за профил на приклучниот уред.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако активаторот за снимање е поставен на рачен режим, снимањето на работата може да се биде вклучувано и исклучувано преку притискање на копчето за снимање.

DX,PC,WORKMON,REC -A8-23DEC15-1/1

Одржување и калибрации

Апликацијата за одржување и калибрации му овозможува на операторот да ги постави периодите за сервис и да изведува калибрации на машинските компоненти.

Навигација до одржување и калибрации

1. Изберете мени.
2. Изберете ја картичката Поставки за тракторот.

PC15324 —UN—21MAY13

Одржување и калибрации

3. Одберете апликација за одржување и калибрации.

DX,PC,MAINT -A8-23DEC15-1/1

Сервисни проверки

ЗАБЕЛЕШКА: Достапните карактеристики кај сервисните проверки зависи од направениот избор при нарачката.

Сервисните проверки изведувајте ги со машина на рамна подлога и изгаснат мотор. За прецизни очитувања, пред проверка на нивоата на течностите почекајте најмалку 40 минути откако моторот е изгаснат.

Дадено светло ја покажува состојбата на контролната точка каде што се врши сервисот на машината.

- Зелено светло — Нормално ниво
- Црвено светло — Високо ниво или ниско ниво

Следниве контролни точки се достапни:

PC17385 —UN—15MAY14

A—Ниво на масло во моторот **B—Ниво на средство за ладење во моторот**

- Ниво на моторно масло (A)
- Ниво на разладно средство на моторот (B)

DX,PC,MAINT,SERVCHECK -A8-07APR17-1/1

Интервали на сервисирање

Интервалите на сервисирање се потсетници за редовното одржување што е потребно да се изврши на машината.

Изберете го копчето за додавање на сервисен интервал за да создадете нов сервисен интервал. Можат да се додаваат неограничен број интервали за сервисирање.

Откако ќе се креира интервал за сервисирање, истиот е додаден во листата и се прикажува заедно со име, изминато време и должина на интервалот.

- Операторот го избира името за да го идентификува одредениот интервал на сервисирање.
- Изминатото време го покажува бројот на работните часови откако бил ресетиран интервалот на сервисирање.
- Интервал е бројот на работни часови помеѓу секое сервисирање.

Интервалите се подредени од интервали со најмало време кон интервали со најголемо време. Потоа, тие се подредени според името, по алфанумерички редослед, каде приоритет имаат имињата кои почнуваат со броеви.

Дваесет часа пред да измине времето за интервалот на сервисирање, системот го информира операторот дека машината треба да се сервисира наскоро. Откако ќе се потврди пораката, системот ќе го информира операторот за претстојното сервисирање при секое стартување, сè додека не се ресетира интервалот на сервисирање.

DX,PC,MAINT,SERVINTERVAL -A8-23DEC15-1/1

Калибрации

Користете ја оваа апликација за извршување калибрација на пролизгувањето на тркалата и за калибрација на радарот.

Калибрација на радарот

Радарскиот уред треба да се калибрира кога за прв пат се става на машината или ако има разлика меѓу реалната теренска брзина и радарската брзина кога се работи во неоптоварени услови на тврда подлога.

ЗАБЕЛЕШКА: При ветровити услови, подвижни предмети како што се листови, прашина или песок можат да предизвикаат непрецизна брзина од радарот.

PC23946 —UN—22MAR17

Калибрација на радарот

Продолжува на следната страница

DX,PC,MAINT,CAL -A8-07APR17-1/2

Калибрација на пролизгувањето на тркалата

Калибрирајте го пролизгувањето кај тркалата ако радарската брзина не се совпаѓа со брзината на тркалата кога се работи во неоптоварени услови на тврда подлога. За повеќе информации, види го машинскиот екран.

Извршете ја калибрацијата додека возите со ненатоварена машина на тврда, сува, чиста и рамна површина.

ЗАБЕЛЕШКА: Калибрацијата за пролизгување на тркалата е достапна само со приклучен и калибриран радарски уред.

PC23947 —UN—22MAR17

Калибрација на пролизгувањето на тркалата

Осигурајте се дека брзината на радарот е точна пред изведување на калибрација на пролизгување на тркало.

DX,PC,MAINT,CAL -A8-07APR17-2/2

ISOBUS VT

Овој John Deere екран подржува ISOBUS компатибилни контролери согласно со ISO 11783. Овие контролери може да се прегледуваат и управуваат во рамките на ISOBUS виртуелниот терминал (VT).

Кога ќе се поврза ИСОБУС контролер, графичките датотеки за корисничкиот интерфејс се вчитуваат во ИСОБУС ВТ. Потоа, ИСОБУС ВТ нуди начини за операторот да се движи низ и да работи со достапните функции на ИСОБУС контролерот.

Навигација до ИСОБУС ВТ

1. Изберете мени.
2. Изберете картичка со апликации.
3. Изберете ја апликацијата ISOBUS VT.

Приклучени ISOBUS приклучни уреди и контролери

Дисплејот од генерација 4 постојано вчитува и комуницира со различните ИСОБУС контролери. Листа со сите приклучени ISOBUS контролери се прикажува откако ќе се изберете копчето за мени.

Изберете го посакуваниот ISOBUS контролер и притиснете го копчето OK за да го видите корисничкиот пристап.

Решавање проблеми

Доколку интерфејсот за ISOBUS-контролерот не се прикаже правилно;

- Побарајте го ISOBUS-контролерот во центарот за статус и следете ги чекорите за решавање проблеми за наведениот статус. За повеќе информации, погледнете ги ISOBUS-контролерите во центарот за дијагностика.

PC16682 —UN—18MAR13

ISOBUS VT

Доколку интерфејсот и понатаму не се прикажува правилно;

1. Одберете поставки на врвот од апликацијата ISOBUS VT.
2. Одберете ја опцијата за чистење на ISOBUS VT во напредните поставки за да ги исчистите складираните кориснички интерфејс датотеки на ISOBUS контролерот.

Корисничкиот интерфејс ќе биде одново наполнет следниот пат кога контролерот ќе биде поврзан.

Страна за стартување на модул

Модулите на ISOBUS VT може да се додадат на страницата за извршување со помош на апликацијата Управувач со распоредот.

Модулите се вчитуваат од контролерот за алатот и се достапни додека контролерот е поврзан. Типовите достапни модули зависат од производителот на контролерот. Овој екран може да ја прикажува верзијата 3 од ISOBUS VT.

DX,PC,ISOBUSVT -A8-07APR17-1/1

GPS Приемник StarFire

GPS приемникот StarFire™ добива глобално позиционирање и сигнал за диференцијална корекција преку единствен приемник.

Теренскиот компензирачки модул (TCM) е интегриран во приемникот и ја корегира динамиката на машината, како што е тркалањето и навалувањето на стрмнини, лошиот терен, или различните услови на почвата. За правилна работа е потребно прецизно калибрирање на TCM.

Видете во Прирачникот за работа со приемникот StarFire™, за инструкции при местење и калибрирање.

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company

PC17388 —UN—15MAY14

Приемник StarFire

Навигација до GPS приемникот StarFire™

1. Изберете мени.
2. Изберете картичка со апликации.
3. Изберете ја StarFire™ апликацијата.

DX,PC,STARFIRE -A8-07APR17-1/1

Видео

⚠ ВНИМАНИЕ: Не сметајте на камерата за избегнување на судар или откривање на лица во близина. За да избегнете можна повреда или смрт на возачот или на други лица, секогаш бидете внимателни и свесни за она што се случува околу Вас додека работете на машината. Прочитајте и разберете за ИЗБЕГНУВАЊЕ НА НЕСРЕЌИ ОД ДВИЖЕЊЕ ВО РИКВЕРЦ во делот за безбедност.

Видео апликацијата се користи за набљудување на областа околу машината. Може да се гледа само едно видео.

Процесорот 4600 може да поддржи до четири влезови за камери, додека процесорот 4100 може да поддржи само еден влез за камера.

PC15312 —UN—15MAY13

Видео

За повеќе информации за различните типови дисплеи, погледнете во поглавјето Вовед во дисплејот.

Навигација до Видео

1. Изберете мени.
2. Изберете картичка со апликации.
3. Изберете ја апликацијата Видео.

DX,PC,VIDEO -A8-07APR17-1/4

Префрлување камери

Ако се поврзани повеќе од една камера, изберете помеѓу влезовите за видео преку избирање на различните броеви за камера.

PC23948 —UN—22MAR17

Икона Камера

DX,PC,VIDEO -A8-07APR17-2/4

Отсликување видео

Изберете го копчето Отсликај видео за да симулирате заден ретровизор. Ова ги префрлува левата и десната страна на сликата од видеото.

PC23949 —UN—22MAR17

Копчето Отсликај видео

Продолжува на следната страница

DX,PC,VIDEO -A8-07APR17-3/4

Контраст

Нагодете го контрастот на видеото со користење на копчињата плус (+) и минус (-). Осветлете го видеото со избирање на копчето плус, а затемнете го видеото со избирање на копчето минус.

ВАЖНО: Утврдете дали апликацијата за видео или слика се одразува пред да користите видео апликација.

PC23950 —UN—22MAR17

Икона контрастот на видеото

DX,PC,VIDEO -A8-07APR17-4/4

Активатори за видео

Видеото може да се прикажува кога се извршуваат одредени функции на машината (на пример: возење наназад, вклучување на погонско вратило).

1. Изберете Уреди активатори за да ги конфигурирате поставките.
2. Изберете активатор.
3. Изберете влез за камера за тековниот активатор. Оваа камера се прикажува кога е активиран активаторот.

ЗАБЕЛЕШКА: За да спречите да не се прикажува видео за некој активатор, изберете Без камера.

4. Внесете Должина на истекот време за видеото. Ова е временски период во кој видеото се прикажува откако активирачкото копче станало неактивно.

DX,PC,VIDEO,TRIGGERS -A8-23DEC15-1/1

Чистење на екранот

ВАЖНО: Секогаш чистете го екранот кога тој е исклучен. Чистењето на екранот додека истиот е во работна состојба може да резултира со притискање на ненамерно избрани копчиња.

За чистење на екранот, исклучете го напојувањето и избришете го екранот со мека крпа испрскана со средство за чистење кое не треба да биде на база на амонијак, како што е John Deere glass или повеќенаменското средство за чистење.

DX,PC,CLEAN,DISP -A8-21OCT16-1/1

Поправање на системот



PC20404 —UN—08MAY15

Вашиот систем е влезен во процес на обновување на системот. Ве молиме контактирајте го вашиот John Deere трговец за да се обидете да ги обновите податоците и повторно инсталирање на софтверот.

Следете ги инструкциите ако се прикаже порака за обновување на системот.

Делот за системска обнова се обидува да заштити и евентуално да ги сочува корисничките податоци. Делот за системска обнова се вклучува кога системот ќе открие конфликтна ситуација која може да наштети на наменетите функции. За повеќе информации околу системската обнова, контактирајте го вашиот John Deere трговец.

DX,PC,SYS,RECOVERY -A8-21OCT16-1/1

Апликации на CommandCenter™ екранот

Следните информации содржат помош на екранот за секоја апликација специфична за оваа машина. Оваа информација е исто така достапна на екранот.

CommandCenter е регистриран заштитен знак на Deere & Company

VM03385,0000137 -A8-15NOV16-1/1

Пристап до интерактивното прилагодување на комбајна

Апликација за пристап преку екран:

1. Мени

H113668 —UN—22OCT15

Мени

SS43267,00008E3 -A8-24JAN17-1/3

2. Таб за апликации

H119891 —UN—30JAN17

Апликации

SS43267,00008E3 -A8-24JAN17-2/3

3. Интерактивното прилагодување на комбајна

H116290 —UN—25JAN17

Интерактивното прилагодување на комбајна

SS43267,00008E3 -A8-24JAN17-3/3

Интерактивното прилагодување на комбајна (ICA) главна страница

ЗАБЕЛЕШКА: Подвлеченият текст покажува дека дополнителните информации се достапни во овој дел или во друг дел од оваа публикација.

Главната страна е орикажана само за пример. Вашата главна страна може да се разликува зависно од опциите или приклучената опрема.

Апликацијата за интерактивното прилагодување на комбајната (ICA) активно бара да ги оптимизира машинските поставки базирани на вашите повратни информации.

- Користете ги жетвените поставки за почетно машинско поставување за избраната култура.
- Користете го интерактивното прилагодување на комбајната за да ги оптимизирате машинските поставки.

ЗАБЕЛЕШКА: Додека е во сесија, секогаш кога ќе ја затворите апликацијата на ICA се појавува порака на екранот и може да се види во статусниот центар за состојба на екранот.



H120314 —UN—21JUN17

Интерактивното прилагодување на комбајна

ЗАБЕЛЕШКА: Некои ставки подолу се достапни само ако машината е опремена со придружната опција.

Продолжува на следната страница

SS43267,0000924 -A8-16MAY17-1/8

Достапни ставки на главната страна за "интерактивно прилагодување на комбајната":

Состојба на сесијата— комуницира со напредокот на моменталната состојба, видот на културата, жетвените приоритети и последното прилагодување.

Фаза 1 — пријавува проблем

Изберете подрачја за подобрување..— изберете подрачје на кое му е потребно подобрување.

Каков вид на проблеми со квалитетот на жито?— изберете одредени видови на квалитет кај житото за кои е потребно подобрување на перформансот.

H116301 —UN—25JAN17

Пријавува проблем

Детектирани проблеми кај ICA2

Детектираните проблеми кај ICA2— го прикажува прегледот на проблемите откриени од страна на ICA2 кога се отвара ICA од ICA2.

SS43267,0000924 -A8-16MAY17-2/8

Фаза 2 — преглед на решенија

ICA ги пронаоѓа препораките.— ги пронаоѓа препорачаните машински поставки базирано врз проблемот што го имате пријавено.

Изберете “Применете” за ICA да ги прилагоди поставките користејќи го прикажаното решение.— применува препорачано решение на интерактивното прилагодување на комбајната (ICA).

H116306 —UN—25JAN17

Преглед на решенија

Изберете следно за да продолжите со рачно прилагодување.— бара да направите прилагодувања од внетре во кабината или надвор од кабината.

SS43267,0000924 -A8-16MAY17-3/8

Фаза 3 — применување решение

ICA ги нанесува прилагодувањата на поставките...— ги изведува избраните прилагодувања на поставките.

ICA ги набљудува промените во перформансот...— ги набљудува промените во перформансот на избраните препорачани поставки.

ICA чека дејство на операторот...— ви овозможува да направите рачни машински прилагодувања кои треба да се извршат со цел за да интерактивното прилагодување на комбајната (ICA) автоматски

H116327 —UN—25JAN17

Применување решение

напредува кон следниот чекор на проценката за решението.

SS43267,0000924 -A8-16MAY17-4/8

Фаза 4 — обезбедување повратна информација

Од последното прилагодување. какво влијание имало врз перформансот?— комуницирајте со интерактивното прилагодување на комбајната (ICA) за состојбата на жетвените перформанси од последното извршено прилагодување.

Како би требало ICA да продолжи?— ви овозможува да изберете од следново ако "Непријавени проблеми " се неприфатливи.

H116329 —UN—25JAN17

Обезбедување повратна информација

Продолжува на следната страница

SS43267,0000924 -A8-16MAY17-5/8

Фаза 5 — завршена оптимизација

Завршена сесија на ICA— машината е оптимизирана.

H118256 —UN—30JAN17

Завршена оптимизација

SS43267,0000924 -A8-16MAY17-6/8

Работна страна на модули:

Модули за оваа апликација може да се додаде на работните страни со користење на приказниот уредувач.

Состојба на ICA— секоја посебна "фаза" на ICA процесот може да се претстави на модулот на работна страна додека таа фаза е активна.

ЗАБЕЛЕШКА: Може да бидат достапни различни модули за вашата апликација.

Состојба на ICA

H116646 —UN—31JAN17

SS43267,0000924 -A8-16MAY17-7/8

Копчиња кратенки:

Копчињата кратенки за оваа апликација може да се додаде на лентата со кратенки со користење на приказниот уредувач.

Копче кратенка за ICA— брз пристап за отварање на ICA.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако интегрираното прилагодување на комбајната е ИСКЛУЧЕНО и копчишата-кратенка трепкаат, се појавува порака што покажува дека машината треба повторно да се оптимизира преку ICA.

H116325 —UN—25JAN17

Копче кратенка

ЗАБЕЛЕШКА: Може да бидат достапни различни копчиња кратенки за вашата апликација.

SS43267,0000924 -A8-16MAY17-8/8

Состојбата на сесијата

Состојбата на сесијата комуницира со моменталното напредување кај интерактивното прилагодување на комбајната (ICA), видот на културата, жетвените приоритети, пријавените проблеми и последното прилагодување.

Достапни ставки за состојбата на сесијата:

ЗАБЕЛЕШКА: Сите ставки не се појавуваат во исто време.

H116301 —UN—25JAN17



Состојбата на сесијата

Напредување— ја покажува моменталната фаза на сесијата.

Продолжува на следната страница

SS43267,0000925 -A8-24JAN17-1/5

Вид на култура— ја прикажува жнеената култура, и кога е избрана се отвараат работните поставки.

H116363 —UN—30JAN17

Вид на култура

SS43267,0000925 -A8-24JAN17-2/5

Жетвени приоритети— ви овозможува да ја уредите листата со приоритети според нивната важност со највисокиот приоритет на врвот.

H116364 —UN—30JAN17

Жетвени приоритети

SS43267,0000925 -A8-24JAN17-3/5

Пријавени проблеми— ги комуницира проблемите кои сте ги избрале дека бараат подобрување на перформансот.



H119180 —UN—30JAN17

Пријавени проблеми

SS43267,0000925 -A8-24JAN17-4/5

Последно прилагодување— ги комуницира поставката, вредноста и времето на последното прилагодување кое било направено до ICA.

H116342 —UN—30JAN17

Последно прилагодување

SS43267,0000925 -A8-24JAN17-5/5

Изберете подрачја за подобрување.

"Изберете подрачја за подобрување." ви овозможува да изберете подрачје на кое му е потребно подобрување.

Достапни ставки на "Изберете подрачја за подобрување." Страница:

H116652 —UN—30JAN17

Загуби на зрна

Загуби на жито— изберете ако загубите на житото е во областа што би сакале да ја подобрите.

Продолжува на следната страница

SS43267,0000926 -A8-16MAY17-1/8

Квалитет на жито— изберете ако квалитетот на житото е во областа што би сакале да ја подобрите.

H116653 —UN—30JAN17

Квалитет на зрната

SS43267,0000926 -A8-16MAY17-2/8

Квалитет на слама— изберете ако квалитетот на сламата е во областа што би сакале да ја подобрите.

H116573 —UN—25JAN17

Квалитет на слама

SS43267,0000926 -A8-16MAY17-3/8

Прекумерни остатоци— изберете ако имате прекумерни остатоци.

H116574 —UN—25JAN17

Прекумерен отпад

H119179 —UN—25JAN17

Оневозможени прекумерни остатоци

SS43267,0000926 -A8-16MAY17-4/8

ЗАБЕЛЕШКА: Прекумерните остатоци може да се изберат само во комбинација со друг проблем. Ако не, се појавува порака за грешка.

ЗАБЕЛЕШКА: Копчето “Следно” ќе остане оневозможено се додека да се избере најмалку еден предмет.

H116316 —UN—25JAN17

Порака за грешка

H116294 —UN—30JAN17

Наредно

SS43267,0000926 -A8-16MAY17-5/8

Ако се направени повеќе избори, со бирањето “Следно” се напредува во следната област за подобрување.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога биле адресирани сите области за подобрување, со избирање “Следно” ќе отидете до ICA ги тражи препораките.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако пријавите нов проблем во текот на ICA сесија, моментално нерешениот проблем ќе остане штиклиран.

H116293 —UN—30JAN17

Наредно

Продолжува на следната страница

SS43267,0000926 -A8-16MAY17-6/8

Изберете за да ја запрете сесијата.

ЗАБЕЛЕШКА: Запирањето на сесијата е најдобриот метод да ја затворите апликацијата без да ги решите сите проблеми и да започнете одново ако повторно ја отворите апликацијата. Прилагодувањата што биле направени од ICA нема да бидат отповикани ако системот е затворен со запирање на сесијата.

H116292 —UN—30JAN17

Запирање на сесија

ЗАБЕЛЕШКА: Запирањето на сесијата е достапно само ако пријавите нов проблем во текот на ICA сесијата.

SS43267,0000926 -A8-16MAY17-7/8

Изберете за да ја затворите апликацијата на ICA.

ЗАБЕЛЕШКА: ICA ќе обнови на истото место кога одново ќе внесете после затворањето.

H116310 —UN—30JAN17

Затвори

SS43267,0000926 -A8-16MAY17-8/8

Приоритети за жетва

Жетвените приоритети ви овозможуваат да ја уредите листата со приоритети кај жетвата според важноста, највисокиот приоритет на врвот.

ЗАБЕЛЕШКА: Жетвените приоритети се користат за одредување кои области ви се на вас најважни кога постојат повќекратни ставки.

Измените кога:

Менувањето кон нов вид на култура и стандардните приоритети не се совпаѓаат со вашите сопствени приоритети.

Постапка за измена:

H116364 —UN—30JAN17

Жетвени приоритети

1. Одберете го подрачјето под жетвени приоритети за да отворите.

SS43267,0000927 -A8-16MAY17-1/4

2. Изберете ја ставката со највисок приоритет за да ја поставите на врвот од листата.
   - Изберете за да ја подигнете избраната ставка.
   - Изберете за да ја спуштите избраната ставка.
3. Изберете ги останатите поединечни ставки и поставете ги според посакуваниот приоритет.

H116313 —UN—25JAN17

Жетвени приоритети

H116315 —UN—25JAN17

Подигни

H116314 —UN—25JAN17

Спушти

Продолжува на следната страница

SS43267,0000927 -A8-16MAY17-2/4

Изберете за да го откажете уредувањето на жетвените приоритети.

H116312 —UN—30JAN17

Откажи

SS43267,0000927 -A8-16MAY17-3/4

Изберете да затворите после поставувањето на највисокиот приоритет.

H116311 —UN—25JAN17

OK

SS43267,0000927 -A8-16MAY17-4/4

Каков вид на загуби кај жито?

H116613 —UN—25JAN17

“Каков вид на загуби кај жито?” ви овозможува да изберете одреден проблем со загуби на жито да взаземе место, потоа му овозможува на системот да пребарува прилагодувања за да се подобри перформансот.

Загуба од сепараторот

Достапни ставки за “Каков вид на загуби кај жито?” Страница:

Загуба кај одделувачот— изберете ако има голема количина на слободно зрно во задниот сад за враќање на зрно.

SS43267,0000928 -A8-16MAY17-1/7

Загуба кај чевелот— изберете ако житото излегува од машината низ прочистувачкиот чевел.

H116614 —UN—25JAN17

Загуба од решетото

SS43267,0000928 -A8-16MAY17-2/7

Загуба поради неовршена житарица— изберете ако житото останува закачено на растителниот материјал.

H116615 —UN—25JAN17

Неовршена загуба

SS43267,0000928 -A8-16MAY17-3/7

Изберете да се вратите на претходниот приказ.

H116296 —UN—25JAN17

Назад

Продолжува на следната страница

SS43267,0000928 -A8-16MAY17-4/7

Изберете за да го отворите следниот приказ.

H116293 —UN—30JAN17

Наредно

SS43267,0000928 -A8-16MAY17-5/7

ЗАБЕЛЕШКА: За време на било која состојба каде е потребно да обезбедите одговор или да внесете нешто, копчето "Следно" ќе остане оневозможено се додека не се одбере барем една ставка.

H116294 —UN—30JAN17

Наредно

SS43267,0000928 -A8-16MAY17-6/7

Изберете за да ја затворите апликацијата на интерактивното прилагодување на комбајната (ICA).

ЗАБЕЛЕШКА: ICA ќе обнови на истото место кога одново ќе внесете после затворањето.

H116310 —UN—30JAN17

Затвори

SS43267,0000928 -A8-16MAY17-7/7

Каков вид на проблеми со квалитетот на жито?

"Каков вид на проблеми со квалитетот на жито?" ви овозможува да изберете одреден проблем со квалитетот на жито да взаземе место, потоа му овозможува на системот да пребарува прилагодувања за да се подобри перформансот.

Достапни ставки за "Каков вид на проблеми со квалитетот на жито?" Страница:

H116616 —UN—25JAN17

Скршени зрна

Скршено зрно— изберете ако во резервоарот за жито има оштетено или скршено зрно.

SS43267,0000929 -A8-16MAY17-1/7

Резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF)—дренажа(конечно ниво 4/фаза IV)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да вршите работи за одржување.

ВАЖНО: Не се препорачува долгорочно чување во возилото (повеќе од 12 месеци). Доколку долгорочното чување е неопходно, се препорачува повремена проверка на течноста за да се осигурате дека концентрацијата на уреа не е под нивото наведено во спецификациите.

Доколку е додадена несоодветна течност, како што е дизел гориво, или течност за ладање на моторот, испразнете го резервоарот и исплакнете го со дестилирана вода, а потоа повторно наполнете го. Доколку по чистењето и повторното полнење, системот не работи правилно, контактирајте го вашиот трговец со John Deere опрема за да утврдите како да го исплакните и прочистите системот. Доколку е додадено вода во резервоарот, испразнете го резервоарот, исплакнете го со дестилирана вода и потоа повторно наполнете го со течност за издув на дизел мотор (DEF). Проверете ја концентрацијата на течност по полнењето на резервоарот. Погледнете го делот за горива и мазива за тестирање.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако течноста се истури или дојде во допир со друга површина освен резервоарот за чување на истата, веднаш исчистете ја површината со чиста вода. Течноста е корозивна за обоени површини и може да оштети некои пластични и гумени делови.



H1118791 —UN—23JUN16

A—Наставка **B—Рачка**

Прикачете го цревото на фитингот (A) на дното од резервоарот.

Употребете ја рачката (B) за да го отворите испусниот вентил.

Затворете го испусниот вентил и отстранете го цревото веднаш штом течноста е испуштена.

OUO6075,000469D -A8-21MAR17-1/1

Дозирачки филтер на течност за издув на дизел мотор (DEF)—замена (конечно ниво 4/фаза IV)



H107491 —UN—15APR13



H107492 —UN—15APR13

A—Капак
B—Израмнувачки филтер
C—Филтер
D—Филтер алатка

ВНИМАНИЕ: Содржина на уреа во течноста за издув на дизел мотор (DEF). Течноста не смее да дојде во допир со очите. Во случај на допир, веднаш започнете со плакнење на очите со голема количина на вода, најмалку 15 минути. Во случај течноста да се проголта, веднаш обратете се на лекар. Погледнете во Безбедносен технички лист на материјалите (MSDS) за дополнителни информации.

ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да вршите работи за одржување.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако течноста се истури или дојде во допир со друга површина освен резервоарот за чување на истата, веднаш исчистете ја површината со чиста вода. Течноста е корозивна за обоени површини и може да оштети некои пластични и гумени делови.

1. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.
2. Отстранете и задржете го капачето (A).
3. Отстранете го и фрлете го израмнувачкиот елемент (B).
4. Проверете ја внатрешноста на филтерот (C) за шифра на боја (сива или црна).
5. Вметнете го оној крај од филтер алатката (D) со иста боја се додека не слушнете или почуствувате кликнување. Ова означува дека филтер алатката е целосно вметната.

ЗАБЕЛЕШКА: Доколку е потребно, можете да вметнете и алат, како што е шрафцигер, во околната празнина од филтер алатката за полесно да ја отстраните.

6. Повлечете ја филтер алатката за да го отстраните филтерот од дозирачка единица.
7. Ослободете се од филтерот и филтер алатката.
8. Исчистете ги навоите и контактните површини од дозирачката единица со дестилирана вода.
9. Подмачкајте ги прстенестите заптивачи од новиот филтер со чисто моторно масло.
10. Вметнете го филтерот и новиот израмнувачки елемент во дозирачката единица.
11. Поставете го капачето и затегнете го како што е наведено во спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Капак—Вртлив момент.....20 N·m (177 lb.-in.)

OUO6075,00014A8 -A8-11SEP13-1/1

Резервоар за гориво — полнење

ВНИМАНИЕ: Внимателно ракувајте со горивото. Не полнете ја машината со гориво додека пушите. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да го полните резервоарот.

Не пренаполнувајте го резервоарот за гориво. Може да настане телесна повреда предизвикана од испрскување на гориво. Може да настанат протекувања поради ширењето на горивото. Ако резервоарот е премногу полн и ако е оставен на директна сончева светлина или ако температурата постане премногу висока, резервоарот ќе прелие.

Капакот на резервоарот за гориво (A) нема вентилација. Вишокот воздух се вентилира преку одушникот (B) на резервоарот за гориво.

Визуелно проверете го одушникот на резервоарот за гориво. Не дозволувајте зголемени количини плева или остатоци да се собираат во одушникот. Ако одушникот е покриен со отпадоци, тоа не дозволува резервоарот за гориво да оддишува. Извадете го одушникот на резервоарот за гориво од цревото и исчистете го.



H106022 —UN—26OCT12

A—Капак на резервоарот за гориво

B—Одушник на резервоарот за гориво

OUO6075,00012DC -A8-01JUL13-1/1

Резервоарот за гориво - испуштање

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да вршите работите на одржување.

Отстранете го затнувањето (A) на дното на резервоарот за гориво за да го исцедете горивото.

A—Чеп



H95330 —UN—21JUN11

OUO6075,0000591 -A8-16FEB10-1/1

Резервоар за гориво - Вентил за прекин на гориво

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да вршите работите на одржување.

Затворете го вентилот (A) на дното на резервоарто за гориво кога ги сервисирате филтерите за гориво.

A—Вентил



H95332 —UN—30SEP10

OUO6075,0000913 -A8-30AUG10-1/1

Главен филтер за гориво на сепараторот за вода — испуштање



H119921 —UN—02NOV16

Ниво 2/фаза II (Стил A / Стил B)



H119922 —UN—02NOV16

Конечено ниво 4/Фаза IV (Стил A / Стил B)

A—Главен филтер за гориво **B—Одвод**

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да вршите работи за одржување.

Кога примарниот филтер за гориво (A) почуствува воде во системот за гориво, се генерира дијагностички код за грешка.

Ако се појави дијагностички код за грешка, испуштете го главниот филтер со користење на одводот (B) и ресетирајте го кодот.

OUO6075,000469E -A8-21MAR17-1/1

Филтер на предчистачот за гориво - чистење

ЗАБЕЛЕШКА: Не чистете го предчистачот за гориво и прво променете ги примарните и секундарните филтери за гориво на моторот истовремено. Тоа ќе предизвика потешко рестартирање на машината. Направете ја оваа постапка, а потоа моторот нека работи пред да ги смените примарниот и секундарниот филтер за гориво.

Исчистете го филтерот за предчистење на гориво доколку има видливо насобрано материјал на ситото или ако се појави дијагностички код на грешка. Ресетирајте го кодот по чистењето на филтерот.

1. Вклучете го моторот да работи 3—5 минути на ниски брзини во лер, ако машината не работела претходно.
2. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот и затворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво за да спречите испустот да врати назад во доводната линија.
3. Темелно исчистете го склопот на предчистачот за гориво и околу него.
4. Отстранете го садот на предчистачот (A).
5. Исчистете го екранот за филтер и садот на предчистачот. Прегледајте го О-прстенот (B).
6. Инсталирајте го екранот и затегнете го садот на предчистачот.
7. Отворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво за да го наполните предчистачот.
8. Стартувајте го моторот и нека работи 3—5 минути на ниски брзини во лер.



H98377 —UN—30SEP10

Филтер за предчистачот за гориво



RG11516 —UN—10NOV00

Деловите од предчистачот за гориво

A—Сад на предчистачот **B—О-прстен**

OUO6075,000456F -A8-20DEC16-1/1

Филтер за предчистење на гориво при тешки работни услови (опција)—Миење

ЗАБЕЛЕШКА: Не чистете го предчистачот за гориво и прво променете ги примарните и секундарните филтери за гориво на моторот истовремено. Тоа ќе предизвика потешко рестартирање на машината. Направете ја оваа постапка, а потоа моторот нека работи пред да ги смените примарниот и секундарниот филтер за гориво.

Предчистачот на гориво при тешки работни услови треба да биде исплакнат секогаш кога садот е половина полн со вода или кога ќе се појави дијагностички код на грешка. Ресетирајте го кодот по чистењето. Ако кодот е сеуште прикажан, погледнете за Филтерот за предчистење на гориво при тешки услови на работа (опција)—Замена и чистење.

Елементот на филтерот во сепаратор на вода може да се биде повратно измиван најмогу пет пати пред да биде заменет.

1. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот и заворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво.
2. Отворете ја завртката за испуст (A) на врвот на одделувачот на вода. Овозможете водата и прашината да се испуштат од елементот на филтерот и да се сталожат на дното од садот.
3. Притиснете врз испусниот вентил (B) и свртете спротивно од насоката на стрелките на часовникот за да ја испуштите водата и нечистотијата од садот.

ЗАБЕЛЕШКА: Како што се испушта горивото, водата од садот, се измива повеќе вода и нечистотија од филтерскиот елемент и се собира на дното од ссадот.



H100500 —UN—29JUN11

A—Завртка за испуштање **B—Вентил за испуштање**

4. Затворете го вентилот за испуштање и дозволете водата и прашината повторно да се наталожат.
5. Повторете ги чекорите 3 и 4 сè додека не се отстрани сета прашина и вода.
6. Затворете ја завртката за испуст и отворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво.
7. Свртете го клучот на ВКЛУЧЕНО, и нека остане така 60 секунди за да и овозможите на пумпата за гориво да го наполни систем за гориво и проверете да не има истекување.
8. Стартувајте го моторот и нека работи 3—5 минути на ниски брзини во лер. Ако машината не се стартира или престане да функционира, погледајте го одсекот за Пирмарниот и секундарниот елемент на филтер - заменување.

OUO6075,000469F -A8-21MAR17-1/1

Филтер за предчистење на гориво при тешки работни услови (опција)—Замена и чистење

Заменување на филтер

ЗАБЕЛЕШКА: Откако елементот на филтерот е измиван пет пати, исчистете го филтерот. Заменете го филтерот кога нема да се гледа светло кое е пуштено низ филтерот.

1. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот и заворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво.
2. Олабавете ги шрафовите на капакот рамномерно според прикажаниот редослед.

ЗАБЕЛЕШКА: Капакот и касетата со пружина повторно се користат, но заменување на елементот на филтерот треба да се инсталира.

3. Отстранете го капакот (A), касетата со пружина (B) и елементот на филтерот (C).
4. Инсталирајте заменување на филтерот и касета со пружина (B) претходно отстранети.
5. Проверете го дихтунгот на капакот (D) и заменете го ако е тоа потребно.
6. Монтирајте го капакот и затегнете според прикажаниот редослед.
7. Отворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво.
8. Свртете го клучот на ВКЛУЧЕНО, и нека остане така 60 секунди за да и овозможите на пумпата за гориво да го наполни систем за гориво и проверете да не има истекување.
9. Стартувајте го моторот и нека работи 3—5 минути на ниски брзини во лер. Ако машината не се стартира или престане да функционира, погледајте го одсекот за Пирмарниот и секундарниот елемент на филтер - заменување.

Чистење на филтерот

1. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот и заворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво.

ЗАБЕЛЕШКА: Користете сад за испуштање при испуштањето на гориво.

2. Отворете го вентилот за испуштање и испуштете го горивото од садот.
3. Олабавете ги шрафовите на капакот рамномерно според прикажаниот редослед.
4. Отстранете го капакот (A), касетата со пружина (B).
5. Подигнете го елементот на филтерот (C) до рачка.

RXA0084320 —UN—26SEP05



H91103 —UN—09APR08

A—Капак
B—Касета со пружина
C—Елемент на филтерот
D—Дихтунг

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете го филтерот од оштетувања. Ако е оштетен, инсталирајте го заменскиот филтер.

6. Измијте го филтерот и исчистете го со гориво или минерален алкохол.
7. Инсталирајте го лементот на филтерот и касетата со пружина.
8. Проверете го дихтунгот на капакот (D) и заменете го ако е тоа потребно.
9. Ставете ги капакот и завртките со глава и оставете ги завртките со глава затегнати само со рака.
10. Затегнете ги шрафовите со глава во редоследот кој е прикажан.
11. Отворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво.
12. Свртете го клучот на ВКЛУЧЕНО, и нека остане така 60 секунди за да и овозможите на пумпата за гориво да го наполни систем за гориво и проверете да не има истекување.
13. Стартувајте го моторот и нека работи 3—5 минути на ниски брзини во лер.

OUO6075,000456E -A8-20DEC16-1/1

Примарен и секундарен филтерски елемент за гориво—замена

ВНИМАНИЕ: Течноста под високиот притисок во цевките за гориво може да предизвика сериозни повреди. Само техничари запознаени со ваков тип на системи треба да извршуваат поправки. Пред да ги одвојувате цевките за гориво, сензорите или кои било други компоненти помеѓу пумпата за гориво под висок притисок и прскалките кај мотори со систем за вбризгување гориво под висок притисок Common Rail (HPCR), почекајте најмалку 15 минути откако моторот ќе престане со работа.

ЗАБЕЛЕШКА: Не чистете го предчистачот за гориво и не променувајте ги главниот и второстепениот филтер за гориво во исто време. Тоа ќе предизвика потешко рестартирање на машината. Извршете ја постапката за чистење на предчистачот на горивото, а потоа нека моторот поработи пред да ги променувате главниот и второстепениот филтер за гориво.

Променете ги главните и второстепените филтри за гориво ако се забележи намалување на перформансите или ако се појави дијагностички код за грешка. Ресетирајте го кодот по заменувањето на филтрите.

1. Вклучете го моторот да работи 3—5 минути на ниски брзини во лер, ако машината не работела претходно.
2. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот и заворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво.
3. Темелно исчистете ја надворешноста на филтерските елементи и монтажната област на филтерот.

ВНИМАНИЕ: Горивото во филтрите може да биде под притисок. Не отстранувајте ги филтрите без да го извршите следниов чекор.

ЗАБЕЛЕШКА: Користете сад за прифаќање кога го испуштате горивото и ги отстранувате филтрите за гориво.

4. **Стил А:** Испуштете го загадувањето кај горивото и ослободете го притисокот од примарниот филтер за гориво (A) и секундарниот филтер за гориво (B) со отварање на испусните вентили (C). Затворете ги вентилите за испуштање и отстранете ги филтрите за гориво.

   Стил В: Испуштете го загадувањето кај горивото и ослободете го притисокот од примарниот филтер за гориво (A) со отварање на испусниот вентил (C).

TS1343 —UN—18MAR92



H95381 —UN—16FEB10

Стил А



H115841 —UN—10SEP15

Стил В

A—Главен филтер за гориво
B—Второстепен филтер за гориво
C—Вентили за испуштање
D—Сад на сепараторот

Затворете го испусниот вентил и отстранете го и сочувајте го садот на одделувачот на вода (D).

ЗАБЕЛЕШКА: Од филтерското куќиште се испушта дополнително количество гориво.

5. Отстранете го главниот филтер за гориво и второстепениот филтер за гориво.

ВАЖНО: НЕ наполнувајте го предвреме со гориво кој било филтер за гориво.

ЗАБЕЛЕШКА: Подмачкајте ги заптивките на филтерот со дизел гориво пред да ги поставувате.

Продолжува на следната страница

6. **Само Стил Б:** Инсталирајте го претходно отстранетиот сад на одделувачот на вода на заменетиот примарен филтер за гориво.
7. Поставете го склопот на главниот филтер за гориво (A) на моторот. Затегнете го склопот на филтерот за 3/4 круг откако заптивката ќе дојде во контакт со куќиштето на филтерот.
8. Поставете го резервниот второстепен филтер за гориво (B). Затегнете го филтерот за 3/4 круг откако заптивката ќе дојде во контакт со куќиштето на филтерот.
9. Осигурете дека вентилите за испуштање (C) се затворени.
10. Отворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво.
11. Свртете го клучот 60 секунди на ВКЛУЧЕНО за да и овозможите на пумпата за гориво да го наполни систем за гориво.
12. Стартувајте го моторот и нека работи 3—5 минути на ниски брзини во лер.

OUO6075,00043C7 -A8-20DEC16-2/2

Систем за гориво — испуштање



H95383 —UN—16FEB10

Ниво 2/фаза II (Стил A)



H95428 —UN—19FEB10

Ниво 2/фаза II (Стил B)



H95337 —UN—12FEB10

Конечено Ниво 4/Фаза IV (Стил A)



H95403 —UN—17FEB10

Конечен Ниво 4/Фаза IV (Стил B)

A—Пумпа за гориво

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да вршите работи за одржување.

Може да навлезе воздух во системот за гориво кога се врши менување на филтрите за гориво или кога машината останала без гориво. Воздухот во системот за гориво може да го спречи стартувањето на моторот. Ако моторот не стартува, свртете го клучот на ВКЛУЧЕНО, и нека остане така 60 секунди за да и овозможите на пумпата за гориво (A) да го наполни систем за гориво.

OUO6075,00044DA -A8-17NOV16-1/1

Систем за ладење — испуштање



TS281 —UN—15APR13

H106843 —UN—08FEB13

Ниво 2/фаза II (Стил A)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот. Внимавајте да не бидете попарени кога го отворате капакот на напливниот резервоар. Никогаш не отворајте го капакот кога моторот е жежок. Полека отворете го капачето за да го ослободите притисокот.

ЗАБЕЛЕШКА: Испустот на радијаторот е од предната страна на радијаторот.

Кога се користи Cool-Gard™ II или COOL-GARD™ II PG, интервалот за празнење е 6 години или 6000 работни часа.

Доколку се користи течност за ладење поинаква од COOL-GARD™ II или COOL-GARD™ II PG, интервалот на празнење треба да се намали на две години или 2000 работни часа.

Течноста за ладење мора да се испразни и замени.
Течноста за ладење мора да се испразни и замени.

Cool-Gard е заштитен знак на Deere & Company



H106844 —UN—08FEB13

Ниво 2/Фаза II (Стил B)
Конечено ниво 4/Фаза IV

A—Вентил за испуштање

Отворете го испусниот вентил (A) на радијаторот.

Продолжува на следната страница



H104941 —UN—28FEB12

Предна страна на моторот (ниво 2/фаза II) (Стил А)



H104942 —UN—28FEB12

Над коленесто вратило (Ниво 2/фаза II) (стил В)



H104943 —UN—28FEB12

Предна страна на мотор (конечно ниво 4/фаза IV) (стил А)



H104944 —UN—28FEB12

Задна страна на мотор (конечно ниво 4/фаза IV) (стил В)

А—Вентил за испуштање

Отворете го испусниот вентил (А) на блокот на моторот.

OUO6075,00044DB -A8-20DEC16-2/3

Отворете го капакот на напливниот резервоар (А) за да овозможите разладното средство побрзо да се испушти.

Затворете ги одводите на радијаторот и наполнете го системот со чиста вода.

Поставете го капакот на напливниот резервоар и работете со моторот додека не ја постигне работната температура со ВКЛУЧЕН грејач.

ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, внимателно отстранете го капакот на напливниот резервоар и испуштете ја водата пред да се наталожат ’рѓа или талози.

Затворете ги одводите на радијаторот и наполнете го системот со раствор од чиста вода и чистач за системи за ладење John Deere PT500 или негов еквивалент. Следете ги упатствата на чистачот.

По употребата на чистачот, измијте го системот со чиста вода и испуштете.

Затворете го испустот на радијаторот и наполнете го системот. Погледнете систем за разладување—Полнење во овој дел за постапката за полнење. Течноста за ладење мора да се испразни и замени.



H105924 —UN—05OCT12

А—Капак на напливниот резервоар

OUO6075,00044DB -A8-20DEC16-3/3

Систем за ладење — полнење

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот. Внимавајте да не бидете попарени кога го отворате капакот на напливниот резервоар. Никогаш не го отварајте капачето кога моторот е жежок и никогаш не го полнете разладниот систем кога моторот е прегреан. Полека отворете го капачето за да го ослободите притисокот. Полнете го бавно разладното средство. Проверете го нивото на разладното средство кога моторот е ладен.

ВАЖНО: На напливниот резервоар и на радијаторот се користи специјален капак. Ако капакот е оштетен или недостига, мора да биде заменет со еквивалентен капак.

Никогаш не полнете ладна вода во врел мотор затоа што може да пукне блокот на цилиндарот или неговата глава. НЕ работете со моторот без разладно средство.

Отстранете го капакот на напливниот резервоар (A) и наполнете додека течноста не дојде до линијата "Max Cold" (B) (макс. ладно).

Поставете го капакот на напливниот резервоар, ВКЛУЧЕТЕ го грејачот и работете со моторот додека не се достигне работната температура.

Внимателно отстранете го капакот од напливниот резервоар и наполнете по потреба. Поставете го капакот на напливниот резервоар.



H105922 —UN—05OCT12

A—Капак на напливниот резервоар

B—Линија Max Cold (макс. ладно)

Кога моторот е ладен, нивото на разладното средство треба да биде на линијата "Max Cold" (макс. ладно).

ЗАБЕЛЕШКА: Нивото на разладното средство мора да биде помеѓу линиите "Max Cold" (макс. ладно) и "Min Cold" (мин. ладно). Ако разладното средство е под линијата "Min Cold" (мин. ладно), додајте разладно средство по потреба.

OUO6075,00041C9 -A8-27JAN16-1/1

Систем за ладење - Зимски услови

ВАЖНО: Не го цедете системот за ладење за заштита против замрзување. Грејачот не се исшушти во целост, така ќе дојде до штета.

Пред ладно време, осигурајте се системот за ладење да поседува доволно средство против замрзнување. Користете сигурен бренд на постојан вид на етилен гликол антифриз кој содржи инхибитор на рѓа и подмачкувач за пумпата за вода, но не содржи адитив за запирање на истекување. Погледнете за горива и подмачкувачи во овој прирачник за точни препораки.

Откако ќе го додадете антифризот, вклучете го грејачот и оставете го моторот да работи додека ја постигне работната температура. На тој начин се размешува растворот и кружи низ целиот систем.

OUO6075,00043AF -A8-11OCT16-1/1

Филтери на прочистувачи за воздух - отстранување

ВАЖНО: Кога ги сервисирате филтрите, ИСКЛУЧТЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот за да не навлезе прашина во моторот.

Сервисирајте ги филтрите само кога иконата за филтерот за воздух во машината е прикажана на приказот на потпирачот за раце.

Откачете го капакот против прашина (A) и извадете го примарниот филтер за воздух (B).

Одвртете го безбедносниот филтер (C) во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот за да го отстраните. Безбедносниот филтер ја спречува нечистотијата да помине преку оштетен главен филтер.

ВАЖНО: Никогаш не ги измивајте, четкајте или чукајте елементите. Ако го издувате главниот елемент, користете сув компримиран воздух (500 kPa; 72.5 psi). Исчистете го елементот од внатре кон надвор обезбедувајќи дека врвот на пиштолот за воздух не дојде во контакт со хартијата на филтерот.

Никогаш не чистете го безбедносниот елемент. Заменете го ако е нечист.

Никогаш не го оставајте моторот да работи ако двата филтри не се на место.

Сервисирајте ги филтрите по потреба.

Поставете го безбедносниот филтер и вртете го со раката, додека не се затегне, во насока на движењето на стрелките на часовникот.

Најпрвин го инсталирајте воздушниот филтер и капакот против прашина.

Проверете ги сите приклучоци во системот за влез на воздух. Погрижете се тие да се прицврстени.



H111135 —UN—25APR14



H111136 —UN—25APR14

A—Капак против прашина
B—Главен воздушен филтер
C—Безбедносен филтер

ВАЖНО: Не користете единица за чистење со издувување за да ја издувате плевата од комбајнот. Ако користите ваква единица, филтерот за воздух може да престане да работи, а по него и моторот.

OUO6075,00017D4 -A8-25APR14-1/1

Систем на воздушен компресор (ако има во опрема)

H112987 —UN—20FEB15



H115838 —UN—09SEP15



H115575 —UN—21AUG15



H112990 —UN—20FEB15

A—Резервоар
B—Спојка на црево за воздушен компресор
C—Спојка на црево за воздушен компресор
D—Црево за воздушен компресор/Прачка
E—Црево за воздушен компресор/Прачка

ВАЖНО: Никогаш не ги чистете воздушните моторни филтери или воздушните филтери за заштита на моторот од нечистотија, додека работи моторот на машината.

ЗАБЕЛЕШКА: За оптимални перформанси на воздушниот компресор, моторот мора да работи за да обезбеди постојано снабдување со воздух.

Не се препорачува за пумпање гуми на машината или за работа со со алатки на пневматика.

Не се препорачува да се користат двете поврзувања на спојките истовремено.

Воздушниот компресор е на моторната платформа и резервоарот (A) е од десната страна на машината.

Спојката на цревото на воздушниот компресор (B) е од левата страна на машината и спојката на цревото на воздушниот компресор (C) е на моторната платформа.

На воздушниот компресор цревото/прачката (D) е од левата страна на машината и на воздушниот компресор цревото/прачката (E) е на моторната платформа.

OUO6075,000412E -A8-21MAR16-1/1

Одржување и сервис на филтер за дизел честички (конечно ниво 4/фаза IV)

Филтерот на издувните гасови се состои од дизелски оксидациски катализатор и филтер за дизел честички (DPF). DPF е дизајниран за задржување на преостанатата пепел, која е незапалив резултат од адитиви употребени во маслата за подмачкување на картерот и горивото. DPF овозможува многу работни часови без потреба од одржување. Во некој момент, DPF ќе има потреба од професионално сервисирање за да се отстрани акумулираната преостаната пепел. Точниот број на работни часови пред да биде потребно сервисирање ќе варира во зависност од категоријата на моќност на моторот, работниот циклус и работните услови, содржината на пепел во маслото на моторот и квалитетот на горивото. Почитувањето на препораките за масло од John Deere како и на спецификациите за гориво ќе го зголемат бројот на работните часови пред да биде потребно професионално сервисирање на DPF.

Како сопственик на моторот, Вие сте одговорни за извршување на потребното одржување, како што е тоа опишано во Вашиот прирачник за користење. За време на нормално работење со опрема, потребата за одржување на DPF ќе зависи од степенот на акумулирање на пепелта. Општо земено, DPF кај моторите над 175 к.с. / 130 kW ќе имаат потреба од сервисирање на околу 4.500 работни часови. Како што се зголемува нивото на пепел во DPF, капацитетот на складирање на саги е намален и задниот притисок на системот на издувни гасови ќе се зголемува почесто. Ќе се појави дијагностички код за грешка кој ќе прикаже кога DPF има потреба од сервисирање.

Отстранувањето на пепел во DPF мора да се изврши со отстранување на DPF од машината и поставување во специјализирана опрема. Не отстранувајте ја пепелта со користење вода или други хемикалии. Отстранувањето на пепел со вакви методи може да го оштети материјалот кој го држи DPF во неговата кутија што ќе предизвика олабавување на елементот



H115641 —UN—27AUG15

на DPF во кутијата и ќе биде подлежен на оштетување при вибрации.

Непочитувањето на одобрените методи за отстранување на пепел може да значи кршење на американските сојузни, државни и локални закони за опасен отпад, заедно со оштетување на DPF што ќе резултира во потенцијално нарушување на гаранцијата поради емисии од филтерот на издувните гасови. Строго се препорачува да го однесете DPF на овластен сервисер на John Deere опрема или на друг квалификуван сервисер за истиот да биде сервисиран.

Кога е вклучен режимот за чистење АВТОМАТСКИ или во ПАРКИРАНА СОСТОЈБА, температурата на издувните гасови може да биде висока во услови без оптоварување или со мало оптоварување и во одредено време во текот на циклусот на чистење на филтерот за издувните гасови.

Исклучете го системот за чистење на филтерот за издувните гасови во услови кога тоа не е безбедно за зголемени температури на издувните гасови.

Исклучете го автоматскиот систем за чистење на издувните гасови само кога тоа е потребно.

OUO6075,0004135 -A8-26AUG15-1/1

Издувен филтер / справување и отстранување на пепел кај филтер за дизел честички (конечно ниво 4/фаза IV)

ВНИМАНИЕ: Според федералните, државните и/или локалните закони и прописи, пепелта од филтерот за дизел честички може да се класифицира како опасен отпад. Опасните отпади мора да се отстрануваат во согласност со применливите федерални, државни и локални закони или прописи кои го регулираат отстранувањето опасен отпад.

Само квалификуван сервисер треба да ја отстранува пепелта од DPF. При ракувањето и отстранувањето на DPF треба да се користи лична заштитна опрема и алишта, која се чува во санитарна и сигурна состојба. Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема или квалификуван сервисер за помош.

OUO6075,00012A2 -A8-17OCT12-1/1

Отстранување на филтер за издувни гасови (конечно ниво 4/фаза IV)

ВНИМАНИЕ: Потребно е соодветното управување со филтерот за издувните гасови кој е веќе при крај од неговата употребливост, затоа што пепелта или материјалот на катализаторот во уредот може да биде класифицирано како опасен отпад според федералните, државните и/или локалните правила и прописи. Употребените филтри на издувни гасови, кои го вклучуваат и филтерот за дизел честички, може да се промени во било кој трговец со John Deere опрема или квалификуван сервисер.

OUO6075,00012A3 -A8-11SEP13-1/1

Воздушен филтер за заштита на моторот од нечистотија—замена (конечно ниво 4/фаза IV)

ВАЖНО: Кога ги сервисирате филтрите, ИСКЛУЧТЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот за да не навлезе прашина во моторот.

Сервисирајте го филтерот само кога иконата за воздушниот филтер за контрола на отпадоци во моторот се прикажува на приказот на потпирачот за рака.

Отворете ги бравите (A) и извадете го капакот против прашина (B).

Отстранете го главниот воздушен филтер (C).

Отстранете го безбедносниот филтер (D) во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот. Безбедносниот филтер ја спречува нечистотијата да помине преку оштетен главен филтер.

ВАЖНО: Никогаш не ги измивајте, четкајте или чукајте елементите. Ако го издувате главниот елемент, користете сув компримиран воздух (500 kPa; 72.5 psi). Исчистете го елементот од внатре кон надвор обезбедувајќи дека врвот на пиштолот за воздух не дојде во контакт со хартијата на филтерот.

Никогаш не чистете го безбедносниот елемент. Заменете го ако е нечист.

Никогаш не го оставајте моторот да работи ако двата филтри не се на место.

Сервисирајте ги филтрите по потреба.

Поставете го безбедносниот филтер и вртете го со раката, додека не се затегне, во насока на движењето на стрелките на часовникот.

Поставете го главниот воздушен филтер.

Поставете го капакот и поставете ги бравите.



H111139 —UN—28APR14



H111140 —UN—28APR14

A—Брави
B—Капак против прашина
C—Главен воздушен филтер
D—Безбедносен филтер

OUO6075,00017D9 -A8-28APR14-1/1

Моторни ремени (Ниво 2/Фаза II)

A—Погонски ремен на ротациско сито, страна на ситото
B—Погонскиот ремен на ротациското сито, страна на моторот
C—Вентилатор за ладење, климатизација, ремен за компресор
D—Ремен за воздушен компресор (ако има во опрема)



H112798 —UN—17FEB15

OUO6075,00044DC -A8-07DEC16-1/1

Ремен на моторните придружни елементи/вентилаторскиот погон/воздушен компресор (ако има во опрема)—Замена (ниво 2/фаза II)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Повлечете го блокирачкиот клин (A) и завртете го гелендерот (B) нагоре се додека тој да се заклучи во место за да го отворите капакот за пристап до одделувачот (C).



H118329 —UN—04MAY16

A—Блокирачки клин
B—Држач за раце
C—Пристапен капак на сепараторот

OUO6075,00044DE -A8-21DEC16-1/8

Отстранете ги завртките со глава (A) и штитникот (B).

A—Завртки со глава (7 употребени)
B—Штитник



H106845 —UN—08FEB13

Предна страна на моторот

Продолжува на следната страница

OUO6075,00044DE -A8-21DEC16-2/8

Олабавете ги навртките (A) и отстранете го погонскиот ремен на ротационото сито (B).

A—Навртки

B—Погонски ремен на ротационото сито



H95701 —UN—15MAR10

OUO6075,00044DE -A8-21DEC16-3/8

Повлечете ги бравите (A) за да ја отворите вратата на ротационото сито (B).

A—Брави

B—Врата на ротационото сито



H106847 —UN—08FEB13

Продолжува на следната страница

OUO6075,00044DE -A8-21DEC16-4/8

Отстранете ги навртките (A) и олабавете ги стегачите на цревата (B).

Поставете го воздушниот канал (C) надвор од патеката.

A—Навртки (7 употребени)
B—Стегачи
C—Воздушен канал



H95647 —UN—10MAR10

OUO6075,00044DE -A8-21DEC16-5/8

Отстранете го штитникот (A).

A—Штитник



H95648 —UN—10MAR10

Продолжува на следната страница

OUO6075,00044DE -A8-21DEC16-6/8



H95699 —UN—15MAR10



H95702 —UN—15MAR10

Ремен на моторните придружни елементи/вентилаторскиот погон без воздушен компресор

Употребете хебла за да ја намалите затегнатоста на ременот на затегнувачката рака (A).

Отстранете го ременот (B) и поминете го ременот над сечилата на вентилаторот за да го отстранете.

Инсталирајте го заменскиот ремен преку перките на вентилаторот.

Употребете хебла за да ја намалите затегнатоста на ременот на затегнувачката рака за да го инсталирате заменскиот ремен.

A—Крак на затегнувачот

B—Помошен ремен на моторот/погонски ремен на вентилаторот



H1113079 —UN—02MAR15

Ремен на моторните придружни елементи/вентилаторскиот погон со воздушен компресор

Продолжува на следната страница

Поставете го погонскиот ремен на ротационото сито (B).

Затегнете ја навртката (A) се додека подлошката се позиционира меѓу крајот на елементот и долниот дел на скалилото.

Поставете го претходно отстранетиот штитник (предна страна).

Затворете ја пристапната врата на сепараторот и спуштете го држачот за раце.

Поставете ги претходно отстранетиот штитник (задна страна) и воздушниот канал.

Затворете ја и заклучете ја ротирачката решеткаста врата.



H95701 —UN—15MAR10

A—Навртки

B—Погонски ремен на ротационото сито

OUO6075,00044DE -A8-21DEC16-8/8

Ременот на ротационото сито - насочување

A—Ротациски екран
B—Ремен
C—Затегнувачи
D—Погонски ременик



H39170

H391170 —UN—11OCT88

OUO6075,00006CE -A8-05MAR10-1/1

Погонски ремен за ротирачки барабани-сита — замена (Ниво 2/фаза II)

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Повлечете го блокирачкиот клин (A) и завртете го гелендерот (B) нагоре се додека тој да се заклучи во место за да го отворите капакот за пристап до одделувачот (C).

A—Блокирачки клин
B—Држач за раце
C—Пристапен капак на сепараторот



H118329 —UN—04MAY16

Продолжува на следната страница

OUO6075,00044E1 -A8-07DEC16-1/3

Отстранете ги завртките со глава (A) и штитникот (B).

A—Завртки со глава (7 употребени)

B—Штитник



H106845 —UN—08FEB13

Предна страна на моторот

OUO6075,00044E1 -A8-07DEC16-2/3

Олабавете ги навртките (A) и отстранете го погонскиот ремен на ротационото сито (B).

Поставете го резервниот ремен и затегнете ги навртките додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното на основата.

Инсталирајте го претходно извадениот штит, затворете го капакот за пристап до одделувачот и спуштете ја рачката-гелендер.

A—Навртки

B—Погонски ремен на ротационото сито



H95701 —UN—15MAR10

OUO6075,00044E1 -A8-07DEC16-3/3

Ремен на мотор—Насочување (конечно ниво 4/фаза IV)

A—Компресор на клима уредот, ремен на алтернаторот

B—Погонски ремен на ротациско сито, страна на ситото

C—Ремен за променлива брзина на вентилатор

D—Погонскиот ремен на ротациското сито, страна на моторот

E—Погонскиот ремен за вакумски вентилатор, страна на вентилаторот

F—Погонскиот ремен за вакумски вентилатор, страна на моторот

G—Ремен за воздушен компресор (ако има во опрема)



H112962 —UN—25FEB15

OUO6075,00043B7 -A8-07DEC16-1/1

Компресор на системот за греење и ладење/ремен на алтернатор—Замена (конечно ниво 4/фаза IV)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Повлечете ги бравите (A) за да ја отворите вратата на ротационото сито (B).

A—Брави

B—Врата на ротационото сито



H106847 —UN—08FEB13

OUO6075,00043B9 -A8-15DEC16-1/7

Отстранете ги навртките (A) и олабавете ги стегачите на цревата (B).

Поставете го воздушниот канал (C) надвор од патеката.

A—Навртки (7 употребени)
B—Стегачи

C—Воздушен канал



H110003 —UN—18MAR14

Продолжува на следната страница

OUO6075,00043B9 -A8-15DEC16-2/7

Отстранете го штитникот (A).

A—Штитник



H95648 —UN—10MAR10

OUO6075,00043B9 -A8-15DEC16-3/7

Повлечете го блокирачкиот клин (A) и завртете го гелендерот (B) нагоре се додека тој да се заклучи во место за да го отворите капакот за пристап до одделувачот (C).

A—Блокирачки клин
B—Држач за раце
C—Пристапен капак на сепараторот



H118329 —UN—04MAY16

OUO6075,00043B9 -A8-15DEC16-4/7

Олабавете ги навртките (A) и отстранете го погонскиот ремен на ротационото сито (B).

Олабавете ги навртките (C) и отстранете го погонскиот ремен на вентилаторот за вакум (D).

A—Навртки
B—Погонски ремен на ротационото сито
C—Навртки
D—Погонски ремен на вакуумски вентилатор



H95655 —UN—10MAR10

Продолжува на следната страница

OUO6075,00043B9 -A8-15DEC16-5/7

Употребете хебла за да ја намалите затегнатоста на ременот на затегнувачката рака (A).

Отстранете го ременот (B) и поминете го ременот над сечилата на вентилаторот за да го отстранете.

Инсталирајте го заменскиот ремен преку перките на вентилаторот.

Употребете хебла за да ја намалите затегнатоста на ременот на затегнувачката рака за да го инсталирате заменскиот ремен.

A—Крак на затегнувачот **B—Ремен**



H95656 —UN—10MAR10

OUO6075,00043B9 -A8-15DEC16-6/7

Инсталирајте го погонскиот ремен на вентилаторот за вакум (D).

Затегнете ги навртките (C) така што предлошката да дојде во положба помеѓу крајот на мерачот и дното на основата.

Поставете го погонскиот ремен на ротационото сито (B).

Затегнете ја навртката (A) се додека подлошката се позиционира меѓу крајот на елементот и долниот дел на скалилото.

Затворете ја пристапната врата на сепараторот и спуштете го држачот за раце.

Поставете ги претходно отстранетиот штитник (задна страна) и воздушниот канал.

Затворете ја и заклучете ја ротирачката решеткаста врата.

A—Навртки
B—Погонски ремен на ротационото сито
C—Навртки
D—Погонски ремен на вакуумски вентилатор



H95655 —UN—10MAR10

OUO6075,00043B9 -A8-15DEC16-7/7

Погонски ремен за ротирачки барабани-сита—замена (конечно ниво 4/фаза IV)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Повлечете го блокирачкиот клин (A) и завртете го гелендерот (B) нагоре се додека тој да се заклучи во место за да го отворите капакот за пристап до одделувачот (C).

A—Блокирачки клин
B—Држач за раце
C—Пристапен капак на сепараторот



H118329 —UN—04MAY16

OUO6075,00043BB -A8-07DEC16-1/2

Олабавете ги навртките (A) и отстранете го погонскиот ремен на ротационото сито (B).

Поставете го резервниот ремен и затегнете ги навртките додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното на основата.

Затворете ја пристапната врата на сепараторот и спуштете го држачот за раце.

A—Навртки
B—Погонски ремен на ротационото сито



H95657 —UN—10MAR10

OUO6075,00043BB -A8-07DEC16-2/2

Погонски ремен на вентилатор со вакуум—Замена (конечно ниво 4/фаза IV)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Повлечете го блокирачкиот клин (A) и завртете го гелендерот (B) нагоре се додека тој да се заклучи во место за да го отворите капакот за пристап до одделувачот (C).

A—Блокирачки клин
B—Држач за раце
C—Пристапен капак на сепараторот



H118329 —UN—04MAY16

Продолжува на следната страница

OUO6075,00043BD -A8-07DEC16-1/2

Олабавете ги навртките (A) и отстранете го погонскиот ремен на ротационото сито (B).

Олабавете ги навртките (C) и отстранете го погонскиот ремен на вентилаторот за вакум (D).

Инсталирајте го заменскиот ремен на вентилаторот за вакум и затегнете ја навртката се додека подлошката се позиционира меѓу крајот на елементот и долниот дел на скалилото.

Поставете го погонскиот ремен на ротационото сито и затегнете ја навртката додека подлошката не се постави помеѓу крајот на мерачот и дното на основата.

Затворете ја пристапната врата на сепараторот и спуштете го држачот за раце.

A—Навртки
B—Погонски ремен на ротационото сито
C—Навртки
D—Погонски ремен на вакуумски вентилатор



H95655 —UN—10MAR10

OUO6075,00043BD -A8-07DEC16-2/2

Погонски ремен на вентилатор со вакуум—Замена (конечно ниво 4/фаза IV)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ги навртките (A) и отстранете го погонуваниот ремен на вакуумскиот вентилатор (B) сместен под радијаторот.

Поставете го резервниот погонуван ремен на вакуумскиот вентилатор.

Затегнете ја навртката се додека подлошката се позиционира меѓу крајот на елементот и долниот дел на скалилото.

A—Навртки
B—Погонуван ремен на вакуумски вентилатор



H95667 —UN—11MAR10

OUO6075,00043BF -A8-07DEC16-1/1

Погонски ремен на вентилатор со променлива брзина—Замена (конечно ниво 4/фаза IV)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

1. Повлечете ги бравите (A) за да ја отворите вратата на ротационото сито (B).

A—Брави

B—Врата на ротационото сито



H106847 —UN—08FEB13

OUO6075,00043C0 -A8-20DEC16-1/11

2. Отстранете ги навртките (A) и олабавете ги стегачите на цревата (B).
3. Поставете го воздушниот канал (C) надвор од патеката.

A—Навртки (7 употребени)
B—Стегачи
C—Воздушен канал



H110003 —UN—18MAR14

Продолжува на следната страница

OUO6075,00043C0 -A8-20DEC16-2/11

4. Отстранете го штитникот (A).

A—Штитник



H95648 —UN—10MAR10

OUO6075,00043C0 -A8-20DEC16-3/11

5. Отстранете ги завртките со глава (A) од склопот на вентилаторот (B).
6. Поставете го склопот на вентилаторот настрана од патеката.

A—Завртки со глава (6 употребени)

B—Склоп на вентилаторот



H95649 —UN—10MAR10

Продолжува на следната страница

OUO6075,00043C0 -A8-20DEC16-4/11

7. Отстранете ги завртките со глава (A) и граничниците (B).
8. Поставете ги претходно отстранетите завртки со глава додека пружината не е целосно компресирана.

A—Завртки со глава **B—Граничници**



H95650 —UN—10MAR10

OUO6075,00043C0 -A8-20DEC16-5/11

9. Повлечете го блокирачкиот клин (A) и завртете го гелендерот (B) нагоре се додека тој да се заклучи во место за да го отворите капакот за пристап до одделувачот (C).

A—Блокирачки клин
B—Држач за раце
C—Пристапен капак на сепараторот



H118329 —UN—04MAY16

OUO6075,00043C0 -A8-20DEC16-6/11

10. Најдете го вентилот од предната страна на шината за поддршка и олабавете ја завртката за испуст (A) за да го испуштите притисокот од макарите.

A—Завртка за испуштање



H95652 —UN—10MAR10

Продолжува на следната страница

OUO6075,00043C0 -A8-20DEC16-7/11

11. Со олабавена испусна завртка, повлечете ја макарата (A) кон моторот така да потполно да се отвори.
12. Отстранете го ременот со променлива брзина (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Пред инсталација на заменскиот ремен со променлива брзина, проверете го визуелно ременот за воздушниот компресор (ако има во опрема) дали е изабен. Заменете го ременот за воздушниот компресор (ако има во опрема) ако е потребно. Погледнете ремен на воздушен компресор (ако има во опрема)—Замена (конечно ниво 4/фаза IV) за повеќе информации.

Ременот за променлива брзина МОРА прво да биде инсталиран преку макарата што дава погон а потоа преку гонетата макара.

13. Инсталирајте го заменскиот ремен за променлива брзина.



H95653 —UN—31MAR10

A—Ременица **B—Ремен со променлива брзина**

OUO6075,00043C0 -A8-20DEC16-8/11

ВАЖНО: Пружината МОРА да биде одлабавена за да му се овозможи на вентилаторот со променлива брзина да ја прилагоди брзината.

14. Со инсталиран ремен за променлива брзина, отстранете ги завртките (A) за да ја олабавите пружината и да ги инсталирате претходно извадените одвојувачи (B) како што е прикажано.



H95650 —UN—10MAR10

A—Завртки со глава **B—Граничници**

Продолжува на следната страница

OUO6075,00043C0 -A8-20DEC16-9/11

15. Поставете го склопот на вентилаторот (A) така што индексните ознаки (B) се во положба на која било страна од главниот елемент (C).
16. Поставете ги претходно отстранетите завртки со глава (D). Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава—Вртлив момент.....40 N·m (30 lb·ft)



H95654 —UN—10MAR10

A—Склоп на вентилаторот
B—Индексни ознаки
C—Главен дел
D—Завртки со глава (6 употребени)

OUO6075,00043C0 -A8-20DEC16-10/11

17. Најдете го вентилот од предната страна на шината за поддршка и затегнете ја завртката за испуст и навртката (A) според спецификација.

Технички податоци (спецификации)

Завртка за испуштање и навртка—Вртлив момент.....23 N·m (17 lb·ft)

18. Затворете ја пристапната врата на сепараторот и спуштете го држачот за раце.
19. Поставете ги претходно отстранетиот штитник (задна страна) и воздушниот канал.
20. Затворете ја и заклучете ја ротирачката решеткаста врата.



H95652 —UN—10MAR10

A—Завртка за испуштање и навртка

OUO6075,00043C0 -A8-20DEC16-11/11

Ремен на воздушен компресор (ако има во опрема)—Замена (конечно ниво 4/фаза IV)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

1. Повлечете ги бравите (A) за да ја отворите вратата на ротационото сито (B).

A—Брави

B—Врата на ротационото сито



H106847 —UN—08FEB13

OUO6075,00043C1 -A8-07DEC16-1/12

2. Отстранете ги навртките (A) и олабавете ги стегачите на цревата (B).
3. Поставете го воздушниот канал (C) надвор од патеката.

A—Навртки (7 употребени)

B—Стегачи

C—Воздушен канал



H110003 —UN—18MAR14

Продолжува на следната страница

OUO6075,00043C1 -A8-07DEC16-2/12

4. Отстранете го штитникот (A).

A—Штитник



H95648 —UN—10MAR10

OUO6075,00043C1 -A8-07DEC16-3/12

5. Отстранете ги завртките со глава (A) од склопот на вентилаторот (B).
6. Поставете го склопот на вентилаторот настрана од патеката.

A—Завртки со глава (6 употребени)

B—Склоп на вентилаторот



H95649 —UN—10MAR10

Продолжува на следната страница

OUO6075,00043C1 -A8-07DEC16-4/12

7. Отстранете ги завртките со глава (A) и граничниците (B).
8. Поставете ги претходно отстранетите завртки со глава додека пружината не е целосно компресирана.

A—Завртки со глава
B—Граничници



H95650 —UN—10MAR10

OUO6075,00043C1 -A8-07DEC16-5/12

9. Повлечете го блокирачкиот клин (A) и завртете го гелендерот (B) нагоре се додека тој да се заклучи во место за да го отворите капакот за пристап до одделувачот (C).

A—Блокирачки клин
B—Држач за раце
C—Пристапен капак на сепараторот



H118329 —UN—04MAY16

OUO6075,00043C1 -A8-07DEC16-6/12

10. Најдете го вентилот од предната страна на шината за поддршка и олабавете ја завртката за испуст (A) за да го испуштите притисокот од макарите.

A—Завртка за испуштање



H95652 —UN—10MAR10

Продолжува на следната страница

OUO6075,00043C1 -A8-07DEC16-7/12

11. Со олабавена испусна завртка, повлечете ја макарата (A) кон моторот така да потполно да се отвори.
12. Отстранете го ременот со променлива брзина (B).

A—Ременица

B—Ремен со променлива брзина



H95653 —UN—31MAR10

OUO6075,00043C1 -A8-07DEC16-8/12

13. Употребете хебла за да ја намалите затегнатоста на ременот на затегнувачката рака (A).
14. Отстранете го ременот за воздушниот компресор (B).
15. Инсталирајте го заменскиот ремен на воздушниот компресор.

ЗАБЕЛЕШКА: Ременот МОРА прво да биде инсталиран преку макарата што дава погон а потоа преку гонетата макара.

16. Инсталирајте го ременот за променлива брзина.

A—Крак на затегнувачот

B—Ремен за воздушен компресор



H113087 —UN—02MAR15

Продолжува на следната страница

OUO6075,00043C1 -A8-07DEC16-9/12

ВАЖНО: Пружината МОРА да биде одлабавена за да му се овозможи на вентилаторот со променлива брзина да ја прилагоди брзината.

17. Со инсталиран ремен за променлива брзина, отстранете ги завртките (A) за да ја олабавите пружината и да ги инсталирате претходно извадените одвојувачи (B) како што е прикажано.

A—Завртки со глава **B—Граничници**



H95650 —UN—10MAR10

OUO6075,00043C1 -A8-07DEC16-10/12

18. Поставете го склопот на вентилаторот (A) така што индексните ознаки (B) се во положба на која било страна од главниот елемент (C).
19. Поставете ги претходно отстранетите завртки со глава (D). Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

